2. Одлука за ангажирање на проф. д-р Никола Ангелов како визитинг професор на Факултетот за медицински науки;
3. Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на Правилникот за внатрешните односи и работење на Правниот факултет;
4. Одлука за усвојување на катедри на единиците на Универзитетот;
5. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисијата за финансии, инвестиции и развој;
6. Одлука за стипендирање на трет циклус студии на вработените во наставата на Универзитетот;
7. Одлука за распишување на Јавен повик за прибирање на понуди за склучување на договори за деловно-технички соработки за потребите на Универзитетот за давање на угостителски услуги во наставните центри во Прилеп, Кавадарци, Радовиш, Кочани и во Скопје;
8. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2013 година;
9. Одлука за усвојување на Предлог-план „УГД сцена“ за 2013 година;
10. Одлука за одредување на надомест врз основа на барање поднесено од „Наром травел“ – Скопје;
11. Одлука за склучување на Договор за деловно-техничка соработка со Македонска православна црква – Охридска архиепископија, Брегалничка православна епархија – Православен митрополит Брегалнички;
12. Одлука за склучување на Договор за одржување на софтвер за систем за материјално-финансиско работење со „Синерџи“ ДОО – Скопје;
13. Одлука за склучување на Договор за одржување и техничка поддршка со „Интек систем“ ДОО – Скопје;
14. Одлука за склучување на Договор за конзервација на школски клупи од Училиштето „Св. Кирил и Методиј“ – Штип за опремување на спомен-собата во Ректоратот на Универзитетот;
15. Одлука за склучување на Договор за изработка на скулптура на Аристотел;
16. Одлука за плаќање и кофинансирање на Универзитетот за потребите на Ботаничката градина, предвидена по проектот „Интегрирана селекција, заштита и промоција на балкански генетски шумски ресурси со естетска вредност – ISPROP FORGEN“;
17. Одлука за начинот на организирање на превоз на студенти на Универзитетот, за реализирање на практична настава, сè до спроведување на постапката за јавна набавка за превоз на студенти;
18. Одлука за усвојување на предлог-понуда од „Академик“ ДООЕЛ – Скопје за користење на електронската база на прописи www.akademika.com.mk;

19. Одлука за плаќање на електрична енергија по доставена фактура од СОУ „Димитар Мирасчиев“ – Штип, искористена од страна на Универзитетот;
20. Одлука за кофинансирање на Универзитетот при набавка на опрема предвидена по проектот „Impact of agricultural land use on biodiversity and regional of broomrapes (orobanchaceae) in the Balkans“;
21. Одлука за прифаќање на движни ствари – лабораториска опрема за потребите на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како донација од Владата на Р. Македонија.

**На 84. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 11.11.2013 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на студиска програма „Преработка и контрола на анимални производи“ за трет циклус студии во рамките на Кампус 2;
2. Одлука за усвојување на студиска програма Машинство за трет циклус студии во рамките на Кампус 2;
3. Одлука за усвојување на студиска програма Компјутерска техника и информатика за трет циклус студии во рамките на Кампус 2;
4. Одлука за усвојување на студиска програма Применета геологија и геофизика за трет циклус студии во рамките на Кампус 2;
5. Одлука за усвојување на студиска програма Наука за земјиштето и хидрологија за трет циклус студии во рамките на Кампус 2;
6. Одлука за усвојување на студиска програма Биотехнологија, селекција и семепроизводство за трет циклус на студии во рамките на Кампус 2;
7. Одлука за усвојување на студиска програма Полјоделско производство“ за трет циклус студии во рамките на Кампус 2;
8. Одлука за усвојување на студиска програма Наука и технологија за текстил за трет циклус студии во рамките на Кампус 2;
9. Одлука за усвојување на студиска програма Рударство за трет циклус студии во рамките на Кампус 2;
10. Одлука за усвојување на студиска програма Лозарство за трет циклус студии во рамките на Кампус 2;
11. Одлука за усвојување на студиска програма Енологија за трет циклус студии во рамките на Кампус 2;
12. Одлука за усвојување на студиска програма Фитомедицина за трет циклус студии во рамките на Кампус 2;
13. Одлука за започнување на постапки за акредитација на Лаборатории во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
14. Одлука за усвојување на Правилник за работата на Универзитетскиот хор и Универзитетскиот оркестар на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
15. Одлука за доделување стипендија на Даниела Кристо од Р. Албанија;
16. Одлука за доделување стипендија на Нико Ктани од Р. Албанија;
17. Одлука за усвојување на Барањето од Македонската православна црква – Охридска архиепископија, Брегалничка православна епархија – Православен митрополит Брегалнички;

18. Одлука за исплата на паричен надомест на лицето Лазар Јанчев од Гевгелија;
19. Усвојување на предлог-мислења од Комисија за нормативна и издавачка дејност;
20. Одлука за покривање на трошоците за загревање на просторот кој го користи Универзитетот во Национална установа Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип;
21. Одлука за формирање на Комисија за спроведување на попис на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за 2013 година.

## VI. ОДДЕЛ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

**Вовед**

Одделот за јавни набавки на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип завршува уште една успешна година исполнета со активности од најразличен вид и побогат со искуства од шестата година од примената на Законот за јавните набавки и подзаконските акти.

Водејќи се од латинската поговорка *Res, non verba (дела, не зборови),* го поднесуваме Годишниот извештај за работата на Одделот за јавни набавки за 2013 година.

Најпрвин ќе се осврнеме на Годишниот план за јавни набавки, заедно со измените и дополнувањата на овој план во текот на 2013 година.

Потоа, низ краток преглед, ќе ја осознаеме застапеноста на видовите постапки и предметите на набавките на спроведените постапки на Универзитетот.

**Донесување, измени и дополнувања на годишен план за јавни набавки**

Годишниот план за јавни набавки на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за 2013 година е усвоен со Одлуката за усвојување на План за јавни набавки за 2013 година на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип бр.0701-148/13 од 30.1.2012 год.

Во текот на 2013 година се извршени измени и дополнувања на Годишниот план за јавни набавки за 2013 година со следните одлуки:

1. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2013 година бр.0701-213/7 од 18.2.2013 год.;
2. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2013 година бр.0701-436/2 од 9.4.2013 год.;
3. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2013 година бр.0701-587/18 од 22.5.2013 год.;
4. Одлука за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2013 година бр.0701-857/11 од 15.8.2013 год.;
5. Одлука за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2013 година бр.0701-1049/8 од 20.10.2013 год.;
6. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2013 година бр.0701-1202/422 од 4.11.2013 год.

**Краток преглед на спроведени постапки**

Одделот за јавни набавки во текот на 2013 година спроведе 27 постапки со отворена постапка, од кои 9 постапки за набавка на стоки, 11 постапки за набавка на услуги и 7 постапки за набавка на работи - сите електронски со е-аукција.

Во рамките на отворена постапка водени се:

- постапката за набавка и резервација на авиобилети спроведени се купно 25 мини тендери;
- постапката за набавка на хотелски услуги се спроведени вкупно 51 мини тендери и
- постапката за набавка на услуги за копнен транспорт спроведени се вкупно 15 мини тендери.

**Постапки со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас** - спроведени се вкупно 39, од кои 23 постапки за набавка на стоки и 16 постапки за набавка на услуги.

**Постапки со преговарање без објавување на оглас** - вкупно 13 од кои 9 постапки за набавка на стоки, 2 постапки за набавка на услуги и 2 постапки за набавка на работи.

**Постапки по проекти (9 точка, 1 алинеја 1 од Законот за јавни набавки)**

1. Спроведена постапка по Одлука бр.0203-393/1 од 27.3.2013 год. за набавка на опрема за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, согласно со одредбите на Western Balkan Rural Extension Network through Curriculum reform (Project Reference No.158777-TEMPUS-1-2009-UK-tempus-JPCR), односно Проектот со наслов „Проширување на руралната мрежа во Западен Балкан преку реформа на наставните програми“.
2. Спроведување на постапки по Одлука бр.0701-1049/9 од 3.10.2013 год. по проект со наслов „Селекција, заштита и промоција на балкански јадливи шумски видови – FOOD FOREST PARKS“ или оригналното име „Selection, Protection and Promotion of Balkan Food Forest Species – FOOD FOREST PARKS”, со број на договор во ЕУ делегација во Скопје CRIS No. IPA/2010/DN022619/CN 314 207 од 1.7.2012 г., а во нашата архива е заверен под број 1402-762/1 од 2.7.2013 година и тоа:

– канцелариски материјал;
– материјали за видливост и публицитет;
– студија за пределно уредување;
– лабораториска опрема;
– лабораториски потрошен материјал за истражувања во областа на заштита на растенијата и почвени анализи.

<u>**Спроведени се пет постапки со склучување на анекси**</u>:

1. За продолжување на времетраењето на Договор за јавна набавка на работи по спроведена постапка по објавен Оглас бр.39/2011 бр.0203-1345/1-58 од 19.3.2012 год. за Дел 2 - Изведба на водовод, канализација и изолација на објект Дел 3 - Набавка на дизел агрегат, греење и ладење на објект во Ново Село за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, склучен со Друштво за трговија и услуги МАКОТЕРМ дооел Скопје.
2. За продолжување на времетраењето на Договор бр.0203-1345/1-56 од 19.3.2012 година за Дел 1 - Изведба на градежни работи и електрични инсталации на објект во Ново Село за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев”- Штип, склучен со Друштво за градежно-занаетчиски работи и трговија ДИЗАЈН дооел,Струмица до 25.6.2013 год.
3. За продолжување на времетраењето на Договор бр.0203-1345/1-56 од 19.3.2012 година за Дел 1 - Изведба на градежни работи и електрични

инсталации на објект во Ново Село за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип, склучен со Друштво за градежно-занаетчиски работи и трговија ДИЗАЈН дооел,Струмица до 31.8.2013 год.

4. Се продолжува Договор бр.0203-806/1-20 од 31.10.2012 година за санација на повреди на оптички кабел за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип по објавен Оглас бр.21/21/2012 склучен со Друштво за прокетирање, инженеринг, телекомуникации ,трговија и услуги МАРСИС ДАТА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО експорт-импорт Скопје до 31.12.2013 год.
5. За измена на динамиката на реализација наведена во член 5 од Договор бр.0203-478/1-34 од 23.8.2013 год. за набавка на услуга - сертифицирање на систем за управување со квалитет согласно со барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2008, согласно со спроведената постапка по Огласот бр. 20/2013.

Изработени се одлуки и во тек е постапка за објавување на огласи за уште 7 постапки за набавка на стоки и 5 постапки за набавка на услуги.

**<u>Табеларен преглед на постапки:</u>**

| Вид на постапка | Стоки | Услуги | Работи | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **Отворена постапка** | **9** | **11** | **7** | **27** |
| **Постапка со барање за прибирање на понуди** | **23** | **16** | **/** | **39** |
| **ППБО – постапка со преговарање без објавување на оглас** | **9** | **2** | **2** | **13** |
| **Постапки по проект** | **5** | **1** | **/** | **6** |
| **Постапки во тек – изработка на ТД и објавување на оглас** | **7** | **5** | **/** | **12** |
| **МИНИ ТЕНДЕРИ** | **/** | **Авио билети – 25 Копнен транспорт -15 Хотелски услуги -51 Вкупно : 91** | **/** | **91** |
| **Постапки по анекси - продолжување** | **/** | **1** | **4** | **5** |
| **ВКУПНО** | **50** | **130** | **13** | **193** |

**<u>Активности во Одделот за јавни набавки</u>**

**<u>Ажурирање на документација за сертификација</u>**

Раководителот на Одделот за јавни набавки на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип во рамките на својата надлежност во текот на 2013 година ја провери целата документација за сертификација на Универзитетот во делот на функционирање и надлежности за јавните набавки.

**<u>Ажурирање на документација за постапки (хартиена и електронска архива)</u>**

Сите класери се означени по години, број на огласи и рок на траење. По извршена самоевалуација за 2013 година класерите ќе бидат сместени во метални ормани кои ќе се заклучат и клучот ќе биде предаден во сефот.

Сите постапки се внесуваат во електронската архива Docu Share соодветно со потпишување на документација.

**<u>Семинари и стручни усовршувања</u>**

***- Non progredi est regredi – Да не напредуваш значи да одиш наназад***

**<u>Семинари</u>**

Во текот на 2013 година, согласно со проектот „Семинари за јавните набавки“ се одржаа семинари на следните теми:

| Датум на одржување на семинарот | Тема на семинарот | Број на учесници | Предавачи |
|---|---|---|---|
| 1.3.2013 г. | „Практични прашања во јавните набавки“ | 22 | Виолета Шаклева, раководител на Оддел за јавни набавки на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, сертифициран обучувач за јавни набавки<br>Доц. д-р Јанка Димитрова, проф. на Економски факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и овластен ревизор |
| 4-6.4.2013 г. Банско- Република Бугарија | „Практични прашања во јавните набавки“ - тридневен семинар | 19 | Виолета Шаклева, раководител на Оддел за јавни набавки на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, сертифициран обучувач за јавни набавки<br>М-р Марија Јованова (Биро за јавни набавки)<br>Горан Давидовски (Биро за јавни набавки) |
| 17-18.5.2013 г.<br>Струмица | „Јавните набавки во пракса“ - дводневен семинар | 16 | Виолета Шаклева, раководител на Оддел за јавни набавки на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, сертифициран обучувач за јавни набавки<br>Доц. д-р Јанка Димитрова, проф. на Економски факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и овластен ревизор |
| 29.11.2013 г. | „Примена во пракса – најнови измени на Законот за јавните набавки“ | 38 | Виолета Шаклева, раководител на Оддел за јавни набавки на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, сертифициран обучувач за јавни набавки |

На семинарите учествуваа вкупно 95 претставници на договорни органи и економски оператори од цела Македонија. Изразено е задоволство за организацијата и квалитетот на предавањата, како и потребата од уште поинтензивно организирање на ваков вид семинари.

**<u>Обуки на вработените и други видови на стручно усовршување</u>**

Согласно со најновите измени на ЗЈН и барањата за ресертификацијана обучувачите, раководителот на Одделот, Виолета Шаклева, во периодот од 20 до 22 декември 2012 година ја посети организираната обука од Бирото за јавни набавки на Правниот факултет во Скопје за ресертификација на обучувачи за јавни набавки, а потоа во текот на месец февруари 2013 година успешно ги положи теоретскиот и практичниот дел од испитот и се здоби со потврда за ресертификација за обучувач за јавни набавки.

Раководителот на Одделот за јавни набавки врши континуирани обуки на вработените во одделот и тоа:

– Почитување на позитивните законски прописи, кодекот на Универзитетот и етичкиот кодекс за службениците задолжени за постапките за доделување на договори за јавни набавки;
– На секретарите за јавни набавки – за правилна примена на правните прописи од оваа област;
– На референтите за јавни набавки – за правилно формирање, водење и чување на досието за секоја јавна набавка во хартиена и во електронска архива.

**<u>Соработка со економските оператори</u>**

Одделот за јавни набавки успешно соработува со економските оператори.

Пред сè, Одделот им стои на располагање на економските оператори по однос на одговарање на нивни прашања, упатување за начинот на изготвување на документацијата која е потребна да ја достават.

Оваа соработка се одвива во согласност со принципите на Законот за јавни набавки, Кодексот на однесување на вработените на Универзитетот и Етичкиот кодекс на службениците задолжени за спроведување на јавни набавки.

**<u>Одржување на веб просторот за јавни набавки</u>**

Раководителот на Одделот за јавни набавки редовно се грижи за одржување и ажурирање на веб просторот за јавни набавки на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Во делот законска регулатива – редовно се врши ажурирање по однос на измени и/или дополнувања на одредени прописи.

Во делот контакти и линкови по потреба се ажурираат податоците.

Брошурата „ЈАВНИ НАБАВКИ“ за начинот на користење на овој веб простор редовно се доставува до понудувачите и другите економски оператори.

**Предлози за подобрување на работата на Одделот за јавни набавки**

Во „Службен весник на РМ“ ( 148/2013) е објавен Закон за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки. Овој Закон воведува многу битни измени и дополнувања од кои некои се веќе влезени во сила, некои влегуваат во сила на 1.1.2014 год., а некои влегуваат на сила на 1.5.2014 година.

Раководителот на Одделот за јавни набавки одржа презентација за овие измени пред  проф.д-р Саша Митрев, ректор на Универзитетот, проректорот за наука проф. д-р Блажо Боев, проректорот за развој, инвестиции и одржување доц. д-р Кирил Барбареев и генералниот секретар м-р Ристо Костуранов.

Претпоставки за успешно спроведување на постапките за јавни набавки и другите активности во Одделот за јавни набавки се:

**Просторни услови**

Потребна е посебна просторија за вработени во одделот за ЈН, односно лица од други сектори да не бидат во истата просторија, заради природата на работата.

Претходните услови ќе обезбедат МАКСИМАЛНА КОНЦЕНТРАЦИЈА, што е потребно особено со оглед на најновите измени и дополнувања на  Законот за јавни набавки, а од друга страна постојат ЗАКОНСКИ рокови за завршување на една постапка.

***Кадровска екипираност***

Кај Оддел за ЈН:

– раководител на Оддел;
– секретари за ЈН – најмалку двајца редовно вработени – ослободени од други ангажмани и обврски;
– референт за ЈН.

Оддел за планирање, инвестиции и развој:

– најмалку двајца референти за испитување и анализа на пазарот, соработка и одговарање на прашања при измена на ТД, проверка на цени во тек на евалуација на понуди, проверка на цени по е-аукција и проверка на реализација на договор.
- Стручни комисии – лица согласно со струката, а не работно место, способни да изработат квалитетни спецификации без ограничување на конкуренцијата.

Утврдување на одговорност согласно со ЗЈН, неговите измени и дополнувања – да се персонализира одговорноста.

- Одговорно лице – ректор.
- Раководител на Оддел за ЈН – за секоја постапка во Одделот, а и како член на Комисија за ЈН.
- Секретари за ЈН – за  постапката која ја работат, а и како членови на Комисија за ЈН.

- Претседател на Комисија за ЈН – одговорност како претседател, а и како лице што одобрува технички спецификации и сите услови на ТД.
- Генерален секретар - одговорност како лице што одобрува технички спецификации и сите услови на ТД.
- Референт од Оддел за планирање – во доменот на неговите надлежности.
- Стручни лица – за предлог-спецификациите.

***Систем на контрола***

Согласно со предлогот за персонализирана одговорност, а заради вршење на контрола, потребно е секој поединечно да доставува изјава за тоа дека е запознаен со Законот за јавните набавки, неговите измени и дополнувања, особено во поглед на казнената одговорност и дека доделената работа ја извршил одговорно, со целосна материјална и кривична одговорност, односно да се доставува:

- Потпишана изјава со образложение од стручни лица (за секоја постапка за која изработиле спецификации);
- Потпишана изјава од референт за планирање;
- Потпишана изјава од лица кои одобруваат спецификации и ТД – во спротивно извештај со образложение;
- Потпишана изјава од референт за ЈН - за тоа дека секоја постапка е уредно архивирана согласно со ЗЈН;
- Потпишана изјава од секретар за ЈН – за постапка која ја работи – дека постапката е спроведена одговорно и согласно со ЗЈН;
- Потпишана изјава од раководител за ЈН – за секоја постапка дека ДЕТАЉНО ја има прегледано документацијата;
- Мислење од овластен внатрешен ревизор.

***Минимизирање на казнена одговорност***

Одговорноста, а посебно казнената одговорност согласно со воспоставениот систем на работа и контрола на УГД изразен по нивоа е следен:

- ПРВО НИВО – ректор и раководител на Оддел за ЈН;
- ВТОРО НИВО – претседател на Комисија за ЈН и генерален секретар;
- ТРЕТО НИВО – секретар за ЈН;
- ЧЕТВРТО НИВО – стручни лица и референт за ЈН;
- ПЕТТО НИВО – референт од Оддел за планирање;
- ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР ИЛИ АГЕНЦИЈА – НЕМА КАЗНЕНА ОДГОВОРНОСТ.

***Мотивираност***

Со оглед на сето напред наведено, обемноста на работата и зголемената одговорност, прашање кое е од витално значење за работата во Одделот за јавни набавки е како да се помине од демотивираност кон мотивираност.

Сметаме дека е потребно да се внимава на следните моменти:

1. Постапките за јавни набавки на УГД се во електронска форма и 95% од документите за една постапка се потпишуваат електронски – нема можност за поправка, документот се прикачува во ЕСЈН

– Поради тоа. потребно е ДА НЕ СЕ БРЗА СО ПОСТАПКИТЕ, ОБМИСЛЕНО ДА СЕ СПРОВЕДУВААТ СО МАКСИМАЛНА КОНЦЕНТРАЦИЈА И ВНИМАНИЕ;

2. Потпишување на документи – по електронска пошта ќе се испраќа потсетување за потпис, во интерес на законски рокови за завршување на постапките;
3. Соработка на стручни лица во Комисијата со Оддел за планирање, Оддел за ЈН и Оддел за сметководство треба да биде на МАКСИМАЛНО НИВО;
4. КАЗНЕНА ОДГОВОРНОСТ – НЕМА ПАРИ СО КОИ МОЖЕ ДА СЕ НАДОМЕСТИ, а предизвикува:

– Зголемен притисок и зголемена одговорност на ректор, претседател на Комисија за ЈН и генерален секретар;
– Зголемен притисок и зголемена одговорност на стручни лица, зголемување на додаток за учество во стручни комисии.

5. Вработени во Оддел за јавни набавки

– Неспоредлив притисок и одговорност во однос на другите референти, секретари и раководители на УГД.

НЕ ПОСТОИ НИЕДНО ДРУГО РАБОТНО МЕСТО НА УГД ЗА КОЕ СО LEX SPECIALIS Е ОПРЕДЕЛЕНА КАЗНЕНА ОДГОВОРНОСТ - Во РМ – казнена одговорност имаат само инспектори од финансиска полиција во lex specialis.

**Предлог:**

1. Измена и дополнување на Правилник за систематизација – со внесување на казнена одговорност и зголемен притисок на работно место;
1. Измена и дополнување на Правилник за плати со внесување во табелата на следните посебни работни места:

– Раководител на Оддел за ЈН – зголемување на основна плата од 788;
– Секретар на Оддел за ЈН - зголемување на основна плата од 788;
– Референт на оддел за ЈН - зголемување на основна плата од 788.

Како пример за изработени акти во Одделот за јавни набавки е следниот:

За постапки во Одделот за јавни набавки реализирани од 1.1.2013 до 30.9.2013 година се изготвени од вработените во Одделот вкупно 1.418 акти кои СЕКОЈ ОД НИВ имаат од 1 до максимум 100 страници.

Секој од овие акти се потпишува и електронски и во хартиена форма, се става во DocuShare и во ЕСЈН – значи се обработува четири пати 1418x4=5672.

Во овие акти не е вклучена евалуацијата – преглед на понудите на понудувачите – дали ја доставиле бараната документација и дали е

исправна – работа која во зависност од обемноста на документацијата за еден понудувач може да одземе од најмалку 1 час до 5 часа.

Одделот за јавни набавки и понатаму во своето работење со уште поголема внимателност, согласно со најновите измени и дополнувања на Законот за јавни набавки, ќе ги реализира постапките и сите доделени задачи.

## VI. КАБИНЕТ НА ПРОРЕКТОР ЗА НАУКА

Извештајот за работата на Кабинетот на проректорот за наука за 2013 година содржи активности реализирани согласно со надлежноста на проректорот за наука и работите и работните задачи на вработените во Одделот за втор и трет циклус студии кои биле планирани и дополнителни активности кои произлегоа од актуелните прашања и случувања.

Планираните активности за работа за 2013 год. се реализирани во целост.

Во текот на 2013 година се реализирани и дополнителни активности, а согласно со потребите на Универзитетот.

Во спроведувањето на активностите во тековната 2013 година непосредно се соработуваше со единиците на Универзитетот и универзитетските центри.

Во текот на 2013 година, Кабинетот на проректорот за наука работеше со еден проректор за наука, еден секретар за правни прашања и студентски прашања за втор и трет циклус студии каде што се вработени двајца референти и еден раководител, кој воедно е раководител и на студентски прашања и на првиот циклус студии.

Во учебната 2012/2013 година се реализирани многубројни активности поврзани со вториот и третиот циклус студии.

Процесуирани се:

1. Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на втор циклус студии;
2. Постапки за одбрана на специјалистички и магистерски трудови;
3. Промоција на магистрирани студенти;
4. Реализирање на Конкурс за запишување на студенти на втор циклус студии за учебната 2013/2014 година;
5. Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на трет циклус студии;
6. Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите – докторанди;
7. Постапка за одбрана на докторски труд;
8. Административна поддршка на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 и Совет на докторски студии на ниво на Кампус 4;
9. Конкурс за запишување на студенти на трет циклус студии - докторски студии за учебната 2013-2014 година;
10. Промоција на доктори на науки;
11. Процесуирање на постапките за избор на соработници и наставници на единиците на Универзитетот;
12. Изработка на предлог-акти за потребите на Универзитетот;
13. Постапки за одобрување на стипендии за трет циклус студии – докторски студии на вработени соработници на Универзитетот;

14. Постапките за одобрување на средства за финансирање на научноистражувачки проекти;
15. Постапки за доделување на годишни награди на вработените за објавен научен труд или стручен труд во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор;
16. Постапките за одобрување на користење на флексибилно работно време за наставниците на Универзитетот, како и други тековни активности.

1. **Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на втор циклус студии**

Службата за студенти ги опслужува сите тринаесет единици на Универзитетот, а на кои се реализира втор циклус студии.

Одделот за настава за втор и трет циклус студии во календарската 2013 година има процесирано околу (500) петстотини различни барања и молби од студенти на втор циклус студии.

2. **Постапки за одбрана на специјалистички и магистерски трудови**

Процесирањето најавните одбрани на специјалстичките/магистерските трудови на студентите на единиците се врши со административна поддршка на комисиите за одбрана од страна на секретарите на единиците или секретарот за правни прашања во кабинетот на проректорот за наука. Во текот на 2013 година процесуирани се одбрани на магистерски/специјалистички трудови на десет единици на Универзитетот.

3. **Промоција на магистрираните студенти**

Во рамките на прославата на патрониот ден на Универзитетот, беше организирана и процесуирана постапка за промоција на магистрираните/специјализираните студенти од сите единици на Универзитетот кои изведуваат втор циклус студии.

4. **Реализирање на Конкурс за запишување на студенти на втор циклус студии за учебната 2013/2014 година;**

Во текот на оваа година Универзитетот објави и реализираше Конкурс за запишување на студенти на втор циклус студии за учебната 2013/2014 година.

Конкурсот беше распишан за сите тринаесет единици на универзитетот за вкупно 120 студиски програми и модули.

Во реализацијата на овој конкурс учествуваа конкурсни единици на единиците и универзитетската конкурсна комисија.

5. **Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на трет циклус студии**

Во текот на извештајната година процесуирани се сите молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на трет циклус студии.

Студии на трет циклус во учебната 2012/2013 г. се реализираат на Кампус 2 на седум студиски програми: Компјутерска техника и информатика, Рударство, Применета геологија и геофизика, Заштита на растенијата, Животна средина, Наука за земјиштето и хидрологија, Растително производство.

Во календарската 2013 година се процесуирани сите поднесени различни барања и молби од студенти на трет циклус студии.

6. **Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите – докторанди**

Во календарската 2013 година се процесуирани сите поднесени барања и молби од студентите докторанди.

Студенти докторанди (со пријава на докторат) има само на Факултетот за природни и технички науки.

7. **Постапка за одбрана на докторски труд**

Во состав на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип е и Факултетотза природни и технички науки – факултет кој и претходно имаше постапки за одбрани на докторски дисертации. Во извештајната година беше процесуирана одбрана на докторската дисертација на докторандот Ферат Шаља, Ристе Поповски и докторандот Марија Хаџи Николова. Истите успешно ја извршија одбраната на докторските трудови и со позитивната оценка на комисиите за одбрана, по јавно спроведената одбрана се стекнаа со звање Доктори на технички науки.

8. **Административна поддршка на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 и Совет на докторски студии на ниво на Кампус 4**

Во согласност со надлежноста на овие два органи во извештајната година се одржани седници на кои се донесени соодветни одлуки.

Наставно-научниот совет на докторски студии на ниво на Кампус 2 во извештајната година до изготвувањето на овој извештај има одржано две седници на кои се донесени следните одлуки:

На четвртата седница:

Одлука за увојување на Предлог-конкурс за запишување на студенти на трет циклус- докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во учебната 2013/2014 година.

На петата седница:

1. Предлог-одлука за усвојување на студиска програма за организирање на трет циклус студии - докторски студии, наставно-научно подрачје биотехнички науки, студиска програма Фитомедицина, во рамките на Кампус 2 на УГД - Штип.
2. Предлог-одлука за усвојување на студиска програма за организирање на трет циклус студии - докторски студии, наставно-научно подрачје биотехнички науки, студиска програма Полјоделско производство, во рамките на Кампус 2 на УГД - Штип.
3. Предлог-одлука за усвојување на студиска програма за организирање на трет циклус студии - докторски студии, наставно-научно подрачје биотехнички науки, студиска програма Биотехнологија, селекција и семепроизводство, во рамките на Кампус 2 на УГД - Штип.
4. Предлог-одлука за усвојување на студиска програма за организирање на трет циклус студии - докторски студии, наставно – научно подрачје биотехнички науки, студиска програма Лозарство, во рамките на Кампус 2 на УГД - Штип.

5. Предлог-одлука за усвојување на студиска програма за организирање на трет циклус студии- докторски студии, наставно-научно подрачје биотехнички науки, студиска програма Преработка и контрола на анимални производи, во рамките на Кампус 2 на УГД - Штип.
6. Предлог-одлука за усвојување на студиска програма за организирање на трет циклус студии- докторски студии, наставно – научно подрачје биотехнички науки, студиска програма Енологија, во рамките на Кампус 2 на УГД - Штип.
7. Предлог-одлука за усвојување на студиска програма за организирање на трет циклус студии- докторски студии, наставно – научно подрачје биотехнички науки, студиска програма Наука за земјиштето и хидрологија во рамките на Кампус 2 на УГД - Штип.
8. Предлог-одлука за усвојување на студиска програма за организирање на трет циклус студии- докторски студии, наставно – научно подрачје техничко-технолошки науки, студиска програма Компјутерска техника и информатика, во рамките на Кампус 2 на УГД - Штип.
9. Предлог-одлука за усвојување на студиска програма за организирање на трет циклус студии- докторски студии, наставно – научно подрачје техничко-технолошки науки, студиска програма Машинство, во рамките на Кампус 2 на УГД - Штип.
10. Предлог-одлука за усвојување на студиска програма за организирање на трет циклус студии- докторски студии, наставно – научно подрачје техничко-технолошки науки, студиска програма Применета геометрија и геофизика, во рамките на Кампус 2 на УГД - Штип.
11. Предлог-одлука за усвојување на студиска програма за организирање на трет циклус студии- докторски студии, наставно – научно подрачје техничко-технолошки науки, студиска програма Рударство, во рамките на Кампус 2 на УГД - Штип.
12. Предлог-одлука за усвојување на студиска програма за организирање на трет циклус студии- докторски студии, наставно – научно подрачје техничко-технолошки науки, студиска програма Наука и технологија за текстил, во рамките на Кампус 2 на УГД - Штип.

Советот на докторски студии на ниво на Кампус 2 има донесено:

Предлог- одлука за избор на членови Универзитетска конкурсна комисија за Конкурсот за запишување на трет циклус-докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во учебната 2012/2013 година се предлагаат: проф. д-р Блажо Боев, проректор за наука - по функција, проф. д-р Јордан Живановиќ и проф. д-р Зоран Десподов.

9. **Конкурс за запишување на студенти на трет циклус студии -докторски студии за учебната 2013-2014 година**

Конкурсот за запишување студенти на трет циклус студии – докторски студии опфаќа седум студиски програми, а бројот на слободните места за запишување на студенти на трет циклус-докторски студии е определен во согласност со бројот на слободни акредитирани ментори.

Конкурсот е распишан за следните студиски програми: Компјутерска техника и информатика, Рударство, Применета геологија и геофизика, Заштита на растенијата, Животна средина, Наука за земјиштето и хидрологија и Растително производство.

10. **Промоција на доктори на науки**

Промоцијата на доктори на науки традиционално е извршена на патрониот ден на Универзитетот. Извршена е промоција на двајца доктори на технички науки д-р Александар Крстев и д-р Ферат Шала. Докторатите се одбранети на Факултетот за природни и технички науки. Докторите на науки свечено се промовирани од страна на ректорот на Универзитетот.

11. **Процесирање на постапките за избор на соработници и наставници на единиците на Универзитетот**

Во текот на 2013 година во процесуирани се постапки за избор на наставници и соработници на сите единици на Универзитетот што се однесува на избор на соработници и наставници, реизбор на соработници и наставници.

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, разгледувани се сите досиеја формирани по распишани конкурси од аспект на правилна примена на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во делот на законито спроведување на постапките за избор на наставници и соработници и објавувањето на рефератите од рецензентските комисии во Универзитетскиот билтен.

12. **Изработка на предлог-акти за потребите на Универзитетот, како и други тековни активности**

Во календарската 2013 година беа изработени и процесуирани следните предлог-акти:

- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- Пријави за Конкурс запишување на студенти за втор циклус студии за учебната 2013-2014 година;
- Пријави за Конкурс за запишување на студенти на трет циклус-докторски студии во учебната 2013-2014 година;
- Договори за студирање за студентите на втор циклус студии во 2013-2014 година;
- Договори за студирање за студентите на трет циклус-докторски студии во учебната 2013-2014 година;
- Учество во изработката на студентските информатори за втор циклус студии;
- Изработка на процедури во согласност со потребите за стандардизација на Универзитетот, како и други акти на Универзитетот.

13. **Постапки за одобрување на стипендии за трет циклус студии – докторски студии на вработени соработници на Универзитетот**

Во оваа година, исто така, продолжи стратегијата за стипендирање на вработените соработници – докторанди на нашиот Универзитет или на друг универзитет во земјава и во странство.

Управниот одбор на фондот за стипендирање ги донесе следните одлуки.

На седницата одржана на 19.6.2013 година:

1. Одлука за усвојување предлог-листа за доделување стипендија за трет циклус студии за поднесената апликација – Правен факултет м-р Елена Иванова.
2. Одлука за усвојување предлог-листа за доделување стипендија за трет циклус студии за поднесената апликација – Факултет за медицински науки м-р Елена Симеоновска-Јовева.
3. Одлука за усвојување предлог-листа за доделување стипендија за трет циклус студии за поднесената апликација – Факултет за музичка уметност м-р Горанчо Ангелов.

На седницата одржана на 31.10.2013 година:

1. Одлука за усвојување на предлог-листа за доделување стипендија за трет циклус студии за поднесената апликација – Факултет за образовни науки (м-р Ирена Китанова).
2. Одлука за усвојување на предлог-листа за доделување стипендија за трет циклус студии за поднесената апликација – Факултет за медицински науки (м-р Катерина Златановска).
3. Одлука за усвојување на предлог-листа за доделување стипендија за трет циклус студии за поднесената апликација – Факултет за природни и технички науки (м-р Стојанче Мијалковски).

14. **Постапките за одобрување на средства за финансирање на научноистражувачки проекти**

Во согласност со Правилникот за начинот и условите на користење на средства од фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во 2013 година реализиран е Конкурс за распределба на парични средства за финансирање на научноистражувачки проекти за 2013 година.

Управниот одбор ги разгледа доставените пријави и на својата втора седница ги донесе следните:

1. Одлука за усвојување на Барање бр. 1404-Сл од 15.2.2013 година за финансирање на научноистражувачки проект „Развој на нови алгоритми и софтверска библиотека за примена во биомедицинското инженерство“, главен истражувач доц. д-р Александра Милева (ФИ);
2. Одлука за усвојување на Барање бр. 1404-Сл од 18.2.2013 година за финансирање на научноистражувачки проект „Проучување на присуството на бактериската пламеница (Erwinia amylovora) кај овошните култури во Македонија“, главен истражувач проф. д-р Саша Митрев (ЗФ);

3. Одлука за усвојување на Барање бр. 1404-Сл од 18.2.2013 година за финансирање на научноистражувачки проект „Металокомплексирачки и антиоксидативни особини на нови деривати на Coenzyme Q-0“ главен истражувач проф. д-р Рубин Гулабовски (ЗФ);
4. Одлука за усвојување на Барање бр. 1404-Сл од 18.2.2013 година за финансирање на научноистражувачки проект „Екстракција на капсаицин од лути пиперки и одредување на неговите антиоксидативни својства“, главен истражувач проф. д-р Лилјана Колева-Гудева (ЗФ);
5. Одлука за усвојување на Барање бр. 1701-49/1 од 11.2.2013 година за финансирање на научноистражувачки проект „Состојби и перспективи за зголемување на наталитетот во Р. Македонија со осврт на идентификување на факторите на влијание“, главен истражувач проф. д-р Трајко Мицески (ЕФ);
6. Одлука за усвојување на Барање бр. 2201-52/1 од 12.2.2013 година за финансирање на научноистражувачки проект „Спектроскопска и структурна карактеризација на ендемични и ретки материјали“, главен истражувач проф. д-р Блажо Боев (ФПТН);
7. Одлука за усвојување на Барање бр. 2201-53/1 од 13.2.2013 година за финансирање на научноистражувачки проект „Можности за примена на зеолит при прочистување на води загадени со тешки метали“, главен истражувач проф. д-р Мирјана Голомеова (ФПТН);
8. Одлука за усвојување на барање бр. 1404-Сл од 18.02.2013 година за финансирање на научно – истражувачки проект „Развој на одржлива технологија за производство на нови композити со обезбедување на повратен тек на отпадниот материјал“ главен истражувач проф. д-р Винета Сребренкоска (ТТФ),
9. Одлука за усвојување на Барање бр. 1404-Сл од 19.2.2013 година за финансирање на научноистражувачки проект „Полифенолен и ароматичен профил на вина од сортата *вранец* ферментирани со изолирани квасци од Тиквешкото виногорје“, главен истражувач доц. д-р Виолета Иванова Петропулос (ЗФ);
10. Одлука за усвојување на Барање бр. 1404-Сл од 18.2.2013 година за финансирање на научноистражувачки проект „Функционални простори, тополошки и статистички аспекти и примена во електротехниката“, главен истражувач проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска (ЕФ);
11. Одлука за усвојување на Барање бр. 1404-Сл од 19.2.2013 година за финансирање на научноистражувачки проект „Употреба на антисептици и средства за дезинфекција во здравствените институции во Република Македонија во период од пет години“, главен истражувач проф. д-р Биљана Ѓорѓеска (ФМН);
12. Одлука за усвојување на Барање бр. 2702-39/7 од 14.2.2013 година за финансирање на научноистражувачки проект „Оптимизациона техно-економска анализа за железнички превоз по трансевропските ЖП коридори на Република Македонија“, главен истражувач доц. д-р Дејан Мираковски (МФ).

15. **Постапки за доделување на годишни награди на вработените за објавен научен труд или стручен труд во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор**

Врз основа на одредбите од Правилникот за доделување на годишни награди на вработените за објавен научен или стручен труд во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор на Универзитетот „Гоце Делечв“ во Штип, во согласност со политиката на Универзитетот да се подигне нивото на научноистражувачката активност се доделуваат награди на вработените за објавен научен труд или стручен труд објавен во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор. За сите објавени трудови кои ги исполнуваат условите од Правилникот, Универзитетот изврши исплата на предвидените награди.

16. **Постапките за одобрување на користење на флексибилно работно време за наставниците на Универзитетот**

Во рамките на другите активности, спроведена е и постапката за обезбедување на податоци за конкретните активности за самоконтрола за реализацијата на педагошките активности на наставниците преку принципот на флексибилно работно време кое се евидентира преку електронскиот систем користење.

## ЗАКЛУЧОЦИ

Правејќи споредба на податоците за работењето во извештајната година и претходните години може да се заклучи дека е обезбеден висок степен на стручност, ажурност и квалитет во постапувањето при извршувањето на задачите и обврските на вработените во овој оддел.

Во процесот на имплементација на стандардите согласно Системот за менаџмент со квалитетот на Универзитет, вработените се придржуваа кон востановените процедури и ги користеа стандардизираните обрасци.

Обемот на обврските и работните задачи на вработените во споредба со минатата година е значително зголемен, но сепак е задржано високо ниво на квалитет и квантитет во извршувањето на работните задачи.

Разгледувајќи ги сите активности кои се преземани може да се заклучи дека успешно се завршени сите обврски, а задачите се исполнувани, квалитетно и навремено.

Во наредниот период треба да се идентификуваат евентуални слабости и недоследности при извршувањето на функциите со континуирано следење на работењето на сите извршители и решавање на евентуалните поплаки и забелешки од студентите или наставниците ангажирани на вториот и третиот циклус студии.

## VI. КАБИНЕТ НА ПРОРЕКТОР ЗА НАСТАВА

**Согласно со обврските дадени со актите на Универзитетот, во периодот јануари – декември 2013 година извршените активности се реализирани на следниот начин:**

1. **Активности врзани со реализација на настава на студентите од прв циклус**:
- Изработка на Предлог-конкурс за запишување студенти за прв циклус студии;
- Објавување на Конкурс за запишување студенти;
- Прием и запишување студенти на прв циклус студии, реализиран во три уписни рока;
- Издавање на информатори за студентите запишани во учебната 2013/2014 година;
- Реализација на студентски календар за испитни сесии;
- Изработка на електронски распоред согласно со расположливите условни капацитети во Штип, како и во сите наставни центри каде што наставата се одвива редовно;
- Е-плаќање – реализирана е имплементација на електронско плаќање на сите обврски на студентите преку користење на електронски картички по завршена постапка;
- Е-индекс – сите активности на студентите врзани за нивните обврски за време на студирањето, пријавување на испити, заверување и запишување на семестар и друго се одвиваат по електронски пат;
- Реализирано е електронско потпишување на редовност на настава од страна на наставниците, електронско генерирање на извештаи по завршена сесија и во фаза на имплементација е и воведување на електронско потпишување на пријави.
- Завршена е акредитација на студиските програми на Факултет за медицински науки, согласно со Законот за медицински науки и препораките за акредитација на студиските програми за регулирани професии;
- Објавување на студиски програми за учебната 2013/2014 година на македонски и англиски јазик на веб-страницата на Универзитетот;
- Објавување на предметни програми на македонски и англиски јазик на веб-страницата на Универзитетот.

Поради сè поголемиот број студенти од други држави да студираат на студиските програми од прв циклус на студии, нивно вклопување во системот и имање на иста препознатливост со останатите, направено е следното:

- Проверени се сите студентски досиеја и се отстранети сите недостатоци/ докомплетирање на истите;
- Проверени се сите дипломи за положено ниво на македонски јазик потребно за следење на настава;

- Направена е проверка на познавање на македонски јазик од страна на формирани комисии на ниво на факултети и сите студенти кај кои е најдено незадоволително ниво се упатени на повторно следење на настава по македонски јазик;
- Сите студентски досиеја на странските студенти кои се запишани досега се внесени во електронски индекс.

2. **Активности реализирани преку состаноци со продеканите на единиците на Универзитетот за решавање на актуелните проблеми и новини врзани за наставата од прв циклус.**

- Следење на редовност во реализација на предметните програми од страна на наставниците и соработниците;
- Проверка на состојбата со договорите за ангажирање на наставници и потребни согласности на секој од факултетите;
- Преглед на состојбата со ажурирањето на испитните пријави;
- Навремено прегледување на барања од студенти и вработени врзани за реализација на настава (признавање на испити, префрлање од една на друга студиска програма) и проследување до соодветната комисија;
- Завршни активности и предавање на матичните книги за запишани студенти во прв циклус студии;
- Забрзување на процедурите за преглед на студентски досиеја;
- Навремена изработка на додатоците на диплома кои кореспондираат со генерациите на кои им се издава диплома;
- Навремено доставување на списоци на завршени студенти за издавање на дипломи и додатоци на дипломи;
- Реализација на клиничка настава согласно со предметните програми;
- Иницирање на потпишување на договори за соработка со институции од стопанство за прием на студенти за пракса;
- Иницирање на потпишување на договори за соработка со други високообразовни институции од други држави за олеснување на проектите за размена на студенти и вработени (Еразмус и слично).

3. **Активности реализирани преку Комисијата за наставни прашања – јануари-октомври 2013 г**.

Комисијата работеше согласно со актите на Универзитетот и имаше редовни состаноци согласно со потребите и достасаните барања од страна на студентите и вработените (најмалку еднаш месечно, а по потреба и во континуитет со денови во периодот на почетокот на зимскиот и летниот семестар кога бројот на барањата беше голем). Комисијата вршеше преглед на доставените предлог-одлуки од страна на наставно-научните совети на факултетите, во чиј прилог имаше копии од барањата и потребните документи и заедно со претставник од е-индекс вршеше проверка за правилна имплементација за:

- Префрлање на студенти од една единица на Универзитетот на друга;
- Префрлање на студенти од друг универзитет на УГД;
- Признавање на испити положени на друга единица на Универзитетот или на друг универзитет.

Покрај горенаведеното, Комисијата даваше предлог-мислења за Ректорска управа и Универзитетски сенат за предлог-елаборати за изработка на нови студиски програми, за изработени елаборати пред доставување на Одборот за акредитација, специфични барања од студенти и вработени врзани за подолги стручни отсуства и сл.

4. **Додаток на диплома**

Согласно со Законот за високото образование се изработени додатоци на дипломи за сите завршени студенти кои се запишани на УГД и се во фаза на нивна дистрибуција по студенти. Во фаза на печатење се додатоците на дипломи на заостананатите студенти кои студирале по старите програми од ФПТН, ФМУ и ФОН (запишани на педагошки факултет) и нивното печатење се планира да заврши во јануари-февруари 2014 г.

5. **Покриеноста на настава за прв циклус на студии** се врши согласно со доставените одлуки од наставно-научните совети на факултетите и во соработка со правникот за прв циклус студии истата се проверува дали соодветствува со барањата на Законот за високото образование.

Секој наставник треба да има најмногу 4 предмети и 8 часа настава по семестар, а секој соработник најмалку 16 часа практична настава.

По проверката истите се доставуваат за изработка на електронски распоред.

6. **Ангажираност на наставници за прв циклус студии**

– Ангажираноста и покриеноста на наставата со наставници вработени на УГД се врши согласно со одлуките на ННС од факултетите и правникот за прв циклус студии изработува решенија. Наставниците вработени на УГД можат да изведуваат настава на матичните и на други/сродни факултети.
– Покриеноста на наставата со ангажираност на наставници од други универзитети се врши по барање на ННС од факултетите и доставување на согласниот од институцијата од каде што доаѓа. По проверката на документите се изработува договор за ангажираност и предлог-решение до ректорот.
– Истата постапка се води и за ангажираност на соработници и стручњаци од практика од други институции и за сите области за кои има потреба.

Најголем број на ангажираност на наставници, соработници и стручњаци од практика има на ФМН, поради спецификите на студиските програми, нивната поврзаност со клиниките и институциите од јавното и приватното здравство и потребата истата да се реализира на соодветно место. Бројката варира во двата семестра и истата се претпоставува дека ќе биде стабилизирана до крајот на 2014 година кога се очекува да се заврши пополнувањето на сите години од студиските програми (општа медицина – шеста година, фармација и дентална медицина – петта година).

7. **Реализација на европската програма за мобилност - Еразмус програма јануари-октомври 2013** г. е за првпат воведена на Универзитетот во учебната 2012/2013 година со реализација на сите подготовки во претходната година.

Доделен е чартер за 50 размени и истиот е реализиран во летниот семестар 2012/2013 година за 23 студенти од прв циклус по еден семестар, 1 студент од втор циклус за три месеци и двајца наставници по една недела.

Во тој период се потпишани договори со голем број универзитети и нивните Еразмус канцеларии.

Во текот на реализација на првата година на оваа програма за размена се јавија одредени проблеми врзани за:

- Не навремена информираност за актуелните случувања од страна на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност на РМ;
- Проблем со прифаќање на студенти од ЕУ универзитетите поради еднонасочност на програмата (само испраќање, но не и прием на студенти), посебно за студентите од медицинските науки;
- Мала заинтересираност од страна на техничките факултети и факултетите од општествените науки при УГД за потпишување на договори за соработка и размена на студенти;
- Немање доволно искуство во подготовка на документацијата за препознатливост на предметите и предметните програми пред испраќање на студентите, кое резултираше доцнење на нивната препознатливост и внесување во системот по нивното враќање;
- Направена е апликација за новата програма 2014-2020 која покрај класичната размена вклучува и размена за пракса. Истата е одобрена со што активностите на оваа програма продолжуваат.

Организирана е Еразмус – интернационална недела (28.10 – 1.11. 2013) “ENCOUNTERING THE ERASMUS + (2014-2020) - SHARING ERASMUS EXPERIENCES”, во соработка со Националната агенција за европски образовни програми и мобилност на РМ, на кој присуствуваа покрај домашни претставници и претставници од пет европски земји.

8. **Активности врзани со Универзитетски спортски центар (има посебен и ц**елосен и детален извештај за Универзитетски спортски центар)

Овие активности се поврзани со:

- Организација и реализација на задолжителната настава по спорт и рекреација за студентите од прва година на сите факултети, нејзината посетеност и проблеми кои се јавија;
- Реализација на слободни активности на студенти од сите година на сите факултети;
- Организација на Универзитетска баскет лига;
- Организација на Универзитетска лига во одбојка;
- Учество на студенти со универзитетски клубови во активностите на Универзитетската спортска федерација и државните универзитетски лиги каде што Универзитетот „Гоце Делчев“ членува;

– Реализација на спортски активности на вработени на УГД;
– Креирање на веб-страница на Универзитетски спортски центар, медиумски активности поврзани со работата на УСЦ;
– Реализација на пилот-истражување за потребите на наставата по спорт и рекреација (спроведување на Анкетен прашалник на крај од секој семестар за утврдување на фитнес нивото и фитнес статусот на студентите);
– Активности на спортските клубови на УГД - кошарка, одбојка, пинг-понг и карате во соодветните лиги, нивно опремување со спортски реквизити, превоз и сè што е потребно за нормално учество во натпреварите, редовни лекарски систематски прегледи, осигурување и членарини.

9. **Формирање на Универзитетски хор** кој во соработка со маестро проф. Томислав Шопов направи своја промоција на 4 јуни 2013 година.

Хорот е формиран како иницијатива за популаризација на хорското пеење кај студентите и тоа кај студентите од ФМУ, како носители на активности дел од праксата и кај студентите од другите факултети кои со своите гласовни можности можат да дадат придонес.

10. **Соработка и средби со претставници од Студентскиот парламент**, која се интензивира како резултат на реалната потреба за усогласување на дел на активностите, посебно врзани за:

– Спортот и организација на универзитетски/меѓууниверзитетски/ меѓународни турнири;
– Учество на студенти на национални/меѓународни конгреси и манифестации и нивно претставување со стручни/научни трудови;
– Реализација на редовната настава/пракса.

11. **Започнување со реализација на здравствени специјалистички студии на Факултетот за медицински науки**

Согласно со Правилникот за реализација на здравствени специјализации, издаден од Министерството за здравство на РМ и потребите на здравствениот систем (јавен и приватен) во учебната 2012-2013 година е доделена реализација на Факултетот за медицински науки при УГД.

Како резултат на оваа Одлука:

– Изработен е универзитетски Правилник за здравствени специјализации согласно со Правилникот на Министерството за здравство и актите на УГД;
– Изработени се сите обрасци и документи потребни за успешна реализација на здравствените специјализации;
– Формиран е Совет за специјализации на Факултетот за медицински науки;
– Направена е листа на ментори кои исполнуваат услов;

- Распишан е Конкурс за прием учебната 2012-2013 година;
- Примени се кандидати од областите – кардиохирургија (1), медицинска биохемија (1), ортопедија (2), гинекологија и акушерство (14);
- Од 1 октомври 2013 г. е започната реализација на здравствените специјалистички студии;
- Започната е реализација на задолжителната теоретска настава за сите специјализанти;
- Направена е подготовка за Конкурсот за учебната 2013/2014 година согласно со потребите на јавните здравствени установи во соработка со Министерство за здравство и приватните согласно со капацитетите на ФМУ;
- Направена е средба со сите директори од поголемите општи и специјални болници од Република Македонија, потпишани договори за соработка и иницирање нивна вклученост во процесите на едукација на специјализантите согласно со нивните можности и капацитети (број на едукатори).

12. **Иницирана е соработка со Францускиот културен центар** за активно вклучување на Универзитетот „Гоце Делчев“ во активностите на франкофонските универзитети, зачленување во нивните асоцијации и активни проекти.

На иницијатива на г-ѓа Angélique Lheureux, аташе за соработка, договорен е состанок за почеток на 2014 година, нејзина посета на УГД и влкучување во програмите од 2014 година.

13. **Постоењето на иницијативата за изучување на јапонски јазик како изборен предмет** и присуството на лектор и заинтересираност на првите студенти поттикна иницијатива за барање можности за постојано присутво на лектор, со договор со континуитет од 3 до 5 години. Направен е контакт со јапонското аташе и Друштвото за македонско-јапонска соработка и иницирана организација на прв ден на јапонската култура на УГД, чијашто реализација се очекува во средината на февруари 2014 година.

14. В**о соработка со Меѓународната агенција за атомска енергија е иницирана** соработка за изработка на програма (мастер – двогодишна и стручна едногодишна) по радиофармација во соработка со универзитетите од Гронингем, Ферара и Гент. Првиот состанок е одржан во Виена, вториот во Штип во присуство на претставници од ФМУ и Факултетот по информатика, со цел да се искористи платформата и искуството за е-учење и УГД биде носител на овие активности. Реализацијата на проектот се очекува пробно да започне во февруари-март 2014 година.

- Останатите активности се составен дел обврските како наставник:
- Реализација на настава на ФМУ;

- Активности врзани за факултетот за медицински науки – раководител на студиска програма по фармација;
- Научноистражувачки активности врзани за Лабораторијата за радиофармација и Катедрата по фармацевтски науки.

**VI. Кабинет на проректор за развој, инвестиции и одржување**

**НЕМА ДОСТАВЕНО ИЗВЕШТАЈ!**

***VI.*** **Центар за односи со јавноста**

1. **Вовед**

Центарот за односи со јавноста како единица на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип е формиран со донесувањето на Одлуката на Собранието на Република Македонија за давање согласност на Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на седницата одржана на 27 април 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/2008 и 103/2008).

Пред формирањето на Центарот, функционираше Канцеларија за односи со јавноста и Оддел за издавачка дејност во чијшто состав беше и веб-страницата во која работеа четири лица, кои беа задолжени со низа активности за остварувањето на дејноста, улогата и задачите на Универзитетот и на единиците.

Канцеларијата за односи со јавноста функционираше во просториите на Ректоратот. Канцеларијата воспоставуваше комуникации со пошироката јавност во земјава и со одделни субјекти поврзани со Универзитетот во странство. Канцеларијата за односи со јавноста редовно ја информираше јавноста и осмислено ги презентираше информациите и содржините за работата на структурите на Универзитетот „Гоце Делчев“ -Штип.

Канцеларијата организираше: прес-конференции, трибини, свечености, доделување на признанија, патронен ден на Универзитетот, почеток на нова студиска година, доделување на дипломи, приредби и други активности за промоција на Универзитетот.

Од септември до крајот на ноември 2007 година Одделот за издавачка дејност беше сместен во просториите на поранешниот Работнички универзитет (денес Факултет за информатика).

Од декември 2007 година до септември 2009 година Одделот работеше во просториите на Ректоратот на Универзитетот (ул. „Крсте Мисирков“ бб -Штип).

Од почетокот на октомври 2009 година Одделот е дислоциран во Кампус 1, односно на првиот кат од новите, модерно просторно и технички уредени простории на Центарот за односи со јавноста (ул. „Генерал Михајло Апостолски“ бб -Штип).

Во периодот од септември 2008 година започна изградбата на Центарот за односи со јавноста, кој е со површина од 332 м$^2$. Одделот за издавачка дејност е со површина од 98 м$^2$, Одделот за радио и ТВ заедно со Одделот за реклама и пропаганда (Оддел за маркетинг и протокол) се на површина

од 205 $м^2$. Центарот за односи со јавноста како единица на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип активно и постојано учествува и придонесува за остварувањето на дејноста, улогата и задачите на Универзитетот и на единиците.

Центарот активно учествува во работата на органите, работните тела на Универзитетот и на единиците.

Центарот реализира акти, одлуки и задачи на органите на Универзитетот и на единиците и го почитува дигнитетот и достојно го употребува името и обележјата на Универзитетот.

Во јуни 2011 година, според новата систематизација на Универзитетот „Гоце Делчев“, беа донесени неколку промени во структурата на одделите кои функционираат во Центарот за односи со јавноста. Според новата систематизација, Одделот за радио и ТВ се состои од одделение за техника и одделение за редакција. Промени беа донесени и во Одделот за реклама и пропаганда кој се реименуваше во Оддел за маркетинг и протокол и се состои од две одделенија – Одделение за маркетинг и Одделение за протокол.

## 2. **Структура**

### 2.1. Раководител

Според Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места на Универзитетот („Универзитетски гласник“ бр.10, јули 2009 г.), од страна на ректорот на Универзитетот проф.д-р Саша Митрев во јули 2009 година за раководител на Центарот за односи со јавноста е назначен доц. д-р Кирил Барбареев. Во јуни 2012 година за раководител на Центар за односи со јавноста е назначена Марија Манева.

### 2.2. Вработени

1. Славе Димитров
референт во издавачка дејност
2. Благој Михов
референт во издавачка дејност
3. М-р Јордан Ефремов
референт во издавачка дејност (од декември 2011 година)
4. Кристина Богатинова
веб – администратор
5. Игор Ампов
веб – администратор
6. Даница Гавриловска – Атанасовска
лектор по македонски јазик
7. М-р Игор Стојанов
новинар и главен и одговорен уредник
8. Влатко Миленкоски
главен и одговорен технички уредник во Оддел за радио и ТВ
9. Александар Максимов

референт во Одделот за ТВ
10. Марија Манева
референт во Оддел за маркетинг и протокол
11. Мартина Николовска
референт во Оддел за маркетинг и протокол

3. **Оддели во состав на Центарот**

Во состав на Центарот за односи со јавноста се три оддели:

1. Оддел за издавачка дејност;
2. Оддел за маркетинг и протокол;
3. Оддел за радио и ТВ.

**3.1. Оддел за издавачка дејност**

Универзитетот „Гоце Делчев“ својата издавачка дејност ја остварува преку издавање на учебници, учебни помагала, монографии, студии, списанија, годишници, зборници, преводи на странски изданија, информативен и пропаганден материјал, брошури, летоци и друга литература.

Одделот за издавачка дејност придонесува за развој на наставните, научните и другите дејности на Универзитетот, но и го поттикнува творештвото на Универзитетот. Одделот за издавачка дејност својата дејност ја остварува преку издавање на универзитетски гласник, универзитетски билтен, универзитетски весник, учебници и учебни помагала на наставниците и соработниците на Универзитетот, како и монографии на наставниците и соработниците, студии, списанија, годишници, зборници на трудови на членките на Универзитетот, преводи на странски изданија, службени и периодични публикации на Универзитетот, информативен и пропаганден материјал, брошури и сл., како печатени изданија, но и како електронски изданија објавени на веб-страницата на Универзитетот. Во Одделот за издавачка дејност ефикасно и квалитетно се спроведува Издавачкиот план на Универзитетот.

Во периодот од ноември 2012 година до ноември 2013 година во Одделот за издавачка дејност се реализирани следниве изданија:

1. **Универзитетски билтен** - јавно гласило на Универзитетот во кое се објавуваат рефератите, односно извештаите на рецензентските комисии за избор на наставно-научни, научни, насловни, наставни и соработнички звања, рецензиите на докторските дисертации и рецензиите на ракописите за учебници во високото образование на Универзитетот „Гоце Делчев“:

Универзитетски билтен бр.91 – 1 ноември 2012 г.
Универзитетски билтен бр.92 – 15 ноември 2012 г.
Универзитетски билтен бр.93 – 3 декември 2012 г.
Универзитетски билтен бр.94 – 7 декември 2012 г.
Универзитетски билтен бр.95 – 24 јануари 2013 г.
Универзитетски билтен бр.96 – 15 февруари 2013 г.
Универзитетски билтен бр.97 – 1 март 2013 г.
Универзитетски билтен бр.98 – 15 март 2013 г.
Универзитетски билтен бр.99 – 1 април 2013 г.

Универзитетски билтен бр.100 – 15 април 2013 г.
Универзитетски билтен бр.101 – 30 април 2013 г.
Универзитетски билтен бр.102 – 15 мај 2013 г.
Универзитетски билтен бр.103 – 3 јуни 2013 г.
Универзитетски билтен бр.103/а – 3 јуни 2013 г.
Универзитетски билтен бр.104 – 17 јуни 2013 г.
Универзитетски билтен бр.105 – 1 јули 2013 г.
Универзитетски билтен бр.106 – 12 јули 2013 г.
Универзитетски билтен бр.107 – 15 август 2013 г.
Универзитетски билтен бр.108 – 30 август 2013 г.
Универзитетски билтен бр.109 – 15 септември 2013 г.
Универзитетски билтен бр.110 – 1 октомври 2013 г.
Универзитетски билтен бр.110/а – 1 октомври 2013 г.
Универзитетски билтен бр.111 – 14 октомври 2013 г.
Универзитетски билтен бр.112 – 5 ноември 2013 г.
Универзитетски билтен бр.113 – 15 ноември 2013 г.

2. **Универзитетски гласник** - јавно гласило на Универзитетот во кое се објавуваат одлуки, правилници, систематизација на работни места, Статут на Универзитет, упатства, планови итн., донесени на Ректорска управа или Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев“.

Универзитетски гласник бр.24 – 10 ноември 2012 г.
Универзитетски гласник бр.25 – 7 декември 2012 г.
Универзитетски гласник бр.26 – 2 јануари 2013 г.
Универзитетски гласник бр.27 – 29 мај 2013 г.
Универзитетски гласник бр.28 – 12 ноември 2013 г.

3. **Универзитетски весник**

Универзитетски весник бр. 20 – октомври 2012
Универзитетски весник бр. 21 – јануари/февруари 2013
Универзитетски весник бр. 22 – март/април 2013
Универзитетски весник бр. 23 – мај/јуни 2013
Универзитетски весник бр. 24 – септември 2013
Универзитетски весник бр. 25 – октомври 2013
Универзитетски весник бр. 26 – ноември 2013

**4. Каталог на изданијата 2013 г.** кој ги содржи сите изданија што биле издадени во текот на 2012 година, а вклучува: зборници, учебни помагала, универзитетски весник, списанија.

**5. Зборници**

Годишен зборник на Филолошки факултет
Списание „Воспитание“ на Факултет за образовни науки
Годишен зборник на Економски факултет
Годишен зборник на Факултетот за информатика
Годишен зборник на Факултет за музичка уметност

Во периодот од октомври 2012 до ноември 2013 г. Одделот за издавачка дејност беше одговорен за одржување на сите веб-страници со кои располага Универзитетот:

1. Универзитет „Гоце Делчев“

(македонска - верзија) - http://www.ugd.edu.mk/
(англиска и руска - верзија) - http://int.ugd.edu.mk/
Правен факултет (македонска и англиска - верзија)
- http://pra.ugd.edu.mk/
Економски факултет (македонска и англиска - верзија)
- http://eco.ugd.edu.mk/
Земјоделски факултет (македонска и англиска - верзија)
- http://zem.ugd.edu.mk/
Факултет за информатика (македонска и англиска - верзија)
- http://inf.ugd.edu.mk/
Педагошки факултет (македонска и англиска - верзија)
- http://pf.ugd.edu.mk/
Факултет за природни и технички науки (македонска и англиска - верзија)
- http://frgp.ugd.edu.mk/
Факултет за музичка уметност (македонска и англиска - верзија)
- http://fmu.ugd.edu.mk/
Факултет за медицински науки (македонска и англиска - верзија)
- http://fmn.ugd.edu.mk/
Електротехнички факултет (македонска и англиска - верзија)
- http://etf.ugd.edu.mk/
Филолошки факултет (македонска и англиска - верзија)
- http://ff.ugd.edu.mk/
Факултет за туризам и бизнис логистика (македонска и англиска - верзија) - http://ftb.ugd.edu.mk/
Технолошко-технички факултет (македонска и англиска - верзија)
- http://ttf.ugd.edu.mk/
Машински факултет (македонска и англиска - верзија)
- http://mf.ugd.edu.mk/
Центар за меѓууниверзитетска соработка (македонска и англиска - верзија) - http://cmus.ugd.edu.mk/
Центар за обезбедување на квалитет
- http://cok.ugd.edu.mk/
Центар за односи со јавноста
- http://coj.ugd.edu.mk/
Универзитетски спортски центар – usc.ugd.edu.mk (во изработка)
ИТ- центар - http://it.ugd.edu.mk/
Институт за историја и археологија
- http://inisa.ugd.edu.mk/
Институт за информатика
- http://ii.ugd.edu.mk/
Институт за јазици
- http://ff.ugd.edu.mk/index.php?option=com_content&view=category&layout=blog&id=11&Itemid=18&lang=mk
Студентски портал - http://studenti.ugd.edu.mk/
Катедра за заштита на растенијата (македонска и англиска - верзија)

- http://dpep.ugd.edu.mk/

Е-библиотека - http://e-biblioteka.ugd.edu.mk/

http://3d.ugd.edu.mk/

Граѓански дневник – http://uslugi.gov.mk

Википедија

Во август 2012 година Одделот за издавачка дејност ја публикуваше новата официјална веб-страница на Универзитетот: www.ugd.edu.mk на македонски и на англиски јазик.

Покрај официјалната веб-страница www.ugd.edu.mk на македонски и англиски јазик, Одделението за одржување на веб-страници е задолжено за одржување и на останатите веб-страници на Универзитетот:

Портал за студентско сместување http://smestuvanje.ugd.edu.mk/

Веб-страница на Универзитетскот радио „УГД ФМ" http://ugdfm.ugd.edu.mk/ugdfm/

Е-библиотека - http://e-biblioteka.ugd.edu.mk/

http://3d.ugd.edu.mk/

Граѓански дневник – http://uslugi.gov.mk

Википедија

Во текот на академската 2012/2013 година, Одделот за издавачка дејност ги реализираше следниве активности:

**Ноември 2012 година**

Креирање на посебни ПДФ документи за секоја насока на факултетите од Кампус 4 од информаторите за втор циклус студии (за ФТБЛ, Правен факултет и ФОН).

Обработка на овие документи.

Ажурирање на ажурирање.

Креирање на посебни ПДФ документи за секоја насока на факултетите од Кампус 4 од информаторите за втор циклус студии (за Економски, Филолошки и ФМУ). Обработка на овие документи.

Поставување на ново ажурирање за Катедра за заштита на растенијата и животната средина на веб-серверот.

Ажурирање на Ажурирање.

Пуштање во употреба на новата веб-страница за Катедра за заштита на растенијата и животната средина. Состанок во К4 за веб-страницата на Катедра за заштита на растенијата и животната средина.

Прикачување на ажурирање на ПДФ документи за насоките на факултетите од Кампус 4 од информаторите за втор циклус студии:

http://www.ugd.edu.mk/index.php/mk/fakulteti/eco/eco-vtor-ciklus

http://www.ugd.edu.mk/index.php/mk/fakulteti/pra/pra-vtor-ciklus

http://www.ugd.edu.mk/index.php/mk/fakulteti/pf/pf-vtor-ciklus

http://www.ugd.edu.mk/index.php/mk/fakulteti/ff/ff-vtor-ciklus

Ажурирање на Ажурирање.

Прикачување на ажурирање на ПДФ документи за насоките на факултетите од Кампус 4 од информаторите за втор циклус студии:

http://www.ugd.edu.mk/index.php/mk/fakulteti/ftb/ftb-vtor-ciklus

http://www.ugd.edu.mk/index.php/mk/fakulteti/fmu/fmu-vtor-ciklus

Креирање на посебни делови за раководител, персонал и настава за Катедра за англиски јазик на Филолошки факултет: http://www.ugd.edu.mk/index.php/mk/fakulteti/ff/katedri/angliski-jazik-i-knizevnost

Креирање на заштита на ажурирање.

Креирање на посебни веб-делови за катедрите на Факултет за информатика:

http://www.ugd.edu.mk/index.php/mk/fakulteti/inf/inf-katedri

Креирање на посебни веб-делови за катедрите на Правен факултет.

Поставување на веб -делови за катедри за Машински, Електротехнички и Технолошко-технички факултет, без содржини.

Ажурирање на англиската верзија на ажурирање, дел за вести-http://www.ugd.edu.mk/index.php/en/news

Креирање на посебни веб-делови за катедрите на ФПТН, http://www.ugd.edu.mk/index.php/mk/fakulteti/fptn/fptn-katedri

Креирање на посебни веб-делови за катедрите на ФОН и Економски факултет.

Креирање на посебни веб-делови за катедрите на Филолошки факултет, ФТБЛ и Музичка уметност.

Креирање на ротирачка книга за весник 19 и 20.

Креирање на посебни веб-делови за наставен и соработнички кадар на Факултет за медицински науки: http://www.ugd.edu.mk/index.php/mk/fakulteti/fmn/za-fmn

Креирање на заштита на веб-страницата.

**Декември 2012 година**

Ажурирање на веб-страницата.

Секојдневно внесување на вести, фотографии на веб.

Внесување на податоци и изработка на распоред во програмата MI-MOSA.

Креирање на бекап на веб-страницата.

Ажурирање на веб-страницата – дел за секретари и тех. секретари на Правен факултет: http://www.ugd.edu.mk/index.php/mk/fakulteti/pra/za-pra

Ажурирање на англиската верзија –дел за интернационални студенти и креирање на Site Map

Поставување и објавување на изглед на англиска верзија на факултетите.

Обработка на фотографии и инсталација на програми од Адобе студиото.

Ажурирање на календарот со активности за учебната 2013 година на веб-страницата според одлука добиена на Сенат и доставена од е-индекс, http://www.ugd.edu.mk/index.php/mk/e-kalendar

Архивирање на документи во Suscriptor.

**Јануари 2013 година**

Лекторирање и техника подготовка на Универзитетски гласник.
Лекторирање и техника подготовка на Каталог на изданија.
Лекторирање и техника подготовка на Годишен извештај.
Тестирање на модули за веб страници.
Подготовки за новата веб страница на Универзитетот
Заштита на сервер и информациите на веб-страниците.
Ажурирање на официјалната веб-страница и на веб-страниците на факултетите
Обработка на фотографии и прибирање на фотографии за потребите на веб-страниците.
Тековни работи со веб-страниците.

**Февруари 2013 година**
Тековни активности за потребите на КИНД.
Техника подготовка на Универзитетски билтен – 15.2.
Техника подготовка на Универзитетски билтен – 1.3.
Техника подготовка на Универзитетски гласник.
Техника подготовка на Универзитетски гласник.
Техничко уредување на Каталог на изданија.
Техничко уредување на Годишен извештај.
Пуштање во печат на Годишен зборник на Правен факултет.
Снимање на 22 CD за Земјоделски факултет.
Изработка на лого за Институт за јазици ФФ.
Техничко уредување на Годишен зборник на ФФ.
Лекторирање на Годишен извештај на УГД.
Лекторирање на вести и соопштенија - веб-портал.
Лекторирање на Зборник на ФОН.
Лекторирање на Е-инфо.
Лекторирање на вести и информации на веб-страницата.
Лекторирање на Универзитетски билтен – 15 февруари.
Лекторирање на Универзитетски билтен – 1 март.
Лекторирање на Годишен зборник на Правен факултет.
Лекторирање на УГД-ИНФО.
Лекторирање на Годишен извештај.
Тековни работи со веб-страниците.
Изработка на новите страници на Универзитетот.
Тековни работи со веб-страниците. Изработка на новите страници на Универзитетот. Одржан состанок во Кабинетот на ректорот за изработка на нови страници на центрите и веб-видливоста на УГД.
Ажурирање на веб-страницата.
Секојдневно внесување на вести, фотографии на веб.
Внесување на податоци и изработка на распоред во програмата MI-MOSA.
Креирање на бекап на веб-страницата.
Промена на делот Контакти (креирање на нови контакти и ажурирање на старите)- http://www.ugd.edu.mk/index.php/mk/kontakt
Изработка на распоред и поврзување на податоци во програмата –

MIMOSA.

За ЕФ.

Изработка на распоред и поврзување на податоци во програмата – MIMOSA.

За ФТБЛ – Гевгелија и дел од Скопје.

Креирање на распоред за ФОН – Одделенска насока.

Внесување на распоредот на Факултет за информатика за 3 и 4 година и наставен центар Кавадарци.

Креирање на темплејт за УГД инфо во Outlook 2013.

Креирање на распоред за Факултет за информатика за наставен центар.

**Март 2013 година**

Лекторирање на вести и соопштенија - веб-портал.

Лекторирање на Зборник ФПТН.

Лекторирање на Е-инфо.

Лекторирање на ИСО обрасци.

Лекторирање на Универзитетски билтен – 15 март.

Лекторирање на Универзитетски билтен – 1 април.

Лекторирање на Универзитетски весник.

Техничка подготовка на Универзитетски весник.

Техничка подготовка на Зборник на ФФ.

Техничка подготовка на дипломи за прв, втор, трет циклус.

Техничка подготовка на постери за настани, покани за патронат.

Техничка подготовка на Каталог на изданија.

Техничка подготовка на ИСО обрасци.

Ажурирање на Википедија.

Ажурирање на веб-страница - дел за видеогалерија.

Корекции на електронски распоред на предавања.

Креирање на sitemap.xml и негово приспособување на веб-страницата.

Заштита на веб-страницата.

Креирање на веб дел за Воената академија како придружна членка на УГД.

Креирање на веб-страници за центри – спортски центар, ЦОЈ, Меѓууниверзитетска соработка.

**Април 2013 година**

Лекторирање и техничко уредување на обрасци.

Лекторирање и техничко уредување на Универзитетски билтен.

Лекторирање и техничко уредување на Универзитетски весник.

Лекторирање на содржини за веб-страница на УГД вести, соопштенија и други содржини,

Лекторирање на содржини за печатени промотивни материјали.

Лекторирање на биографии за Википедија.

Техничка подготовка на сертификати за ФТБЛ.

Техничка подготовка на годишен зборник на ФПТН.

Подготовка на обрасци за е-индекс.

Подготовка на постери за концерти на ФМУ.
Подготовка на постери за гастрономска изложба на ФТБЛ.
Креирање на веб-страница за Центар за меѓууниверзитетска соработка.
Поставување на студиски програми на веб-страницата на УГД.
Заштита на страницата.
Поставување на содржини - биографии на Википедија.
Ажурирање на веб-страницата на делот Галерија.
Креирање и ажурирање на веб-страницата дел Наука.
Миграција на сите веб-страници на УГД на нов сервер.
Контакти со наставници и асистенти во УГД за потребната документација околу издавање на ракописи.
Контактирање со Одделот за каталогизација во НУБ „Св.Климент Охридски“ – Скопје околу издавање на CIP – запис за ракописи.
Архивирање на документи од ЦОЈ.
Прибирање и средување на документи за нивно проследување до КИНД.
Вметнување на ЦИП запис.
Подготовка на документи за 28 –та редовна седница на КИНД.

**Мај 2013 година**

Лекторирање на правилници согласно со ИСО стандард.
Лекторирање на списание „Воспитание“.
Лекторирање и техничко уредување на обрасци.
Лекторирање и техничко уредување на Универзитетски билтен.
Лекторирање и техничко уредување на Универзитетски весник.
Лекторирање на содржини за веб-страница на УГД вести, соопштенија и други содржини.
Лекторирање на содржини за печатени промотивни материјали.
Лекторирање на биографии за Википедија.
Техничка подготовка на сертификати за ФТБЛ.
Техничка подготовка на сертификати за Филолошки факултет.
Лекторирање и техничка подготовка на Универзитетски гласник.
Подготовка на постери за концерти на ФМУ.
Ажурирање на сите веб-апликации.
Разгледување на ХТМЛ5 темплејти за изработка на студиските програми.
Префрлање на бекапи од веб-страницата на ДВД дискови.
Разгледување на опција за креирање на веб-страница за Конкурс за најдобра фотографија.
Креирање на упатство за студентите за ажурирање на студиската и предметна програма на УГД.
Разгледување на темплејти за креирање на нова веб-страница за ИТ центар – креирање на страницата.
Разгледување на темплејти за креирање на нова веб-страница за Центарот за квалитет – креирање на страницата.
Миграција на сите веб-страници на УГД на нов сервер.
Контакти со наставници и асистенти во УГД за потребната документација околу издавање на ракописи.
Контактирање со Одделот за каталогизација во НУБ св. „ Климент Охридски“ – Скопје околу издавање на CIP – запис за ракописи.

Архивирање на документи од ЦОЈ.

Прибирање и средување на документи за нивно проследување до КИНД.

Вметнување на ЦИП запис.

**Јуни 2013 година**

Техничка подготовка на постери за концертни настапи на ФМУ.

Техничка поддршка за концертна турнеја на ФМУ.

Организација и реализација на Конкурс за фотографија.

Организација, техничка поддршка на концерт на Универзитетски хор.

Подготовка на содржини за Универзитетски весник.

Организација на гостувања на декани/продекани претставници на факултетите на ТВ ИРИС – презентација на условите и можностите за студирање на УГД.

Лекторирање и техничко уредување на Универзитетски билтен 103, 103 а и 104.

Лекторирање на списание „Воспитание“.

Лекторирање и техничко уредување на додатоци на дипломи.

Лекторирање и техничко уредување на Универзитетски гласник.

Лекторирање и техничко уредување на Универзитетски весник.

Лекторирање на содржини за веб-страница на УГД вести, соопштенија и други содржини

Лекторирање на содржини за печатени промотивни материјали.

Лекторирање на содржини за Википедија.

Техничка подготовка и печатење на постери за концерти на ФМУ.

Ажурирање на сите веб-апликации.

Ажурирање на веб-страницата.

Проверка на работата на студенти кои учествуваат во изработка на студиските програми. Изработка на студиските програми.

Обработка на фотографии.

Креирање на сајт мапа.

Изработка на студиските програми.

Состаноци во ЦЕУ.

Креирање на заштита на веб-страниците.

Разгледување на темплејти за креирање на нова веб страница за Центарот за квалитет – креирање на страницата.

Миграција на сите веб-страници на УГД на нов сервер.

Контакти со наставници и асистенти во УГД за потребната документација околу издавање на ракописи.

Контактирање со Одделот за каталогизација во НУБ. „Св. Климент Охридски“ – Скопје околу издавање на CIP – запис за ракописи.

Архивирање на документи од ЦОЈ

Прибирање и средување на документи за нивно проследување до КИНД.

Вметнување на ЦИП запис.

**Јули/август 2013 година**

Корекции и изработка на предмети за студиски програми за ФПТН и МФ.
Ажурирање на биографии на Википедија.
Ажурирање на веб на УГД.
Лекторирање и техничко уредување на Универзитетски билтен.
Лекторирање на списание „Воспитание“.
Лекторирање на информатори за прв циклус.
Лекторирање и техничко уредување на Универзитетски гласник.
Лекторирање и техничко уредување на Универзитетски весник.
Лекторирање на содржини на веб-страница на УГД.
Лекторирање на содржини за Википедија.
Лекторирање на содржини за печатени промотивни материјали.
Техничка подготовка на: Универзитетски билтен, Информатори за прв циклус студии, универзитетски гласник, ИСО обрасци и материјали за КРР.

**Септември 2013 година**
Лекторирање и техничко уредување на Универзитетски билтен – број 108.
Лекторирање и техничко уредување на Универзитетски билтен – број 109.
Лекторирање и техничко уредување на Зборник на Факултет за образовни науки.
Лекторирање и техничко уредување на Универзитетски гласник.
Лекторирање на содржини на веб-страница на УГД.
Лекторирање на содржини за Википедија.
Лекторирање на содржини за печатени промотивни материјали.
Печатење на посери за Земјоделски факултет.
Печатење и укоричување на Елаборати за акредитација ан ФМН.
Техничко уредување на информатор на Информатор на ФМН за 2013 година.
Техничко уредување на Зборник за Факултет за информатика.
Лекторирање на Зборник за Економски факултет.
Лекторирање на УГД инфо.
Лекторирање на додатоци на дипломи за ФМУ.
Ажурирање на веб страницата.
Истражување и развивање на нови модули за веб.
Обработка на фотографии.
Заштита на веб-страница.
Изработка на англиската верзија на веб страницата.
Подготовка на распоред за студиска година.
Лекторирање на содржини за веб, сооштенија, вести, УГД Инфо, Универзитетски весник.
Контактирање со Одделот за ISSN броеви околу издавање на ISSN броеви и CIP броеви.
Тековни работи со веб-страниците.

Подготовка на електронски распоред за Универзитетот „Гоце Делчев“.

Подготовка на студиски програми и внесување на податоци за изработка на распоред во програмата MIMOSA.

Поставување на студиските програми на англиската верзија на веб.

Реализација на работни задачи доделени според записникот од состанокот одржан на 19.8.2013.

Креирање на електронски анкетен прашалник за УГД ФМ.

Конвертирање на студиските програми во ПДФ формат.

Поставување на банери на соработниците на УГД.

Изработка на веб-страници за Википедија.

Контактирање со одделот за каталогизација во НУБ „Св.Климент Охридски“ – Скопје околу издавање на CIP – запис за ракописи.

Прибирање и средување на документи за нивно проследување до КИНД.

Вметнување на ЦИП запис.

**Октомври 2013 година**

Лекторирање и техничко уредување на Универзитетски билтен.

Лекторирање и техничко уредување на Зборник на Факултет за образовни науки.

Лекторирање и техничко уредување на Универзитетски гласник.

Лекторирање на содржини на веб-страница на УГД.

Лекторирање на содржини за Википедија.

Лекторирање на содржини за печатени промотивни материјали.

Печатење на посери за Земјоделски факултет.

Печатење и укоричување на Елаборати за акредитација ан ФМН.

Техничко уредување на информатор на Информатор на ФМН за 2013 година.

Техничко уредување на Зборник за Факултет за информатика.

Лекторирање на Зборник за Економски факултет.

Лекторирање на УГД инфо.

Лекторирање на додатоци на дипломи за ФМУ.

Ажурирање на веб страницата.

Истражување и развивање на нови модули за веб.

Обработка на фотографии.

Заштита на веб-страница.

Изработка на англиската верзија на веб страницата.

Подготовка на распоред за студиска година.

Лекторирање на содржини за веб, сооштенија, вести, УГД Инфо, Универзитетски весник.

Контактирање со Одделот за ISSN броеви околу издавање на ISSN броеви и CIP броеви.

Тековни работи со веб-страниците.

Подготовка на електронски распоред за Универзитетот „Гоце

Делчев“.

Подготовка на студиски програми и внесување на податоци за изработка на распоред во програмата MIMOSA.

Поставување на студиските програми на англиската верзија на веб.

Креирање на електронски анкетен прашалник за УГД ФМ.

Конвертирање на студиските програми во ПДФ формат.

Поставување на банери на соработниците на УГД.

Изработка на веб-страници за википедија

Контактирање со Одделот за каталогизација во НУБ. „Св. Климент Охридски“ – Скопје околу издавање на CIP – запис за ракописи.

Прибирање и средување на документи  за нивно проследување до КИНД.

Вметнување на ЦИП запис.

**Ноември 2013 година**

Креирање на студиски програми во .хтмл формат за втор циклус на студии.

Поставување на вести за веб на дневно ниво.

Конвертирање на студиските програми во ПДФ формати.

Ажурирање на страниците за центрите.

Одржување на координативни состаноци за одделите.

Лекторирање и техничка подготовка на Универзитетски билтен бр.112.

Лекторирање на Зборник за Факултет за музичка уметност.

Лекторирање и техничка подготовка на Универзитетски гласник.

Лекторирање и техничка подготовка на Универзитетски билтен бр.113.

Лекторирање и техничка подготовка на содржини за Универзитетски весник.

Лекторирање на содржини за веб.

Лекторирање на содржини за промотивни материјали.

Лекторирање на УГД инфо.

Техничка подготовка и изработка на постер за потребите на УГД инфо.

Техничка подготовка и печатење на постер за потребите на Земјоделски факултет.

Техничка подготовка и печатење на сертификати за потребите на ФТБЛ.

Техничка подготовка и печатење на покани за промоција на книга за потребите на ФОН.

Техничка подготовка на информатори за втор циклус студии

Контактирање со Одделот за каталогизација во НУБ „Св.Климент

Охридски“ – Скопје околу издавање на CIP – запис за ракописи.

Вметнување на ЦИП записи.

Прибирање и средување на документи за нивно проследување до КИНД.

**3.2. Оддел за маркетинг и протокол**

Одделот за маркетинг и протокол е одговорен за планирање, реализирање и евалуирање на сите промотивни и маркетинг активности коишто имаат за цел да го промовираат Универзитетот во државата и надвор од неа.

Во соработка со факултетите, центрите, институтите и другите единици интегрирани во Универзитетот, Одделот за маркетинг и протокол е одговорен за подготовка на маркетинг акционен план, реализација на тој маркетинг план и евалуација на резултатите. Понатаму Одделот за маркетинг и протокол покрај планираните промотивни и маркетинг проекти предвидени и утврдени со маркетинг планот редовно се грижи за дизајнот, информациите и изборот на рекламните материјали, во соработка со Одделот за радио и ТВ подготвува аудио и видео презентации за универзитетот, рекламни аудио и видео спотови за универзитетот, комуницира со медиумите во делот на рекламното и ПР претставување на Универзитетот, дава поддршка во организација на манифестации, свечености, патронен празник на Универзитетот и други настани.

Во периодот од ноември 2012 до ноември 2013 г., Одделот за маркетинг и протокол има реализирано низа проекти и активности:

**Ноември 2012 година**

Подготовка на промотивни материјали за активности на УГД.

- Предавање на амбасадор на САД.
- Промоција на книга во МАНУ.
- Советување на ФПТН.
- Проект за подобрување на квалитетот на физичкото образование.
- Состанок на деканите на педагошките факултети.
- Активности на СПУГД.
- Активности на спортски центар.
- Културни активности.
- Конкурс за фотографија.

Подготовка на содржини и вести за веб-страницата на УГД.

Подготовка на содржини и вести за социјалниоте мрежи на УГД.

Ажурирање на социјални мрежи.

Подготовка на УГД инфо.

Осмислување на концепт за УГД ФМ инфо кое треба да стартува од декември.

План за дистрибуција и дистрибуција на промотивни печатени материјали:

- Летоци за странски студенти;

- Летоци за УГД сцена;
- Постери за УГД сцена.

Соопштенија до медиуми и покана за настани до медиумите.

Одржани прес-конференции за проекцијата на филмот „Трето полувреме“ и „УГД сцена“, настап во утринската програма на ТВ Алфа за „УГД сцена“.

Организација и логистика на настани:

- Предавање на амбасадор на САД.

Организација и логистика на настани (промоција на настаните, контакти со учесници, подготовка на договори, комплетирање на документација, пополнување и карти, логистика и организација на публика, подготовка на финансиски извештаи):

- Проекција на „Трето полувреме“
- Културна манифестација „УГД сцена“.

Изработка на проект – Академски клуб.

Подготовка и осмислување на дизајн за:

- УГД сцена.

Предлог-дизајн за надворешно и внатрешно брендирање на Факултет за образовни науки.

Документирање на тековни активности за одделот за маркетинг и протокол.

Подготовка на обрасци за ЦОЈ согласно со ИСО стандард.

**Декември 2012 година**

Подготовка на промоција за активности на УГД

- Предавање на вицегувернер на НБРМ.
- Промоција на прирачник.
- УГД сцена.
- Ден на македонските студенти.
- Изложба дизајн-хартија.
- Презентација за студентски мобилности.
- Предавање на најдобар млад научник.
- Промоција на книга.
- Новогодишен концерт на ФМУ.
- Научно-стручен симпозиум на ФМН.
- Потпишани договори со Здравствен дом и Клиничка болница.
- Посета на словачки амбасадор.
- Новогодишна театарска претстава.
- Доделување на дипломи.
- Конкурс за фотографија.

Подготовка на содржини и вести за веб-страницата на УГД.

Подготовка на содржини и вести за социјалниоте мрежи на УГД.

Ажурирање на социјални мрежи.

Подготовка на УГД инфо.

Осмислување на концепт за УГД ФМ инфо .

Документирање на тековни активности за Одделот за маркетинг и протокол.

Финализирање на правила и обрасци за ЦОЈ согласно со ИСО стандард.

Предлози за промоција на УГД ФМ.

Организација на забава на УГД ФМ во кафе-бар „Пијано“.

Организација на активности во ММЦ.

Подготовка на новогодишна претстава заедно со ФОН.

**Јануари 2013 година**

Подготовки за посета на училишта.

Подготовки за патронен празник.

**Февруари 2013 година**

Подготовка на промоција за предуписна кампања на УГД.

Подготовка на план за рекламирање на Фејсбук.

Подготовка на план за рекламирање на Гугл.

Подготовка на план за рекламирање на Интернет во Македонија и земјите од соседството.

Подготовка на план за посета на училишта.

Подготовка на спецификации за тендери.

Комуникација со добавувачи за внатрешно и надворешно брендирање.

Подготовка на соопштенија за медиумите.

Подготовки за Фестивалот на театар и краток филм „КУЛТРА“.

Подготовка на содржини и вести за веб-страницата на УГД.

Подготовка на содржини и вести за социјалниоте мрежи на УГД.

Подготовка на текстови за Википедија.

Подготовка на текстови за центрите на УГД.

Ажурирање на социјални мрежи.

Подготовка на УГД инфо.

Осмислување на концепт за УГД ФМ инфо.

Документирање на тековни активности за Одделот за маркетинг и протокол.

**Март 2013 година**

Предуписна кампања на УГД – посета на средните училишта.

Подготовка за патронен празник – протокол и агенда на сите активности.

Снимање, фотографирање, дизајн на брошура за Научноистражувачки центар.

Брендирање на Научноистражувачки центар – комуникација со фирма-добавувач, подготовка на идејно решение, спецификација за натписи на врати (ознаки за канцеларии).

Подготовка на спецификации за тендери.

Комуникација со добавувачи за внатрешно и надворешно брендирање.

Организација и логистика за монодрамата „Јустинијан Први“.

Промотивни активности – постери, видеоматеријали за монодрамата „Јустинијан Први“.

Подготовка на соопштенија за медиумите.

Подготовки за фестивалот на театар и краток филм „КУЛТРА“.

Прибирање на пристигнати апликации за учество на КУЛТРА, селекција и подготовка на предлог за Ректорска управа и Универзитетски сенат.

Подготовка на содржини и вести за веб страницата на УГД.

Подготовка на содржини и вести за социјалниоте мрежи на УГД.

Подготовка на текстови за Википедија.

Подготовка на текстови за центрите на УГД.

Ажурирање на социјални мрежи.

Подготовка на УГД инфо.

Осмислување на концепт за УГД ФМ инфо.

Документирање на тековни активности за Одделот за маркетинг и протокол.

**Април 2013 година**

Подготовки за учество на „Денови на образование“.

Осмислување и реализација на фото-сесија наменета за предуписна кампања на УГД.

Учество во дизајнирање на печатени промотивни материјали за „Денови на образование“ и предуписна кампања на УГД.

Сценарио и организација на снимање на телевизиски спот за предуписна кампања.

Организација и координација на настани и активности на УГД на „Денови на образование“.

Дизајнирање на ПВЦ штанд.

Дизајнирање на УГД ИНФО.

Дизајнирање на билборди – Кампус 4, влез на Штип.

Активности околу веб видливост – координација на активности за википедија, медиуми за промоција.

Подготовка на план за медиумска застапеност на УГД.

Контакти со медиуми, тв и радиска промоција.

Подготовка на УГД инфо.

Координација со добавувачи на печатени материјали и материјали за надворешно и внатрешно брендирање.

Подготовка, координација, реализација, медиумска промоција на Фестивалот „КУЛТРА“.

Завршни подготовки за УГД продавница и Академски клуб.

**Мај 2013 година**

Активности околу веб видливост – координација на активности за Википедија, медиуми за промоција.

Подготовка на план за медиумска застапеност на УГД, контакти со телевизии и веб-страници, подготовка и мониторинг на медиа планови.

Подготовка на УГД инфо – кое се испраќа секоја среда до вработени, студенти и медиуми.

Координација со добавувачи на печатени материјали и материјали за надворешно и внатрешно брендирање.

Координација со добавувачи на печатени материјали промотивни материјали – постери, летоци, брошури за активности на УГД.

Координација на проект – УГД продавница.

Завршни подготовки за Академски клуб.

Организациска поддршка за концертни настани на ФМУ.

Техничка подготовка на постери за концертни настапи на ФМУ.

Организациска поддршка за концерт на Универзитетски хор – 4.6.2013.

Организација и реализација на Конкурс за фотографија.

Учество на Отворени денови во Велес – дел од предуписна кампања на УГД.

Реализација на настан „Отворени денови на УГД“.

Организација и координација на гостувања на декани и продекани на УГД ФМ – дел од предуписна кампања на УГД.

**Јули /август 2013 година**

Подготовка на прашалници за програмата на УГД ФМ.

Реализација на електронска анкета.

Собирање на материјали и дизајни за нова брошура.

Подготовка на маркетинг план за 2013/2014.

Покривање на уписи 2013/2014.

Активности за веб-видливост.

Ажурирање на профилите на УГД на социјалните мрежи.

Подготовка на УГД ИНФО.

Подготовка на спецификација на тендер за надворешно и внатрешно брендирање.

**Септември 2013 година**

Архивирање на документи од ЦОЈ.

Подготовка на промотивна брошура за УГД.

Подготовка на видео презентација за УГД.

Подготовка на прв академски час.

Комуникација со медиуми и испраќање на соопштенија за медиуми.

Подготовка на УГД инфо.

Подготовка на маркетинг план за 2013/2014.

Подготовка на промотивни материјали за УГД ИНФО.

Подготовка на спецификација на тендер за брендирање.

Подготовки за промоција на УГД ФМ – нова програмска шема.

Контакти и подготовка на културни настани за Мултимедијален центар.

Подготовка на проект за „4 години УГД ФМ“.

Подготвки и промоција за настанот „Промоција на џез културата во Македонија“, организиран од страна на Претседателот на државата.

Дизајн и нарачка на ситен промотивен материјал – ЦД, чаши, летоци, брошури.

Координација и организациска поддржа за настаните кои ги организираат универзитетските единици.

**Октомври 2013 година**

Организација, логистика, одржување на прес-конференции за:

- 4 години УГД ФМ;
- Проекција „Соба со пијано“;
- Постеа на италијански амбасадор;
- Вмрежување на теренска лабораторија со стопанството;
- Воведување нови студиски програми по традиционална кинеска медицина;
- Научна трибина „Наставникот некогаш и денес“;
- Меѓународна недела на Еразмус;
- Недела на германски филм.

Подготовка на маркетинг план за 2013/2014.

Подготовка на текст за двојазична брошура.

Подготовка на проект „УГД блогсвет“.

Промоција на проект „УГД блогсвет“.

Организација на настан и протокол на активности за посетата на италијанскиот амбасадор.

Подготовка и реализација на Недела на германски филм.

Подготовка на проект „УГД СЦЕНА“.

Организација и протокол активности за настан – Предавање на гостин од пракса на Економски факултет.

Подготовка на документација за тендер за печатење.

Архивирање на документи од ЦОЈ.

Контакт со добавувачи за брендирање, набавка на материјали, предлог насоки за брендирање

Организација на настан и протокол на активности за 4 години УГД ФМ.

Подготовка на УГД инфо.

**Ноември 2013 година**

Промотивни активности за УГД блогсвет – креирање на вест, видео упатство, промоција на социјални мрежи.

Промотивни активности за културна манифестација „УГД Сцена“

– креирање на печатени материјали, видео материјали, промоција на социјални мрежи, гостување на телевизии, објава на текст во медиуми, соопштенија со медиуми.

Контакти со добавувачи за брендирање на нов Ректорат.

Редовно ажурирање на веб-страницата и профилите на социјалните мрежи на УГД и УГД ФМ.

Контакти со добавувачи нарачки на ситен рекламен материјал.

Организација на прес-конференција за

- Истражување на студентите по новинарство – Правен факултет.
- Промоција на Теренска лабораторија на Кампус 2
- Промоција на Научно-истражувачки центар на Кампус 2.
- Културна манифестација „УГД сцена“

Координативен состанок со Совет за радиодифузија во врска со измените и донесување на нов правилник со кој се уредува работата на радиостаниците.

Организација и координација на активности и настани во Мултимедијален центар и Академски клуб на УГД.

### 3.3. Оддел за радио и ТВ

Одделот за радио и ТВ е единица којашто претставува информатор за сите активности кои се одржуваат на Универзитетот „Гоце Делчев“. Одделот за радио и ТВ придонесува во подобро информирање на студентите и на останатата јавност за активностите на Универзитетот, а воедно претставува место каде што студентите по новинарство и односи со јавноста ја вршат својата пракса. Во овој оддел се продуцира независна и самостојна радио и ТВ програма која преку радиофреквенција се емитува на ниво на цела Општина Штип, а преку интерната ТВ мрежа се емитува низ сите објекти каде што гравитираат студенти и наставници на УГД.

Универзитетското радио УГД-ФМ, како дел од Одделот за радио и ТВ, емитува 24-часовна програма што се однесува на студентите и младите луѓе во градот, програма која го засега работењето на Универзитетот и студирањето на сите студенти. Студентите континуирано се информираат за настаните и за активностите на УГД, а воедно студентското радио и интерната телевизија имаат и едукативна и забавна компонента.

Преку продукција на едукативни и забавни програми овие два медиума претставуваат неформално надополнување на едукацијата на студентите и останатите консументи. Воедно овие два медиума континуирано даваат поддршка преку преноси во живо, гостувања и продукција на емисии на сите настани кои се организираат од страна на Универзитетот. Одделот за радио и ТВ, исто така, им дава поддршка на сите млади луѓе и студенти кои сакаат креативно да се изразат или нивниот глас да се слушне подалеку во јавноста. И двата медиума постојано соработуваат со многу млади луѓе кои активно се вклучени во креирањето на програмата.

Одделот за радио и ТВ изминатава година работеше според претходно утврдениот план и програма, и според систематизацијата на Универзитет

„Гоце Делчев“. Во својата работа, овој оддел вклучува подготовка на радио и ТВ содржини, следење и промовирање на активностите на Универзитетот и придружните членки и нивно афирмирање. Одделот за радио и ТВ е вклучен во продукција на рекламни и промотивни спотови за Универзитетот, центрите, факултетите и УНИ-сервис.

Во редовните активности овој оддел вклучува емитување на 24-часовна програма на радио и изготвување на видеоматеријали за универзитетската телевизија.

Во работата на овој оддел влегува и подготвувањето на содржини за Универзитетскиот весник и комплетно негово уредување. Се подготвуваат содржини за веб страницата на универзитетот, на радиото и на факултетите. Редовно се обновуваат и додаваат нови содржини.

Одделот за радио и ТВ со своите човечки ресурси ги следи настаните кои се одржуваат на Универзитетот, но и оние во градот и државата. Настаните се проследени преку фотографирање и аудио и видео снимање.

Во изминатиов период одделот учествуваше во низа проекти кои се организираа на УГД, а и самиот оддел беше иницијатор на бројни активности и проекти кои имаа за цел да го афирмираат Универзитетот и да ги анимираат студентите на бројни активности.

**Ноември 2012 година**

Вести од светот.

Вести 10 часот.

Вести за веб.

Координација со студенти за изработка на емисии.

Интервју свеж воздух.

Подготовка на рубрики.

Договор со студентка спортска емисија.

Реализација на редовната програмска шема на „УГД ФМ“:

Емисии во живо.

Вести од светот – 9 часот.

Вести од Македонија – 10 часот.

Утринска програма „Може да почнеме“ – 7.45 – 9.45 часот.

Емисија за култура „Култ фу“ – 12-13 часот.

Пладневна емисија „Свеж воздух“ - 13 – 16 часот.

Џез индекс – 21 -23 часот.

Радио дебата – 18-20 часот.

Автостопери - 21 -23 часот.

Монтажа и продукција на снимени емисии.

Реализација на гостувања и разговори во живо на „УГД ФМ“..

Подготовка на содржини и вести за веб страницата на УГД.

Подготовка на содржини и вести за социјалниоте мрежи на УГД.

Подготовка на содржини за Универзитетски весник.

Подготовка на содржини за Студентско ЕХО координација на студенти по новинарство

Проследување на настани на УГД (снимање, фотографирање, новинарско проследување).

- Предавање на амбасадор на САД.
- Промоција на книга во МАНУ.
- Советување на ФПТН.
- Проект за подобрување на квалитетот на физичкото образование.
- Состанок на деканите на педагошките факултети.
- Активности на СПУГД.
- Активности на спортски центар.
- Културни активности.

Изработка на слики за легитимации

за ИТ центар.

Подготовка на печатени и видео материјали за УГД сцена: летоци, брошури, постери, видео реклами, ажурирање на видео канал јутјуб.

Секојдневно внесување на видео содржини за УГД ТВ.

Изработка и монтажа на видеоматеријали од сите настани на УГД за УГД ТВ.

Монтажа и анимација за видео за е-библиотека.

Подготовки на банер за веб.

Техничка поддршка за проекции на „Трето полувреме“.

Техничка поддршка за „УГД сцена“.

Архивирање на видео и фото материјали.

Работа на серверот на телевизијата.

**Декември 2012 година**

Реализација на редовната програмска шема на „УГД ФМ“:

Емисии во живо

Вести од светот – 9 часот.

Вести од Македонија – 10 часот.

Утринска програма „Може да почнеме“ – 7.45 – 9.45 часот.

Емисија за култура „Култ Фу“ – 12-13 часот.

Пладневна емисија „Свеж воздух“ - 13 – 16 часот.

Џез индекс – 21 -23 часот.

Радио дебата – 18-20 часот.

Координација со студенти за изработка на емисии.

Монтажа и продукција на снимени емисии.

Реализација на гостувања и разговори во живо на „УГД ФМ“.

Подготовка на содржини и вести за веб страницата на УГД.

Подготовка на содржини и вести за социјалниоте мрежи на УГД.

Поставување на снимени емисии на интернет (поткаст).

Подготовка на содржини за Универзитетски весник.

Подготовка на содржини за Студентско ЕХО координација на студенти по новинарство.

Снимање и монтажа на нови џинглови и новогодишни џинглови.

Проследување на настани на УГД (снимање, фотографирање, новинарско проследување, подготовка на видео прилози од настани,

техничка поддршка/озвучување).
- Предавање на вицегувернер на НБРМ.
- Промоција на прирачник.
- УГД сцена.
- Ден на македонските студенти.
- Изложба дизајн-хартија.
- Презентација за студентски мобилности.
- Предавање на најдобар млад научник.
- Промоција на книга.
- Новогодишен концерт на ФМУ.
- Научно-стручен симпозиум на ФМН.
- Потпишани договори со Здравствен дом и Клиничка болница.
- Посета на словачки амбасадор.
- Новогодишна театарска претстава.
- Доделување на дипломи.

Техничка подготовка на весникот - Студентско ехо.

Изработка на видео постери и веб банери за сите настани на УГД.

Секојдневно внесување на видео содржини за УГД ТВ.

Изработка и монтажа на видео материјали од сите настани на УГД за УГД ТВ.

Техничка поддршка за настаните во Мултимедијален центар.
- УГД сцена.
- Стенд ап шоу.
- Новогодишна претстава.
- Годишен концерт на ФМУ.
- Годишен концерт на балетско студио.
- Архивирање на видео и фото материјали.

Работа на серверот на телевизијата.

Изработка на видео новогодишна честитка за УГД.

**Јануари 2013 година**

Продукција на снимени емисии.

Реализација на редовна програмска шема.

Подготовки за ревидирање на програмска шема.

**Февруари 2013 година**

Реализација на редовната програмска шема на „УГД ФМ“:

Емисии во живо.

Вести од светот – 9 часот.

Вести од Македонија – 10 часот.

Утринска програма „Може да почнеме“ – 7.45 – 9.45 часот.

Емисија за култура „Култ Фу“ – 12-13 часот.

Пладневна емисија „Свеж воздух“ -  13 – 16 часот.

Координација со студенти за изработка на емисии.

Монтажа и продукција на снимени емисии.

Реализација на гостувања и разговори во живо на „УГД ФМ“.

Подготовка на содржини и вести за веб страницата на УГД.

Подготовка на содржини и вести за социјалниоте мрежи на УГД.

Поставување на снимени емисии на интернет (поткаст)

Подготовка на содржини за Универзитетски весник.

Подготовка на содржини за Студентско ЕХО координација на студенти по новинарство

Проследување на настани на УГД (снимање, фотографирање, новинарско проследување, подготовка на видео прилози од настани, техничка поддршка/озвучување).

Седница на Ректорска управа.

Седница на Сенат.

Во Струмица (снимање на Земјоделски факултет со Фиданка Трајкова).

Изработка на Видео за УСЦ од натпреварот во саботата.

Отворање на Рекреативен центар на УГД.

Одбележување 141 година од раѓањето на Гоце Делчев.

Изработка на видео постери и веб банери за сите настани на УГД.

Секојдневно внесување на видео содржини за УГД ТВ.

Изработка и монтажа на видео материјали од сите настани на УГД за УГД ТВ.

Архивирање на видео и фото материјали.

Работа на серверот на телевизијата.

**Март 2013 година**

Реализација на редовната програмска шема на „УГД ФМ“:

Емисии во живо.

Вести од светот – 9 часот.

Вести од Македонија – 10 часот.

Утринска програма „Може да почнеме“ – 7.45 – 9.45 часот.

Емисија за култура „Култ Фу“ – 12-13 часот.

Пладневна емисија „Свеж воздух“ - 13 – 16 часот.

Координација со студенти за изработка на емисии.

Монтажа и продукција на снимени емисии.

Реализација на гостувања и разговори во живо на „УГД ФМ“.

Подготовка на содржини и вести за веб страницата на УГД.

Подготовка на содржини и вести за социјалниоте мрежи на УГД.

Поставување на снимени емисии на интернет (поткаст)

Подготовка на содржини за Универзитетски весник.

Подготовка на содржини за Студентско ЕХО координација на студенти по новинарство

Проследување на настани на УГД (снимање, фотографирање, новинарско проследување, подготовка на видео прилози од настани, техничка поддршка/озвучување).

Обновена соработката со УКЛО.

Експерт од Србија одржа предавање на Земјоделскиот факултет.

Настапи на спортските клубови на УГД.

Заменик-министерот за земјоделство во посета на УГД.

УГД одбојка во женска конкуренција.

Спортски активности во чест на патронатот на УГД.

Предавање на професор од Хрватска и изложба на фотографии на ФОН.

Изложба археолошкото богатство низ објективот на студентите.

Откриена скулптурата „Аристотел“ и отворен Научноистражувачки центар на УГД.

6 години УГД – активности поврзани со одбележувањето на патрониот празник.

Седница на Ректорска управа .

Седница на Сенат.

Изработка на видеопостери и веб-банери за сите настани на УГД.

Секојдневно внесување на видео содржини за УГД ТВ.

Изработка и монтажа на видео материјали од сите настани на УГД за УГД ТВ.

Архивирање на видео и фото материјали.

Работа на серверот на телевизијата.

**Април 2013 година**

Подготовка на вести за веб на дневно ниво.

Координација на студенти за изработка на емисии и радиоприлози.

Координација на програмата на УГД ФМ.

Подготовка на радио-дебати.

Реализација на радио-дебати во студиото на УГД ФМ и преку отворени студија, секој петок во живо од 18 до 20 часот.

Изработка на радио вести во редовни термини 9 и 10 часот на дневно ниво.

Реализација на програма во живо „Свеж воздух“.

Реализација на програма во живо „Култ фу“.

Реализација на програма во живо „Може да почнеме“.

Реализација на програма во живо „Џез индекс“.

Подготовка и обработка на снимени емисии за поставување на интернет – поткаст.

Новинарско покривање, снимање, фотографирање на настани на УГД.

Техничка обработка на фотографии, техничка подготовка на брошура – водич за уписи.

Подготовка на видео материјали за УГД ТВ.

Снимање, монтажа и објава на „Youtube” на снимени материјал од УГД.

Снимање на реклама за предуписна кампања на УГД.

Техничка подготовка на надворешно брендирање УГД ИНФО.

Техничка подготовка на билборди.

**Мај 2013 година**

Подготовка на вести за веб на дневно ниво.

Координација на студенти за изработка на емисии и радио прилози.

Координација на програмата на УГД ФМ.

Подготовка на радио дебати.

Реализација на радио дебати во студиото на УГД ФМ и преку отворени студија, секој петок во живо од 18 до 20 часот.

Изработка на радио вести во редовни термини 9 и 10 часот на дневно ниво.

Реализација на програма во живо „Свеж воздух“.

Реализација на програма во живо „Култ фу“.

Реализација на програма во живо „Може да почнеме“.

Реализација на програма во живо „Џез индекс“.

Подготовка и обработка на снимени емисии за поставување на интернет – поткаст.

Новинарско покривање, снимање, фотографирање на настани на УГД.

Техничка обработка на фотографии, техничка подготовка на брошура, корекција на водич за уписи согласно новите измени според официјалниот Конкурс.

Подготовка на видео материјали за УГД ТВ.

Снимање, монтажа и објава на „Youtube” на снимени материјал од УГД

Монтажа и продукција на телевизиски спот за предуписна кампања на УГД.

Разговори во живо во УГД ФМ со декани продекани – активност која е дел од предуписна кампања на УГД.

Снимање, монтажа и продукција на видео материјали од разговорите во живо во УГД ФМ со декани продекани – активност која е дел од предуписна кампања на УГД.

Техничка подготовка на банери за веб – дел од предуписна кампања на УГД.

Активности околу веб видливост – координација на активности за Википедија, медиуми за промоција.

**Јуни 2013 година**

Подготовка на вести за веб на дневно ниво.

Координација на студенти за изработка на емисии и радио прилози.

Координација на програмата на УГД ФМ.

Подготовка на радио дебати.

Реализација на гостувања на декани/продекани претставници на факултетите на „УГД ФМ“ – презентација на условите и можностите за студирање на УГД.

Изработка на радио вести во редовни термини 9 и 10 часот на дневно ниво.

Реализација на програма во живо „Свеж воздух“.

Реализација на програма во живо „Култ фу“.

Реализација на програма во живо „Може да почнеме“.

Реализација на програма во живо „Џез индекс“.

Подготовка и обработка на снимени емисии за поставување на интернет – поткаст.

Новинарско покривање, снимање, фотографирање на настани на УГД.

Техничка обработка на фотографии, подготовка на банери за веб.

Подготовка на видео материјали за УГД ТВ.

Снимање, монтажа и објава на „Youtube” на снимени материјал од УГД и УГД ФМ.

Координација и техничка подготовка на „Студентско ехо“.

Координација, снимање и техничка реализација на радио – драма „Црната статуетка на смртта“.

Снимање, монтажа и продукција на видео материјали од разговорите во живо во УГД ФМ со декани продекани – активност која е дел од предуписна кампања на УГД .

Техничка подготовка на банери за веб – дел од предуписна кампања на УГД.

**Јули / август 2013 година**

Реализација на редовната програмска шема на „УГД ФМ“:

Вести од светот – 9 часот.

Вести од Македонија – 10 часот.

Утринска програма „Може да почнеме“ – 7.30 – 10 часот.

Емисија за култура „Култ Фу“ – 11-12 часот.

Пладневна емисија „Свеж воздух“ - 12 – 15 часот.

Монтажа и продукција на снимени емисии.

Реализација на гостувања и разговори во живо на „УГД ФМ“.

Подготовка на содржини и вести за веб страницата на УГД.

Подготовка на содржини и вести за социјалниоте мрежи на УГД.

Подготовка на содржини за Универзитетски весник.

Техничка подготовка на фотографии и подготовка на банери за веб.

Подготовка на видеоматеријали за УГД ТВ.

Снимање, монтажа и објава на Youtube на снимен материјал од УГД и УГД ФМ.

Поставување на содржини на ИП телевизија – поставени околу 25 артикли.

**Септември 2013 година**

Подготовка на извештај од добиените резултати од спроведување на анкетатат за слушаноста на УГД ФМ

Креирање на нова програмска шема.

Координација на студенти за изработка на емисии и радиоприлози.

Практична работа со студетни, усовршување на техники за радиски говор, дишење и дикција.

Превод на радиодрами.
Екипирање на тим за радиопродукција на радиодрами.
Подготовка на вести за веб на дневно ниво.
Реализација на Гостувања на УГД ФМ.
Реализација на редовната програмска шема на „УГД ФМ“:
Вести од светот – 9 часот.
Вести од Македонија – 10 часот.
Утринска програма „Може да почнеме“ – 7.30 – 10 часот.
Емисија за култура „Култ Фу“ – 11-12 часот.
Пладневна емисија „Свеж воздух“ - 12 – 15 часот.
Монтажа и продукција на снимени емисии.
Реализација на гостувања и разговори во живо на „УГД ФМ“.
Подготовка на содржини и вести за веб страницата на УГД.
Подготовка на содржини и вести за социјалниоте мрежи на УГД.
Подготовка на содржини за Универзитетски весник.
Техничка подготовка на фотографии и подготовка на банери за веб.
Подготовка на видео материјали за УГД ТВ.
Снимање, монтажа и објава на Youtube на снимен материјал од УГД и УГД ФМ.
Теничка подготовка на флаери, плакати, концертни програми, промотивни материјали за настаните на УГД (Ревија за денови на модата, настап на ФМу во Охрид, Претстедател на РМ и Денови на модата).
Техничка поддршка на Општина Штип за Денови на модата (флаери, билборди, продукција и монтажа на видео спот, сите промотивни аудио, видео и печатени материјали).
Изработка на вести за веб-страницата на УГД.

**Октомври 2013 година**
Подготовка на извештај од добиените резултати од спроведување на анкетатат за слушаноста на УГД ФМ.
Креирање на нова програмска шема.
Координација на студенти за изработка на емисии и радио прилози.
Практична работа со студетни, усовршување на техники за радиски говор, дишење и дикција.
Превод на радиодрами.
Екипирање на тим за радио продукција на радиодрами.
Подготовка на вести за веб на дневно ниво.
Реализација на Гостувања на УГД ФМ.
Реализација на редовната програмска шема на „УГД ФМ“:
Вести од светот – 9 часот.
Вести од Македонија – 10 часот.
Утринска програма „Може да почнеме“ – 7.30 – 10 часот.
Емисија за култура „Култ Фу“ – 11-12 часот. Пладневна емисија „Свеж воздух“ - 12 – 15 часот. Монтажа и продукција на снимени емисии
Реализација на гостувања и разговори во живо на „УГД ФМ“.
Подготовка на содржини и вести за веб-страницата на УГД –

подготвени 70 вести.

Подготовка на содржини и вести за социјалниоте мрежи на УГД.

Подготовка на содржини за Универзитетски весник.

Техничка подготовка на фотографии и подготовка на банери за веб.

Подготовка на видео материјали за УГД ТВ .

Снимање, монтажа и објава на Youtube на снимен материјал од УГД и УГД ФМ – подготвени 17 прилози.

Подготовка на постери за ФМУ.

Техничка подготовка на брошура за лабораторија за Електронска микроскопија.

**Ноември 2013 година**

Координација на студенти за изработка на емисии и радио прилози.

Изработка на радио вести во редовни термини 9 и 10 часот на дневно ниво.

Реализација на емисија во живо понеделник – петок „Свеж воздух“ со Игор Стојанов.

Реализација на емисија во живо понеделник – петок „Може да почнеме“ со Влатко Миленкоски.

Реализација на емисија во живо понеделник , среда, петок „Култ fy“ со Марија Манева.

Реализација на емисија во живо понеделник „Џез индекс“ со Мартина Николовска.

Практична работа со студенти, усовршување на техники за радиски говор, дишење, дикција.

Реализација на гостувања на „УГД ФМ“.

Поставување на радиски емисии на интернет.

Техничка обработка и монтажа на снимени аудиоемисии за „УГД ФМ“.

Организација и координација за видео шоу УГД ФМ.

Организација, координација и техничка поддршка на музичка емисија во живо „Live cover“ – секоја среда од 20 часот.

Снимање на видео материјали за подготовка на телевизиски прилози.

Креирање на содржини за Универзитетски весник.

Монтажа на видео прилози за УГД ТВ и Youtube.

Изработка на банери за веб.

Техничка подготовка на Универзитетски весник.

Подготовка на видео-упатство за УГД блогсвет.

Организација и координација, техничка поддршка за настан „Меѓународна недела на ЕРАЗМУС“.

Организација и координација, техничка поддршка за настан „Промоција на теренска лабораторија на Кампус 2“.

Проследување на настан „Посета на амбасадор на Норвешка“.

Организација и координација, техничка поддршка за настан

„Предавање на најмлад научник за 2012 на Кампус 2“.

Организација и координација, техничка поддршка за настан „Прес-конференција за презентирање на резултатите од истражувањето спроведено од студентите по новинарство и односи со јавноста“.

Проследување на настан „Потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Општина Штип и УГД“.

Проследување на настан и техничка поддршка Државна универзитетска лига.

Изработка, монтажа и поставување на Youtube на 16 видеоприлози за активности на УГД.

Дизајн и техничка подготовка на печатени и видео материјали за културната манифестација „УГД сцена“.

Изработка на 63 вести за веб-страницата на УГД.

Ажурирање на веб страницата – дел за вести.

Обработка на фотографии.

Поврзување на предметите во студиските програми за ФПТН и нивно финализирање:

### 3.4. Дополнителни активности на Центарот за односи со јавноста со неговите Оддели за маркетинг и протокол, и радио и ТВ

Центарот за односи со јавноста, со своите Оддел за маркетинг и протокол и Оддел за радио и ТВ, реализираше неколку културни манифестации, фестивали, културни активности, филмски проекции и сл.

Во периодот од ноември 2013 до ноември 2013 беа реализирани следните активности:

Филмска проекција „Трето полувреме“ – ноември 2012 година;

Културна манифестација „УГД Сцена“ –ноември/декември 2012 година;

Новогодишна театарска претстава за деца;

Фестивал на театар и краток филм „КУЛТРА“ – април 2013 година;

Недела на германски филм, октомври, 2013 година;

Филмска проекција „Соба со пијано“, октомври 2013 година;

Филмска проекција „Балканот не е мртов“, ноември 2013 година;

Културна манифестација „УГД Сцена“ – ноември 2013 година.

# VIII. ЦЕНТАР ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УЧЕЊЕ

Основната цел на Центарот за електронско учење (ЦЕУ) е да се воведат модерни форми на учење на Универзитетот „Гоце Делчев“, нови технологии: интерактивни табли, графички табли, мултимедиумски софтвер и хардвер, аудиовизуелна опрема и друго, како и перманентни обуки на наставници, учители, студенти и ученици од универзитети и училишта во Република Македонија.

Центарот за електронско учење во 2013 година функционираше во состав:

| Бр. | Презиме и име | Звање |
|---|---|---|
| 1 | Д-р Зоран Здравев | Доцент на Факултетот за информатика, раководител |
| 2. | М-р Ѓорги Димов | асистент на Факултетот за информатика, член од ФПТН |
| 3. | М-р Силвана Жежова | пом. асистент на Технолошко – технички факултет, член од ТТФ (со прекин од март до ноември поради породилно отсуство) |
| 4. | Борче Јаневски | систем администратор |
| 5. | Сања Стефанова | дипл. инж. инф., волонтер (февруари, март, септември- декември) |
| 6. | Марина Иванова | дипл. инж. инф., волонтер (февруари, март, септември- октомври) |
| 7. | Стојанче Спасов | дипл. инж. инф., волонтер (февруари, март, септември- декември) |
| 8. | Мирјана Коцалева | дипл. инж. инф., волонтер (февруари, март, септември- декември) |

## 1. Извештај за тековните активности на Центарот за електронско учење

Во периодот од јануари 2013 до декември 2013 година во рамките на Центарот за електронско учење се реализираа голем број активности, според предвидената програма за работа. Во континуитет е даден преглед на реализираните редовни и вонредни активности од страна на Центарот за електронско учење.

Во периодот од 21.1.2013 година до 30.11.2013 година во рамките на Центарот за електронско учење се реализираа следниве активности:

- Решавање на проблеми со кориснички профили;
- Техничка поддршка на ЦЕУ;
- Доделување на права за креирање на курсеви на Moodle 2 платформата;
- Ажурирање на курсеви на новиот систем на Moodle 2 платформата;
- Уредување и одржување на новиот систем на Moodle 2 платформата;

- Администрација на повици;
- Уредување на кориснички профили.
- Ажурирање на Moodle 2 платформата;
- Корисничка и телефонска поддршка;
- Статистика на курсеви на Moodle 2 платформата.

2. **Извештај за реализираните проверки на системот за е - учење**

Од септември 2013 година покрај извештаите за тековните активности на Центарот за електронско учење се изработуваат и извештаи за реализирани проверки на системот за е - учење.

Во периодот од септември 2013 година до декември 2013 година беа реализирани следниве софтверските проверки:

- Проверка на функционалноста на базата;
- Следење на статистиката;
- Извршена проверка и адаптирање на crone;
- Проверка на безбедносната конфигурација;
- Проверка на политиката за најавување;
- Проверка дали има нова верзија;
- Уредување и одржување на Moodle2 платформата;
- Ажурирање на Moodle2 платформата;
- Решавање на проблеми со кориснички профили;
- Уредување на кориснички профили;
- Ажурирање на курсеви на Moodle 2 платформата ;
- Помош при креирање на курсеви;
- Бришење на неактивни курсеви.

3. **Систем за управување со учењето (Learning management System – Moodle)**

Центарот за електронско учење за потребите на наставниците, соработниците и студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ го управува „Системот за електронско учење“. Од 2008 до јули 2011 год. се користеше верзијата на Moodle 1.9 која беше инсталирана на сервер со скромен капацитет (20 GB мемориски простор без можност за проширување). Во јули 2011 год. е инсталирана нова платформа со верзија Moodle 2.1 и на сервер со поголеми можности и во многу кратко време е усвоена за редовна работа. Во јули 2012 год. е инсталирана новата верзија на е-учење (Moodle 2.3.1).

Во табела 1 се дадени податоците кои ја дефинираат моменталната искористеност на Moodle 2.5.3 платформата според податоците земени на 10 декември 2013. Вкупниот број на корисници на Moodle 2.5.3 платформата изнесува околу 16751 корисник, од кои 381 се предавачи (професори и асистенти), а останатите се студенти на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Моментално, вкупно се креирани 1.822 курсеви кои се активни, односно креаторите на своите курсеви водат редовна и постојана контрола на своите курсеви, за содржините, активностите и студентите зачленети во нив.

*Табела 1. Искористеност на Moodle 2.5.3 платформата (10.12.2013 г.)*

| | **Вкупен број:** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **Курсеви:** | 1823 |
| **Корисници:** | 16753 |
| **Задачи на улогите:** | 77623 |
| **Предавачи:** | 381 |
| **Пораки:** | 64550 |
| **Прашања:** | 1291 |
| **Ресурси:** | 14084 |

*Просечен број на учесници (42.76)*
*Просечен број на курсеви (11.10)*

Во табела 2 е даден преглед на бројот на наставници/соработници кои ја користат Moodle 2.5.3 платформата во наставниот процес, од сите 13 факултети во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“:

*Табела 2. *Број на наставници /соработници по факултети кои ја користат Moodle 2.5.3*

| | Назив на институцијата | Број на наставници соработници |
|---|---|---|
| 1 | Факултет за музичка уметност | 6 |
| 2 | Факултет за туризам и бизнис логистика | 32 |
| 3 | Факултет за образовни науки | 28 |
| 4 | Факултет за медицински науки | 72 |
| 5 | Земјоделски факултет | 26 |
| 6 | Електротехнички факултет | 17 |
| 7 | Технолошко- технички факултет | 18 |
| 8 | Факултет за природни и технички науки | 51 |
| 9 | Економски факултет | 29 |
| 10 | Филолошки факултет | 34 |
| 11 | Правен факултет | 17 |
| 12 | Факултет за информатика | 26 |
| 13 | Машински факултет | 22 |
| - | Воена академија | 3 |
| | **ВКУПНО** | **381** |

* *(Напомена: во горната табела се влезени и наставници/соработници кои се од други факултети, но држат настава на споменатиот факултет – тоа значи дека некои наставници/соработници може да се повторуваат во горниве бројки, што значи дека вкупната реалната бројка од 381 е помала за 10-20)*

**Заклучок:**

Од Годишниот извештај за тековните активности на Центарот за

електронско учење за 2013 година можеме да дојдеме до заклучок дека бројот на курсеви и корисници постепено се зголемува, а паралелно со нив расте и бројот на пораки, прашања и ресурси. Исто така, од извештајот забележуваме и зголемување на бројот на наставници и соработници кои ја користат Moodle 2 платформата односно ги користат различните алатки кои ги им ги нуди самата платформа, со чија помош полесно ја организираат својата наставна програма.

Центарот за електронско учење стои на располагање на своите корисници и постојано врши корисничка и техничка поддршка за користење на платформата.

**Вовед**

Согласно со Планот за работа за 2013, активностите на Центарот за обезбедување на квалитет на УГД, беа фокусирани во правец на неколку групи активности и тоа:

1. Комплетирање на активности поврзани со имплементација на системот за управување со квалитет ISO 9001:2008;
2. Поддршка при спроведување на интерна проверка на системот за управување со квалитет ISO 9001:2008;
3. Учество и координација на процесот на самоевалуација на Универзитетот за периодот од 2011 до 2012 година;
4. Учество во процесот на подготовка за екстерна евалуација на Универзитетот предвиден за 2014 година.

**Приказ на активностите**

Заклучно со почетокот на ноември 2012 година, тимот за имплементација на СМК ја заврши изработката на целокупната документација за Универзитетот (имплементација на СМК на Кампус 1, од каде се исклучени Универзитетски спортски центар и Универзитетски културен центар како посебни правни субјекти) согласно со организационата шема на УГД и Правилникот за систематизација на работните места од Универзитетски гласник бр. 23. Сумарно, изработени/доработени се вкупно 2 деловници, 41 правилници, 120 процедури и 37 работни упатства. Во процесот на имплементација на стандардот, беа настанати неколку измени во однос на организациската структура на одделите и центрите кои повлекоа измени и во веќе утврдените документи, па поради тоа беше извршена ревизија на сите документи поврзани со работата на овие оддели и центри. Во текот на јануари и февруари 2013 година, целокупната документација поврзана со работата на одделите и центрите, предмет на сертификација беа соодветно означени, со што се обезбедија услови за верификација од страна на Универзитетскиот сенат, Одлука за усогласување на општите акти објавени во Универзитетски гласник бр.26/13 и новите општи акти ИСО 9001:2008 стандардот од 11.3.2013 година, и дистрибуција на системот во реални услови, со цел креирање на записи, спроведување на соодветни корективни мерки и подготовка за спроведување на интерна проверка на главните процеси и процесите за поддршка на Универзитетот.

Интерната проверка на Универзитетот е спроведена во мај 2013 година, при што е усвоен извештај од спроведена интерна проверка од страна на Универзитетскиот сенат, Одлука за усвојување на Извештај од интерна проверка за ИСО 9001:2008 од 22.5.2013 година. Во истиот е утврдена ефективна имплементација на процесите (не се забележани големи неусогласености, забележани се 3 мали неусогласености, неколку можности за подобрување, и неколку позитивни аспекти од имплементацијата, како одличен електронски систем за комуникација, одличен систем за прием, валидација и дистрибуција на материјали и

опрема и ефикасни алатки за мерење на корисничкото задоволство). По ова, беа исполнети сите предуслови за публикација на целокупната документација во Универзитетскиот гласник и интранет страницата на Универзитетот, како и спроведување на тендерска постапка и избор на консултанска куќа за спроведување на екстерна проверка на системот за менаџмент со квалитет.

Во текот на мај и јуни 2013 година, Центарот за обезбедување на квалитет активно учествуваше и го координираше процесот на самоевалуација на Универзитетот, и соодветно изработи и публикуваше извештај, во кој уште еднаш се потврди ефикасната поставеност на целиот систем и задоволството на студентите од начинот на одвивање на образовниот процес и информатичко-технолошката опременост на Универзитетот.

Во октомври 2013 година, раководителот на Центарот за обезбедување на квалитет активно учествуваше во работилницата организирана од страна на меѓународната програма за евалуација на универзитети, EUA-IEP, Брисел. Притоа, уште еднаш е потврдена значајноста од ефикасна и ефективно спроведена самоевалуација на Универзитетите, како предуслов за успешна екстерна евалуација од меѓународното тело, преку 2 надзорни посети планирани за следната 2014 година, со изработка на соодветен извештај и утврдување на понатамошни превентивни и мерки за подобрување.

**Предлог-план на активности за 2014 година**

| **Опис на активност** | **Временска рамка** |
|---|---|
| - екстерна евалуација на Универзитетот (прва надзорна проверка) | **прв и втор квартал од 2014** |
| - екстерна евалуација на Универзитетот (втора надзорна проверка) | **трет и четврт квартал од 2014** |
| **Активности со Оддел за софтвер** | |
| - поддршка во процесот на анкетирање со помош на е-индекс, финализирање на анкетирањето и активностите за прибирање на податоците | **Јуни 2014** |
| **Реализација на обуки за ISO 9001:2008 од страна на УГД** | |
| - планирање и реализирање на обуки за ISO 9001:2008 од страна на УГД на надворешн корисници со внатрешни сертифицирани интерни аудитори | **Јуни – ноември 2014** |

## VIII. ЦЕНТАР ЗА МЕЃУУНИВЕРЗИТЕТСКА СОРАБОТКА

Центарот за меѓууниверзитетска соработка при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип во текот на 2013 година активно работеше на навремено информирање за сите отворени конкурси за студиски престои, кратки обуки и конференции во странство и во замјава, ја следеше работата на проектите чии активности се реализираат по единиците на Универзитетот, воспоставуваше контакти со високообразовни институции за соработка во сферата на науката и образованието, организираше презентации за стипендии и асистираше на студентите и вработените при изборот на најсоодветен Конкурс за аплицирање или пополнување на апликација. Посебна област на работа ве текот на академската 2012/2013 година беше програмата за доживотно учење Еразмус.

Во делот од воспоставување на нова соработка, во текот на 2013 година е потпишана меѓууниверзитетска соработка со Универзитет за технички науки, Софија, Бугарија, Универзитет за економски науки во Букурешт, Романија, Универзитет Плоешт, Романија, Универзитет Нови Сад, Србија, Универзитет Сплит, Хрватска, Универзитет Мурсија, Шпанија, Универзитет Осиек, Хрватска, Универзитет Салзбург, Австрија и Универзитет Саннио, Италија. Еразмус соработка е потпиашна со следните високо-образовни инситуции: Универзитет Грац, Австрија, Универзитет Копар, Словенија, Универзитет Вилниус, Литванија, Универзитет Марибор, Словенија, Стопанска академија Свиштов, Бугарија, Универзитет Като, Белгија, Универзитет Талин, Естонија, Универзитет Фоџа, Италија, Универзитет Ферара, Италија, Универзитет Вик, Шпанија, Универзитет Љубљана, Словенија, Универзитет Острава, Чешка, Универзитет Сплит, Хрватска,Универзитет Алмериа, Шпанија, Универзитет Елблаг, Полска. Првични преговори и иницијативи за соработка се остварени со следните институции: Универзитет Фарос, Египет, Универзитет Оксфорд, Англија, Универзитет Виго, Шпанија, Универзитет Павиа, Италија, Универзитет Хелсинки, Финска, Универзитет Нант, Франција, Универзитет Стара Загора, Бугарија, Универзитет Варна, Бугарија. Исто така доставено е Барање до Ректорска конференција Алпи-Јадран до Универзитетот во Мостар, Босна и Херцеговина, за членство на ректоркста конференција.

Значаен дел од работата на Центарот за меѓууниверзитетска соработка за 2012/2013 година беа активностите во рамки на Еразмус програмата. Во таа насока се работеше на следното:

- Потполнување на Еразмус апликација на национално ниво, по што на УГД му се доделени 50 места за мобилности за студенти, и 3 места за мобилности за наставен кадар;
- Координирање на активности за првите Еразмус студенти: организирање на Еразмус средби и информативни состаноци, изготвување на документација (апликација и договор за учење), следење на студентите и логистичка помош за време на Еразмус престојот, по нивното враќање преглед на доставена документација за реализирани активности за време на Еразмус престојот, признавање на стекнати активности и ЕКТС кредити во соработка со Продеканите на единиците, одржување на финална Еразмус средба, учество во

радио емисија на УГД ФМ;
- Меѓу првите учесници во Еразмус програмата имаше и двајца професори и тоа проф. Ленче Насев од Факултет за музичка уметност која замина на Еразмус мобилност на Универзитетот Марибор во Словенија, и проф. Ацо Кузелов од Земјоделски факултет кој замина на Еразмус мобилност на Универзитетот за хранителни технологии во Пловдив, Бугарија;
- Објавување Конкурс на УГД за Еразмус програмата; на Конкурсот аплицираа голем дел кандидати, во првичната селекција избрани се 36 студенти и 3 професори;
- Подготовка на апликација за Еразмус потпрограма подготвителни посети. Апликацијата беше доставена до НА, и истата беше одобрена од нив, со што се реализираше посета на Универзитетот во Талин, Естонија, каде што на нивниот настан Меѓународна Еразмус недела беше претставен УГД и се склучија девет нови Еразмус соработки. Освен тоа, посетата беше особено корисна и заради неформалната обука која ја имаа учесниците во склоп на на настанот;
- Организирање на Еразмус меѓународна недела: целокупна организација и реализација на настанот на кој учествуваа претставници од пет високообразовни институции; на настанот беа разменети искуства во склоп на Еразмус програмата и потпишани нови две соработки; Меѓународна недела се одржа во периодот од 28.10.2013 до 1.11.2013, и сите информации беа објавени на веб страната на УГД на следниот линк http://www.ugd.edu.mk/index.php/en/news/3619-1st-international-week-encountering-the-erasmus-2014-2020-sharing-erasmus-experienc-es
- Во април се извршени контакти со Универзитет Анкона од Италија во врска со партнерство во склоп на проект апликација за Еразмус мундус програмата;
- Изготвени се обрасци за интерна употреба за Еразмус програмата;
- Одржани се состаноци со проректор за настава Емилија Јаневиќ-Ивановска во врска со Еразмус програмата за академска 2012/2013 година;

  Во октомври е извршена промена на Еразмус координатор.

Во текот на мај беа контактирани сите фондации и амбасади кои нудат стипендии за студентите, при што беа поканети да одржат презентација за своите програми и пред студентите на УГД. На поканата од страна на УГД одговорија претставници од германската фондација ДААД и од Американската амбасада во РМ за програмата Фулбрајт. Во текот на есента 2013 година започната е соработката со АИЕСЕК студентската организација. Претставници од оваа организирање ги користеа ресурсите на УГД и организираа регрутирање на свои кандидати помеѓу студентите на УГД со цел проширување на АИЕСЕК мрежата за студентите на УГД.

Во текот на 2012/13 година, следните визитинг професори беа ангажирани на УГД:

- проф. Кристин Витнабл од САД, ангажирана на Правниот факултет;
- проф. Тифани Елис од САД, фулбрајт специјалист, ангажирана на Филолошки факултет;
- проф. Игор Егоров од Русија, ангажиран на отсекот за ликовна уметност;
- проф. Викторија Егорова од Русија, ангажирана на отсекот за ликовна уметност;
- проф. Давид Ламберт, ангажиран на Филолошки факултет.

Првично, визитинг професорите беа пречекани од страна на Центарот за меѓууниверзитетска соработка и им беа понудени општи информации за работата на УГД, градот Штип и Р. Македонија. Понатаму се премина кон работа за обезбедување на документација за нивниот сектор, при што се соработуваше со:

- МВР-Штип и Центар за вработување-Штип заради информирање околу документи потребни за процедурата за издавање на работна дозвола за странските професори;
- МОН заради издавање на согласност за ангажирање на професорите;
- координирање заради потребни документи за нострификација на диплома на проф. Егоров од Русија.

За академската 2013/2014 година се координирани активности за помош при добивање на виза и контакти со проф. Кристин Витнабле, проф. Игор Егоров, проф. Викторија Егорова и проф. Јуко Ватанабе.

Изготвено е и доставено писмо за прифаќање на Фулбрајт специјалист и тоа до проф. Давид Егерт од САД кој во текот на следната академска година како фулбрајт специјалист треба да биде ангажиран на Правниот факултет при УГД.

Од активности поврзани во склоп на Комисија за станови ги споменувам: разгледување на станови и извештај за истите и наоѓање на најсоодветно сместување за гостите-странци. Притоа, за сите странци е обезбедено приватно сместување во Штип.

Од останатите тековни активности на Центарот за меѓууниверзитетска соработка ги издвојувам следните:

- контакти со студенти и вработени за можностите за студиски престој во странство (најсоодветен за спрема нивните планови и потреби);
- контакти со странски институции и професори од странство заради потребни информации, организирање на научни собири, учество во проекти, пополнување на обрасци, посета на единици при УГД;
- контакти со странски студенти заинтересирани за студии на УГД;
- тековно ажурирање на веб-страница на ЦМС во делот под конкурси и партнер универзитети.

## VIII. ИНФОРМАТИВНО-ТЕХНОЛОШКИ ЦЕНТАР

1. **Вовед**

ИТ центарот е организациона единица која е директно вклучена во обезбедувањето на сервиси критични за работата на Универзитетот. Вклучен е во донесувањето на одлуки на сигурносно ниво, учествува во набавка на опрема и изготвува предлози на економски план.

Дејноста за 2013 година претежно беше насочена во правец на подобрување на надворешна мрежна инфраструктура како и на обновување на дел од критичната но застарената ИТ опрема во дата центарот. Како и обично беше обезбедена максимална техничка поддршка на вработените и студентите во рамките на можностите на Центарот.

Врз основа на Правилникот за работа на Центарот и според член 4, раководителот на ИТ центарот поднесува Годишен извештај за работењето заклучно со декември 2013 година. Извештајот ги содржи следните информации:

- Организациона структура на Центарот;
- Реализација на поставените цели според зацртаниот годишен план.

2. **Структура**

Организационата единица ИТ центар е под директно раководство на ректорот на Универзитетот.

Раководителот на ИТ центарот ја носи одговорноста за организирање, следење и оценување на внатрешните работи и обврски.

Центарот е поделен на три сектори:

Раководител на ИТ центар е Гоце Богатинов.

1. Сектор за мрежна администрација
- Виш ИТ администратор за мрежна администрација - Илија Лазаревски;
- Помлад мрежен администратор - Горан Петров.
2. Сектор за системска администрација
- Виш ИТ администратор за системска администрација - Јордан Тиквешански;
- Помлад систем администратор - Александар Насков;
- Помлад софтверски систем администратор - Билјана Димитрова.
3. Сектор за средства и техничка поддршка.
- Виш ИТ администратор за средства и техничка поддршка - Ристе Тимовски
- ИТ техничар - Зоран Тиквешански
- Референт за средства и техничка поддршка - Наташа Фенева
- Референт за средства и техничка поддршка - Верица Апостолоска

1.1. **Сектор за мрежна администрација**

Поради формирањето на нова организациона единица Инфо центар и ангажманот на виш ИТ администратор за мрежна администрација во тој дел активностите на секторот за мрежна администрација ги презеде секторот за системска администрација. Во продолжение следуваат активностите кои се реализираа:

- Изготвен план за оптичко поврзување на зграда Кампус 4.

Поврзувањето на Кампус 4 со дата центарот во Ректорат е базиран

врз претходно изготвениот инфраструктурен проект од страна на Марсис дата од Скопје. Проектот беше одобрен од Општина Штип и на УГД му беа одобрени дозволи за прекоп и поставување на оптичка инсталација.

Техничката спецификација за јавниот оглас беше изготвена според инфраструктурниот проект. Реализатор беше Марсис дата, а поставени се 3.000 м оптички кабел помеѓу Кампус 2 и Кампус 4 кој е пуштен во функција. Во меѓувреме откажан е безжичниот линк од 20 Mbps кој е закупен од Неотел.

– Прекини на оптички патеки

Во текот на годината имаше повеќе прекини на оптичките патеки во сопственост на УДГ предизвикани од правни и физички лица. Сите повреди евидентирани се со интерни записници и со потврди од СВР-Штип.

Најмногу прекини се случија во коритото на река Отиња, каде што се изведуваа градежни работи околу поставување на платформи за паркирање од страна на фирмата изведувач Кибилд. Поради ова беше планирана и реализиран оглас од типот на мали набавки за санација на потегот од Стопанска банка до хотел Оаза.

Со санацијата се овозможи потполна функционалност и редундантност на оптичките мрежни патеки кои ги поврзуваа ФМУ, ФМН, Универзитетската библиотека и Економскиот факултет.

Останати повреди кои се направија на оптичките кабли се на улицата Васил Доганџиски од страна на физичко лице и во месноста Сењак на улица 5-та Партиска од страна на ЕВН при ископ на ров за нивни потреби. Повикани се екипи за увид на крим техника од СВР-Штип и направени се службени записници во врска со повредите.

– Изведба на компјутерска мрежа

Завршни изведби на компјутерски мрежи се реализираа во новиот центар за корисничка поддршка – Инфо центар, во новиот ректорат и во кампус Прилеп.

Објектите се оспособени да функционираат со потребните мрежни сервиси.

Како стандардни активности на овој сектор се и одржувањето и конфигурирањето на постоечката и ново набавената активната мрежна опрема.

1.2. **Сектор за системска администрација**

Покрај одржувањето на целата системска инфраструктура по кампусите и на дата центарот овој сектор беше вклучен во процес на планирање, изготвување на техничка спецификација и набавката на опрема со која ќе се овозможи замена на постоечката застарена инфраструктурна опрема. Ова беше критичен процес на планирање бидејќи од економски аспект набавката беше со поголема вредност. Обновата се направи со делот на SAN и core switching-от со купување на еден EMC VNX5400 storage и два Cisco Nexus 5548 data center switch. Серверската инфраструктура се подобри со набавка на еден сервер IBM x3690 X5.

Паралелно со функционирањето на примарниот дата центар лоциран во стариот ректорат, секторот за системска администрација оспособува

секундарна системска локација во зградата на Кампус 2. Оваа локација веќе ги хостира дел од е-маил сервисите како и сервисот за архивирање и заштита на податоци. Опремата од примарниот дата центар која е веќе заменета со нова а сеуште е во функција ќе биде дислоцирана и инсталирана на секундарната локација со што ќе се обезбеди поголема сигурност во обезбедувањето на сервисите кон УГД.

– Проекти

- Завршен е проектот за виртуализација на постоечката серверска инфраструктура кој започна во 2012 година и траеше шест месеци. Виртуализацијата се заврши по предвидениот распоред. Опфатени беа дата центарот во Штип и помалите центри по оддалечените локации – градови.
- Започната е миграција на целосниот систем за електронски пораки на УГД на Мајкрософт средина. Тоа значи дека во период од три месеци е-маил сандачињата на вработените целосно ќе се префрлат на Мајкрософт хостинг. Со ова ќе се добие ослободување на дел од системските ресурси како и поволности во поглед на поголем е-маил простор и клауд сервиси.

Во текот на годината извршена е посета на неколку настани и семинари за стручно усовршување.

**Сектор за средства и техничка поддршка**

Секторот ги спроведување следните активности:

- распределба и задолжување на постоечка и нова опрема;
- администрирање на систем за евиденција на работно време во што спаѓа одржување на хардверските уреди за отчитување на картичките и работа со апликацијата за собирање на настани и креирање на извештаи;
- техничка поддршка;
- архивско работење и одржување на магацин;
- учество во јавен оглас за одржување и сервис на принтери;
- учество на јавен оглас за одржување на Xerox Docushare.

Во прилог е и извештај од Инфо центарот за календарската 2013 година кој моментално е дел од секторот за средства и техничка поддршка:

- Тековна бизнис анализа на системот за студентска служба;
- Тестирање и продукција на нови функционалности во системот за студентска служба;
- Сервисирање, анализа, дизајн, тестирање и продукција на функционалности потребни за модулот за човечки ресурси и јавни набавки (прв квартал на календарска 2013 година);
- Тековно сервисирање на секретарите на единиците / секретарите во Ректоратот на УГД во делот на изготвување на системските решенија за ангажман на редовно вработениот наставен и соработнички кадар / хонорарно ангажираниот наставнички кадар;
- Тековно сервисирање на референтите на студентска служба во делот на системското и административното процесирање на студентите;

- Тековно сервисирање на студенти (преку е-пошта, телефон и во реално време, преку нивен прием во Инфо центарот на УГД) во однос на системското и административно процесирање на нивните студентски активности, разрешување на проблеми и коректно насочување и упатување на истите;
- Тековна комуникација со Кабинетот на ректорот, кабинет на проректорот за настава и кабинет ка генералниот секретар во насока на разрешување на појавени прашања и ситуации, согласно со правните акти за прв циклус на студии;
- Пуштање во употреба на следните нови функционалности:
- • Модул за е-комерција;
- • Електронска огласна табла;
- • Имплементација на функционалност за скенирани потписи;
- • Конкатенација на насоки;
- • Завршување на студии;
- • Имплементација на модул за 2 циклус на студии (Во тек...):
- • Иницијална реализација на сите системски ентитети на ниво на модул за 2 циклус на студии;
- • Внесување на студиски програми за сите генерации на студенти;
- • Поддршка и координација на процес на внесување на студентски досиеја од 2 циклус на студии;
- • Овозможување на иницијална функционална фаза на веб порталот за студенти;
- • Преработка на функционалноста за импорт на МФ трансакции;
- • Имплементација на функционалност за копирање на СП;
- • Имплементација на функционалност за реимпорт на трансакции со цел разграничување по циклуси;
- • Администрација на комисиски пријави за апсолвенти;
- • Групно печатење на семестрални, розови листови и ШВ-20;
- • Имплементација на автоматика за доделување на линкови кон модули во е-индекс за нови студенти, преку форма за префрлување од модул за уписи и на ниво на е-досие;
- • Автоматика за регулирање на предмети со помалку од 42 поени од предиспитни активности;
- • Овозможување на пристап кон контакти информациите од страна на студентите, преку нивниот профил на електронскиот индекс;
- • Имплементација на функционалност за генерирање на додаток на диплома / оперативно прилагодување на истата согласно со потребите;
- • Овозможување на импорт на СТБ трансакции;
- • Овозможување за пријавување на цел испит на ниво на редовен студент (Еразмус);
- • Генерирање на ексели преку портал за наставен кадар;
- • Имплементација на форма за автоматско доделување на привилегии за модули во е-индекс за нови професори / асистенти,
- • Овозможување на испраќање за е-пошти за успешни е-комерција трансакции;

- Сервисирање / одржување на следните функционалности:
- Оптимизација на процедурата за упис на семестар;
- Замрзнување на „Слушал кај“ и „Полагал кај“ на ниво на студент / предмет за ролја РСС;
- Отстранување на информацијата за оцена / кредити во случај на постоење на пријава со статус Пријавен;
- Тековна администрација на модулот Документи на ниво портал за студенти;
- Овозможување на промена на информацијата во Оцена / Кредити на ниво на студент / предмет за администратори на системот;
- Преуредување на кориснички интерфејс на ниво на CRM;
- Промена на концептот на регулација на уплати / баланс на студенти (Во тек...);
- Интервенција во процедура за уписи / модул за уписи;
- Надминување на ситуации со креирање на дупли е-комерција трансакции на ниво на CRM;
- Надминување на неконзистентности од различен карактер на ниво на студентски информационен систем;
- Подредување на приказ за финансиски трансакции / веб портал за студенти;
- Регулирање на активна учебна година за упис на семестар на ниво на студентски информационен систем;
- Интервенција во бришење на запис за семестар при roll back, во случај кога семестарот нема предмети за регистрација;
- Заверката на семестарот да не ги зема во предвид студент / предметите кои се inactive, како и оние кои се со статус Преостаната обврска;
- Прилагодување на календарот за упис на семестар во однос на евентуално постоечки запис за Промена на статус;
- Интервенција во load на форма за е-оценување / портал за наставен кадар;
- Надминување на ситуации со проблематично запишани студенти;
- Надминување на ситуацијата со проблематичен упис на семестар по трет пат;
- Надминување на проблематична ситуација со ажурирање на информации за Факултет, Оддел и Насока на ниво на студент / предмет особено при трансфер на студенти од модул за упис;
- Надминување на ситуација со креирање на комисиски пријави / пријава по ред;
- Сервисирање на мноштво ситуации кај конкретни студенти;
- Надминување на проблем со признавање на испити преку форма за префрлување на студенти;
- Интервенција во однос на уплатите за спортски активности и студентски парламент / креирање на негативни трансакции без проверка на салдо / неможност за дипломирање на студент со негативно салдо;
- Ажурирање на вредноста на флагот Положен на Да кај соодветните студент / предмети;

- Надминување на проблематична ситуација со презапишување во различна системска насока;
- Овозможување на бесплатна заверка на семестар доколку истиот е со статус Признат;
- Интервенции во форма за завршен испит / дипломски труд;
- Интервенција во однос на спречување на автоматска промена на начин на студирање и начин на плаќање при бришење на нареден семестар (првиот после промената);
- Надминување на проблеми со презапишан предмет во семестар и упис на семестар (Во тек...), и
- Интервенција во активност на копче Испрати барање при процесирање на барањето.
- Регулација на уплати за партиципации пред пуштање во продукција на приходна шифра 723012;
- Администрација на системот за праќање на персонализирани и групни СМС пораки кон студентите од прв циклус на студии, во зависност од потребата;
- Успешно спроведување на уписите во учебната 2013/2014 година, во делот на техничката , системска и административна реализација на истите, како и консеквентно администрирање (префрлување) на студентите кои се примени и запишани во системот за студентска служба;
- Системско спроведување на одлуките за префрлување на студентите по сите можни основи во учебната 2013/2014 година, со комплетна контрола на финансиските трансакции;
- Посета на CeBit, Хановер, Германија (Март, 2013);
- Реализација на работилница на ниво на оддел за системска администрација, со цел меѓусебна координација за следните активности:
- Имплементација на модул за 2 циклус на студии;
- Имплементација на модул за човечки ресурси, и
- Имплементација на модул за електронски анкети.

Сите сектори од ИТ центарот во ноември беа цел на официјална финална проверка за ISO 9001:2008 сертификација. Проверката беше направена од надворешна аудиторска куќа. Цел на проверката беа работните процедури и документирањето на постапките.

### 2. Заклучок

Од гореизнесеното може да се потврди дека зацртаните активности на Центарот се завршени навремено и квалитетно.

## *VIII.* УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА

***Редовни и тековни активности***

Универзитетската библиотека претставува место каде што се врши прием на библиотечниот материјал, се прави стручна обработка (комплетна рачна и компјутерска), па така обработениот библиотечен материјал се дистрибуира до библиотеките на единиците на Универзитетот. Воедно таа е и координатор на работата и активноста на библиотеките на единиците при УГД.

Универзитетската библиотека врши зголемување на фондот на книги, преку набавка на нови наслови и публикации од земјата и странство.

Еден од факторите за успешно одвивање на библиотечната дејност е библиотеката да води библиотечна статистика според позитивните законски прописи. Нашата библиотека ја води таа евиденција и статистика, која се состои од: евидентирање на библиотечниот фонд и услуги, евидентирање на уписот на корисниците, изработка на листи за дневно и месечно следење на користењето на библиотечните услуги и сл. На крајот, врз основа на сето ова, се изготвуваат статистички извештаи.

Исто како и досега, новодобиените книги најнапред се евидентираат, т.е.  архивираат во Деловодна книга, а за книгите кои се набавени со фактура се изготвуваат сметководствени пресметки поединечно за секоја книга.

Потоа на секој влезен или излезен документ се врши архивирање (а доколку нема список на книги се прави записник), потоа се врши скенирање и нивно внесување во компјутерската програма Suscriptor.

Понатаму се врши техничка и стручна обработка (каталогизација на библиотечниот материјал) според најновите меѓународни стандарди за библиотечно работење (UNIMARK). Обработката се состои од техничка, рачна обработка – најпрво се врши потпечатување и инвентарирање на секоја публикација, а потоа следува евидентирање на секоја публикација во инвентарна книга за секоја единица (факултет) поединечно. Потоа се врши каталогизирање на публикацијата по универзална децимална класификација (УДК) односно по научни области, а по ова следи обработка и средување на податоците потребни од инвентарни книги.

Потоа се врши компјутерската обработка во библиотечниот оперативниот програм Facit.

Во текот на годината се вршеше и прием и средување на вратени задолженија по налози по факултети.

Врз основа на извадените податоци од библиотечната евиденција (65 инвентарни книги) на

Универзитетската библиотека изработена е статистичка табела за бројот на подарени книги по единиците на УГД.

На крајот од годината се врши преглед  и проверка на секој внесен предмет со поеделните акти во програмот за архивско работење и се врши разведување на секој акт.

На крајот од годината, исто така, се изработуваат годишни прегледи и тоа: Преглед на вкупниот број  обработени книги за 2013 година,

Преглед на податоците за добиени и обработени книги за 2013 година во библиотеките по факултети, Преглед на бројот на зачленети и услужени корисници во библиотеките на факултетите за 2013 година и Записник за состојбата на фондот на книги во Универзитетската библиотека на основа на библиотечната евиденција. Потоа беше изработен Годишен извештај за работата на Универзитетската библиотека при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип за 2013 година.

Во Централната библиотека се дава информации на студенти, професори и асистенти во библиотеката во врска со расположливата литература во библиотеката.

***Технички и стручно обработени книги***

Во текот на 2013 година во Универзитетската библиотека при УГД се реализирани низа активности, кои во продолжение ќе ги наброиме.

Во 2013 година во Универзитетската библиотека вкупно се добиени и комплетно технички и стручно обработени 12.937 книги од кои 5.121 уникати и 7.816 дупликати.

Во вкупниот број обработени книги влегуваат: 9.203 домашни книги (од кои 1.387 уникати и 7.816 дупликати) и 3.734 странски книги уникати. Од вкупно обработените странски книги: 2.437 книги на руски јазик, 1.207 книги се на турски јазик, 35 книги на германски јазик, 12 на англиски јазик, 2 книги на српско-хрватски јазик и 41 на италијански јазик. Исто така во обработениот библиотечен материјал влегуваат и 148 магистерски трудови од кои 74 уникати и 74 дупликати.

Преглед на вкупниот број обработени книги за 2013 година

| | Вкупно | Домашни | Странски |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 12.937 | 9.203 | 3.734 |
| Уникат | 5.121 | 1.387 | 3.734 |
| Дупликат | 7.816 | 7.816 | / |

По извршената обработка на библиотечниот материјал (книги и др.) беа изготвени задолженија за секоја библиотека на факултетите (14 единици) кои заедно со обработените книги беа доставени до нив. Во тие новодобиени книги влегуваат книги кои се добиени врз основа на подарокот од Владата на Република Македонија од проектот „Превод на 500 книги од најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија“ и од проектот „Превод на 1.000 книги од најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија“; потоа книги набавени по фактури, книги донирани од Турскиот културен центар „Јунус Емре” и од амбасадата на Република Турција, книги донација од амбасадата на Италија, подароци од професори и други автори, подароци од Министерството за култура, како и магистерските и специјалистички трудови на студенти од

втор циклус студии на УГД.

Во 2013 година на Земјоделскиот факултет се изврши техничка и стручна обработка (потпечатување, сигнирање, инвентатирање, утврдување на УДК броеви, евидентирање во инвентарна книга и пишување картон на книгата) на 2.437 книги од кои најголем дел беа на руски јазик, а неколку десетици беа на српско-хрватски јазик. Сите овие книги се купени од страна на УГД од приватната библиотека во сопственост на Александар Николовски од Битола и беа доделени на Земјоделски факултет. Освен горенаведената обработка на сите овие книги, извршивме и нивно пребројување и сложување по записникот и фактурите за примени книги.

***Компјутерски обработени книги***

Вкупно обработениот библиотечен материјал компјутерски во библиотечниот оперативен програм Facit во 2013 година изнесува 14.056 книги од кои 1.231 наслови и 2.797 уникати.

***Активности во библиотеките по факултетите***

Вработените од библиотеката учествуваа и во организирање и распределување на комплетно обработените книги по факултети со соодветни задолженија. Се изврши средување и подредување на обработените книги на рафтовите во Централна библиотека, во библиотеката на Кампус 2 и библиотеката на Кампус 4. Воедно се изврши и класифицирање и подредување на книгите по научни области односно по Универзална децимална класификација.

Примарна цел на Универзитетската библиотека е давање библиотечни услуги со расположливиот книжен фонд на студентите од прв и втор циклус на студии, на наставниот кадар и на останатите вработени.

Библиотеката во Кампус 4, покрај библиотечните услуги, обезбедуваше и користење на читалната од страна на студентите и професорите за одржување часови, полагање испити и други активности

Врз основа на библиотечната евиденција во Кампус 2, вкупниот број на услужени корисници во 2013 година изнесува 4.346. Од нив бројот на студенти кои користеле библиотечна услуга изнесува 2.996, додека бројот на наставниот кадар кои користеле библиотечни услуги е 862. Библиотечни услуги користеле и студентите на постдипломски студии чиј број изнесува 264, додека останатите вработени се 224.

Во Кампус 4 библиотечна услуга користеле 1.835 корисници. Библиотечни услуги се давани и на останатите факултети од страна на техничките секретари. Бројот на зачленети и услужени корисници по факултети е даден во посебен преглед кој го приложуваме на крајот на овој извештај.

***Активности за дистрибуција на книги по единиците на УГД и ревизија на библиотечниот фонд***

Во 2013 година се продолжи со активностите за дистрибуција на обработените книги по единиците на УГД.

Најпрво се изработуваа задолженија на обработените книги по факултети, а потоа се вршеше нивно архивирање и копирање.

Потоа следуваше пребројување на книгите по задолженија и препраќање на обработените книги до единиците на УГД, т.е. нивните библиотеки.

Од централната библиотека се изврши доставување книги до: Правниот факултет (1.600 книги), Факултет за туризам и бизнис логистика и Филолошки факултет (1.232 книги за двата факултета), Факултет за образовни науки и Факултет за туризам и бизнис логистика (400 книги за двата факултета).

Пред доставувањето на овие книги се пристапи кон отворање на секоја книга и преглед по инвентарен број и наслов и нивна проверка по задолженија, а потоа и по инвентарна книга.

Од библиотеката во Кампус 4 се изврши пребројување, преместување и доставување на 5.532 книги до соодветните единици на УГД. Воедно извршено е пренесување и подредување на 3.930 обработени книги, кои треба да бидат дистрибуирани.

Во текот на 2013 година се изврши ревизија на библиотечниот материјал односно преглед и проверка на обработените книгите по инвентарни книги за библиотеката на Факултетот за образовни науки и нивно сложување по инвентарна книга поради презадолжување на друго лице. Исто така беа извадени од класорите и беа копирани задолженија на книги кои беа доставени на ново задолженото лице.

Беше извршена и проверка и средување на дел од книгите по одделни налози со инвентарна книга за Правниот факултет.

Беше реализирано и вадење на задолженија за Филолошкиот факултет заради пренесување на односните книги од библиотеката на Кампус 2 во библиотеката на Кампус 4, а воедно беше извршено и сложување по инвентарна книга и нивно копирање и доставување.

Исто така се изврши ревизија, т.е. сложување на документите по задолженија на книги за библиотеката на Електротехничкиот факултет поради презадолжување на библиотечниот фонд.

На Институтот за историја и археологија во библиотеката се изврши попис на библиотечниот материјал и презадолжување на друго лице од Факултетот за образовни науки кое беше задолжено со книгите. За таа цел, пред спроведување на пописот на библиотечниот материјал беше извршена потребната подготовка за пописот која се состоеше од сложување на задолженијата на книги со кои е задолжена библиотеката (по наслови, инвентарни броеви, датуми, материјално и финансиски) со инвентарните книги.

Во библиотеката на Факултетот за образовни науки во моментов на пишувањето на овој Извештај сè уште трае пописот и приемот на стариот

библиотечен фонд.

***Реализирани работни посети***

Во текот на 2013 година, од страна на раководителката и вработените во Универзитетската библиотека беа реализирани работни посети на библиотеките во останатите единици на УГД и тоа на: Факултетот за образовни науки, Факултетот за информатика, Медицинскиот факултет, Земјоделски факултет, Факултетот за природни и технички науки и други. За време на овие работни посети беше реализирано запознавање на лицата задолжени за библиотечно работење со процедурата и работата во врска со зачленување на членови во библиотеката како и издавање на книгите. Освен ова, и лицата задолжени за библиотечно работење по факултетите остварија посети на Централната универзитетска библиотека за време на кои исто така се водеа разговори околу нивната работа во библиотеката, а информации околу нивната работа се разменуваа и по е-маил и преку телефонски разговори.

Во 2013 година, вработените од Универзитетската библиотека го посетија Шестиот саем на книгата што се одржува секоја година во НУБ „Гоце Делчев“ во Штип.

Исто така (на покана од организаторите) вработени од Универзитетската библиотека присуствуваа и на промоции на книги што се одржаа во НУБ „Гоце Делчев“ Штип и на други локации. Меѓу другите, беше реализирано присуство на промоции на книгите: „Традициите на Руската дипломатска школа“ и „Московски записи“ од Драган Јањатов (НУБ „Гоце Делчев“ Штип), „Улогата на социјалните партнери во колективното преговарање во Р. Македонија во периодот 1990-2012“ од Андон Мајхошев (НУБ „Гоце Делчев“ Штип), „Луѓе’’ од Тодор Јованов (НУБ „Гоце Делчев’’ Штип), „Од по жица“ од Жаклина Михајловска (книжарница „Пинокио“), книгата од м-р Ѓорги Наумов (НУБ „Гоце Делчев“) и други.

Библиотеката во Кампус 4 беше посетена од г. Хадим Незир - министер без ресор задолжен за турските студенти. Во негова придружба беа и неговиот советник, професори на турските студенти, како и деканот на Филолошки факултет.

Библиотеката во Кампус 4 беше посетена и од страна на универзитетски професори од Турција, на кои им беше претставен делот од библиотеката со книги на турски јазик, за што тие искажаа големо задоволство.

Библиотеката во Кампус 4 во 2013 година двапати беше посетена и од амбасадорот на Италија, како и од други претставници од оваа амбасада. За време на оваа посета беше разгледана библиотеката и беа донирани книги на италијански јазик за библиотеката.

Централната универзитетска библиотека беше посетена од страна на директорот на Турскиот културен центар „Јунус Ерме“ г. Тајфун Калкан со придружба.

***Останати активности***

Во текот на 2013 година вработените во Универзитетската библиотека континуирано одржуваа работни состаноци во врска со тековните работни активности во библиотеката. На крајот на годината беше направен попис на основните средства по микро и макро локација, како и попис на ситниот инвентар во библиотеката, при што беше изготвен записник за извршениот попис. Се изврши собирање, анализа и сложување на библиотечната евиденција по пооделните локации (по инвентарни книги за библиотеките по факултети) на целокупниот библиотечен фонд за тековната година, сложување со сметководствената евиденција и изработка на финален записник.

Беше направена класификација на добиените и обработени книги од проектот на Владата на РМ и беше изработен список на обработените книги по научни области (Универзална децимална класификација).

Во 2013 година извршивме анализа на дел од правилата, правилници, обрасците и работните упатства за ИСО 9001:2008 стандардите за Универзитската библиотека, при што изработивме и предложивме измени кои ги доставивме на надлежните служби. Во контекст на ова, раководителката на Универзитетската библиотека посетуваше обука за стандардот ИСО 9001:2008 што се одржа во Ректоратот.

Од страна на раководителката на Универзитетската библиотека направена е и анализа на сметководствените картици на основни средства за книжени и платени книги.

Во 2013 година од страна на Универзитетската библиотека беше посредувано во давањето книги на реверс од страна на Медицинскиот факултет на Клиничката болница во Штип.

Универзитетската библиотека во 2013 година соработуваше со НУБ „Гоце Делчев“ Штип и НУБ „Св. Климент Охридски“ Скопје.

Во 2013 година во Универзитетската библиотека пристигнаа нови книги, како набавени, така и подарок од Владата на Република Македонија, на кои интензивно се работеше и се уште се работи. Оваа година добивме и книги како донација од амбасадата на Италија, како и магистерски и специјалистички трудови на студенти од втор циклус студии. Вработени во Универзитетската библиотека помагаа во истоварот на ново добиените книги од донациите. Активност на Универзитетската библиотека претставуваше и постојаното потсетување (телефонски и преку е-маил пораки) до факултетите за недоставените книги по фактури во врска со ненавременото доставување на истите во библиотека, како и континуираното соочување со проблеми во однос на дистрибуирањето на веќе обработените книги до матичните факултети и доставувањето на необработените книги до нашите простории и други тековни активности во согласност со правилникот на Универзитетската библиотека.

Во ноември беа изработени десетина конкретни предлози во насока на подобрување на работата на Универзитетската библиотека кои беа доставени до одговорните фактори на УГД.

***Инспекции и контроли***

Во 2013 година во Универзитетската библиотека во инспекциски надзор беа двајца инспектори од Државниот просветен инспекторат. Инспекцискиот надзор се изврши во врска со распределбата на преведените книги доставени до УГД од страна на Владата на Република Македонија. Инспекторите ја посетија Централната универзитетска библиотека и библиотеката во Кампус 4. За својата посета инспекторите доставија Записник во кој, меѓу другото, е утврдено дека (цитираме): „Високообразовната установа води писмена (евидентно картонче) евиденција за издадените книги. Високообразовната установа води електронска и писмена евиденција за книжниот фонд“.

На 19 ноември во Централната универзитетска библиотека беше извршена надворешна проверка за исполнетост на условите од стандардот ИСО 9001:2008. Проверката помина во најдобар ред. Сите барани документи беа покажани, а беше дадено и објаснување во врска со процедурите за работа во Универзитетската библиотека.

***Работен кадар***

Во текот на 2013 година, како волонтери, во Универзитетската библиотека беа примени три лица и тоа: Марија Причкова-Митева, Марија Чавдарова и Дејан Иванов.

Марија Причкова-Митева и Дејан Иванов беа распоредени во библиотеката во Кампус 4, а Марија Чавдарова во Кампус 2. Волонтерите отпрвин беа упатени во работата и обучени од страна на раководителката Цвета Димитриева, Љуба Миланова и Јасминка Соколовска, по што успешно се вклопија во работата и дадоа значаен придонес во реализирањето на тековните работни задачи. Марија Причкова-Митева неколку недели беше испратена како помош во библиотеката на ФОН.

Од страна на раководителката Цвета Димитриева секој месец е изготвувано мислење за работата на овие тројца волонтери.

Оваа година вработениот во Универзитетската библиотека Марио Параклиев (до моментов на пишувањето на овој извештај) над шест месеци е отсутен од работното место поради причини кои се познати на раководството на УГД.

Во ноември, на работното место библиотекар, од Институтот за историја и археологија, е распореден м-р Александар Донски, кој веднаш се вклучи во работата на Универзитетската библиотека.

Преглед на податоците за добиени и обработени книги за 2013 година во библиотеките по факултети

| Добиени и обработени книги во Универзитетската библиотека при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип за 2013 година по факултети | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Организациона единица** | **Вкупен број на книги** | **Наслови** |
| 1. | Ректорат | 142 | 71 |
| 2. | Правен факултет | 747 | 116 |
| 3. | Централна библиотека | 479 | 230 |
| 4. | Земјоделски факултерт | 3319 | 2537 |
| 5. | Филолошки факултет | 2002 | 1320 |
| 6. | Факултет за природни и технички науки | 984 | 91 |
| 7. | Факултет за образовни науки | 314 | 100 |
| 8. | Факултет за туризам и бизнис логистика | 369 | 94 |
| 9, | Наставен центар - Струмица | 71 | 71 |
| 10. | Факултет за медицински науки | 1996 | 91 |
| 11. | Машински факултет | 490 | 91 |
| 12. | Институт за историја и археологија | / | / |
| 13. | Технолошко-технички факултет | 238 | 85 |
| 14. | Електротехнички факултет | 388 | 92 |
| 15. | Факултет за информатика | 436 | 92 |
| 16. | Економски факултет | 962 | 40 |
| 17. | Факултет за музичка уметност | / | / |
| 18. | Вкупно | 12937 | 5121 |

Преглед на бројот на зачленети и услужени корисници во библиотеките на факултетите за 2013 година

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно зачленети и услужени корисници во библиотеките по факултети при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип за 2013 година** | | | | |
| | **Организациона единица** | **Нови зачленети во 2013** | **Вкупно зачленети** | **Вкупно услужени во 2013** |
| Кампус 2 | | | | 4346 |
| | Факултет за природни и технички науки | 96 | 548 | |
| | Земјоделски факултет | 6 | 57 | |
| | Технолошко-технички факултет | 5 | 5 | |
| | Други факултети | 1 | 42 | |
| Кампус 4 | Филолошки факултет | 121 | 314 | 1835 |
| | Правен факултет | 65 | 87 | |
| | | | | |
| | Факултет за туризам и бизнис логистика | 19 | 40 | |
| | Факултет за информатика | 117 | 382 | 2758 |
| | Економски факултет - Центар за кариера | | 105 | 202 |
| | Техничко-технолошки факултет | | 64 | 32 |
| | Машински факултет | | 21 | 51 |
| | Правен факултет | | 150 | 400 |
| | Електротехнички факултет | | / | / |
| | Факултет за медицински науки | | 28 | 28 |
| | Факултет за музичка уметност | | 13 | 13 |
| | Факултет за туризам и бизнис логистика | | 20 | 20 |
| | Наставен центар - Струмица | | 20 | 200 |
| | Факултет за образовни науки | | 27 | 80 |
| | Вкупно | 430 | 1923 | 9965 |

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДЕКАНИТЕ НА ЕДИНИЦИТЕ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

1. **Формирање на Факултетот**

Електротехничкиот факултет е јавна високообразовна установа која е формирана на 5 април 2008 година на Првата седница на Одборот за акредитација.

Во учебната 2012/2013 година, со Одлука на Владата на Р. Македонија, во објавениот Конкурс за запишување студенти на прв циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Електротехничкиот факултет доби дисперзирани студии на студиските програми по Системи за автоматско управување и Обновливи извори на енергија во Штип. Наставата на дисперзираните студии во Штип се реализира во просториите на Кампус 2 (технички и биотехнички науки).

Со Одлука на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Р.Македонија, Електротехничкиот факултет ја доби акредитацијата на студиската програма Автоматизација и процеси за втор циклус на студии и во учебната 2012/2013 година ќе се запише првата генерација студенти на втор циклус студии на Електротехничкиот факултет.

**Организациона поставеност на Факултетот**

**Наставно-научен совет**

Наставно-научниот совет е стручен орган и орган на управување на Факултетот. Наставно-научниот совет го сочинуваат избраните редовни и вонредни професори, доценти, како и претставници на соработниците и студентите.

**Избор на декан**

Ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“ проф. д-р Саша Митрев на 9.8.2011 година со Одлука дел.бр. 0801-797/1 од 9.8.2011 година ја избра доц. д-р Татјана Атанасова-Пачемска за декан на Електротехничкиот факултет. За продекан на Електротехнички факултет со Одлука на Наставно-научниот совет дел.бр. 2302-87/5 од 6.9.2011 година е избрана доц. д-р Василија Шарац.

2. **Структура**

**Наставници и соработници во редовен работен однос на Електротехнички факултет**

| Реден број | Име и презиме | Звање | Во редовен работен однос | Со договор за ангажирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Проф. д-р Татјана Атанасова Пачемска | вонреден професор | да | |
| 2. | Проф. д-р Стојан Рендевски | вонреден професор | да | |
| 3. | Проф.д-р Влатко Чингоски | вонреден професор | да | |
| 4. | Доц. д-р Василија Шарац | доцент | да | |
| 5. | Доц. д-р Роман Голубовски | доцент | да | |
| 6. | Доц. д-р. Сашо Гелев | доцент | да | |
| 7. | Асс. м-р Гоце Стефанов | асистент | да | |
| 8. | Помлад асс. м-р Билјана Читкушева-Димитровска | помлад асистент | да | |
| 9. | Помлад асс. м-р Маја Кукушева | помлад асистент | да | |

**Наставници и соработници од други факултети на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип**

| Реден број | Име и презиме | Звање | Во редовен работен однос | Со договор за ангажирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Проф. д-р Владо Гичев | редовен професор | да (ФИ) | |
| 2. | Проф. д-р Јордан Живановиќ | редовен професор | да (ФИ) | |
| 3. | Проф. д-р Ристо Дамбов | редовен професор | ра (ФПТН) | |
| 4. | Доц. д-р Зоран Здравев | доцент | да (ФИ) | |
| 5. | Асс.м-р Горги Димов | асистент | да (ФИ) | |
| 6. | Асс.м-р Душан Биков | асистент | да (ФИ) | |

**Насловни наставници на Електротехнички факултет**

| Реден број | Име и презиме | Звање | Во редовен работен однос | Со договор за ангажирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Насл. доц. д-р Драган Миновски | доцент | | да |
| 2. | Насл. доц. д-р Александар Туџаров | доцент | | да |
| 3. | Насл. доц. д-р Васко Саздовски | доцент | | да |

**Наставници од други универзитети**

| Реден број | Име и презиме | Звање | Во редовен работен однос | Со договор за ангажирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Проф. д-р Томе Џеков | редовен професор | | да |
| 2. | Проф. д-р Билјана Јолевска-Туневска | вонреден професор | | да |

**Администрација**

| Реден број | Име и презиме | Звање | Во редовен работен однос | Со договор за ангажирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Даниела Свиркова | секретар | да | |
| 2. | Весна Велкова | референт за студентски прашања | да | |

3. **Катедри**

На Електротехничкиот факултет со донесувањето на новиот Правилник за внатрешна организација и работење се формирани следниве катедри:

1. Катедра за електротехника и електромашинство;
2. Катедра за автоматизација, регулација и управување со технолошки процеси;
3. Катедра за електроника;
4. Катедра за електроенергетика;
5. Катедрата за телекомуникациско инженерство.

4. **Извештај од одржаните седници на наставно-научните совети**

Во текот на оваа година се одржани вкупно 14 седници на Наставно-научниот совет. Од направената анализа на дневните редови на наведените седници е констатирано дека се разгледувани повеќе значајни точки: прифаќање на донации за опремување на лаборатории за наставна и научноистражувачка дејност, наставна проблематика, формирање на рецензенстки комисии за избор и реизбор на наставници и соработници, формирање на рецензентска комисија за издавање на учебници по одделни предмети, барања од наставници и соработници за присуство на научни собири и симпозиуми во земјава и во странство, барања од студенти, одлуки за одобрување на теми за дипломска/завршна работа и др.

**Дневен ред од седницата на 12.11.2012 година**

- Усвојување на записникот од претходната седница

1. Донесување одлуки за прием на кандидатите за упис на втор циклус студии на Електротехнички факултет.

**Донесени одлуки**

– На Александар Ајтовски од Штиш, со завршен прв циклус (додипломски) студии на Техничкиот факултет во Битола, му се одобрува запишување на втор циклус универзитетски академски студии на Електротехнички факултет како вонреден студент на студиска програма Автоматизација и процеси – едногодишни студии во учебната 2012/2013 година.
– На Александар Велков од Скопје, со завршен прв циклус (додипломски) студии на Електротехнички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, му се одобрува запишување на втор циклус универзитетски академски студии на Електротехнички факултет како редовен студент на студиска програма Автоматизација и процеси – едногодишни студии во учебната 2012/2013 година.
– На Славица Костадинова од Радовиш, со завршен прв циклус (додипломски) студии на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ѝ се одобрува запишување на втор циклус универзитетски академски студии на Електротехнички факултет како редовен студент на студиска програма Автоматизација и процеси – едногодишни студии во учебната 2012/2013 година.
– На Слободан Пешиќ од Скопје, со завршен прв циклус (додипломски) студии на Електротехнички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, му се одобрува запишување на втор циклус универзитетски академски студии на Електротехнички факултет како редовен студент на студиска програма Автоматизација и процеси – едногодишни студии во учебната 2012/2013 година.

**Дневен ред од седницата на 22.11.2012 година**

– Усвојување на записникот од претходната седница
1. Донесување Одлука за избор на м-р Маја Кукушева во соработничко звање помлад асистент за научните области *електронски конпиненти* и *теорија на информации и комуникации* по реферат објавен во „Универзитетски билтен“ број 91 на 1 ноември 2012 година.
2. Формирање на Рецензентска комисија за изработка на реферат за избор на еден наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од наставно-научното подрачје на техничко-технолошките науки, наставно-научното поле *регулација и управување со технилошки процеси,* наставно-научни области *моделирање, симулација и анализа на комплексни контролни системи* и *техники за контрола и управување на дисконтинуирани и континуирани процеси,* по Конкурс објавен во дневниот весник „Дневник“ од 7.11.2012 година.
3. Донесување Одлука за избор на уште еден претставник од Електротехнички факултет во Универзитетски сенат.
4. Разно.

**Донесени одлуки**

- Одлука за избор на м-р Маја Кукушева во соработничко звање помлад асистент за научните области електронски конпиненти и теорија на информации и комуникации по реферат објавен во „Универзитетски билтен“ број 91 на 1 ноември 2012 година.
- Одлука за формирање на Рецензентска комисија за изработка на реферат за избор на еден наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од наставно-научното подрачје на техничко-технолошките науки, наставно-научното поле регулација и управување со технолошки процеси, наставно-научни области моделирање, симулација и анализа на комплексни контролни системи и техники за контрола и управување на дисконтинуирани и континуирани процеси, по Конкурс објавен во дневниот весник „Дневник“ од 7.11.2012 година.
- Одлука за избор на уште еден претставник од Електротехнички факултет во Универзитетски сенат.
- Одлука за усвојување на План за набавка за 2013 година.

<u>**Дневен ред од седницата на 5.12.2012 година**</u>

- Усвојување на записникот од претходната седница

1. Донесување Одлука за избор на проф. д-р Влатко Чингоски во звање вонреден професор.
2. Донесување Одлука за отсуство на помлад асс.м-р Билјана Читкушева-Димитровска.

**Донесени одлуки**

- Одлука за избор на проф. д-р Влатко Чингоски во звање вонреден професор.
- Одлука за отсуство на помлад асс. м-р Билјана Читкушева-Димитровска.

<u>**Дневен ред од седницата на 21.1.2013 година**</u>

- Усвојување на записникот од претходната седница

1. Донесување Одлука за поништување на Одлуката за признавање на испити на студент Атакан Шахин.
2. Донесување одлуки за користење флексибилно работно време за 2013 година.
3. Донесување Одлука за состав на ННС на ЕТФ.
4. Донесување на Одлука за дополнување на Одлуката за покриеност на настава за летен семестар 2012/2013 г.
5. Барања од студенти.
6. Информации од Ректорска управа.
7. Наставни прашања.
8. Разно.

**Донесени одлуки**

– Одлука за поништување на Одлуката за признавање на испити на студент Атакан Шахин.
– Одлука за состав на ННС на ЕТФ.
– Одлука за дополнување на Одлуката за покриеност на настава за летен семестар 2012/2013 г.
– Одлуки за ангажирање на хонорарни професори - проф. д-р Томе Цеков и доц.д-р Драган Миновски.
– Одлуки за студенти Ели Попадиновска, Перо Плешкови и Александар Божиновски.

**<u>Дневен ред од седницата на 13.2.2013 година</u>**

– Усвојување на записникот од претходната седница
1. Донесување Одлука за избор на д-р Васко Саздовски во насловно звање доцент по реферат објавен во „Универзитетски билтен“ број 95 од 24 јануари 2013 година.
2. Донесување Одлука за избор на д-р Горан Чогеља во насловно звање доцент по реферат објавен во „Универзитетски билтен“ број 95 од 24 јануари 2013 година.
3. Донесување Одлука за поднесување на проект финансиран од парични средства за финансирање на научноистраживачки проекти на УГД.
4. Донесување Одлука за висината на квотите за запишување на студенти на прв циклус студии на ЕТФ за академската 2013/2014 година.
5. Барања од вработени.
6. Барања од студенти.
7. Информации од Ректорска управа.
8. Наставни прашања.
9. Разно.

**Донесени одлуки:**

– Одлука за избор на д-р Васко Саздовски во насловно звање доцент по rеферат објавен во „Универзитетски билтен“ број 95 од 24 јануари 2013 година.
– Одлука за избор на д-р Горан Чогеља во насловно звање доцент по реферат објавен во „Универзитетски билтен“ број 95 од 24 јануари 2013 година.
– Одлука за поднесување на проект финансиран од парични средства за финансирање на научноистражувачки проекти на УГД.
– Одлука за висината на квотите за запишување студенти на прв циклус студии на ЕТФ за академската 2013/2014 година.
– Одлука за отсуство за доц.д-р Сашо Гелев.
– Одлука за распишување Конкурс за избор на наставник во сите звања.
– Одлука за ангажирање на доц.д-р Васко Саздовски.
– Одлука за отсуство на проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска за Бугарија.
– Одлука за комисиско полагање на предметот Програмски јазик 2.

- Одлука за преземање активности за оценување кај доц. д-р Драган Миновски.
- Одлука за студент Благој Мицевски.
- Одлука за ангажирање на Тодор Анѓушев.
- Одлука за набавка на лабораториска опрема.

**<u>Дневен ред од седницата на 3.4.2013 година</u>**

- Усвојување на записникот од претходната седница

1. Донесување Одлука за давање согласност за изведување на настава на Феит од страна на проф. д-р Влатко Чингоски.
2. Донесување одлуки за преземање на активности со оценување.

**Донесени одлуки:**

- Одлука за давање согласност за изведување на настава на Феит од страна на проф.д-р Влатко Чингоски.
- Одлуки за преземање на активности со оценување.

**<u>Дневен ред од седницата на 24.4.2013 година</u>**

- Усвојување на записникот од претходната седница

1. Дискусија во врска со Конкурсот за запишување студенти за академската 2013/2014 година.
2. Донесување Одлука за ангажирање наставник по предметот Спорт и рекреација.
3. Донесување одлуки за преземање на активности со оценување.
4. Донесување на Одлука за комисиско полагање по предметот Електротехника 2.

**Донесени одлуки:**

- Одлука за ангажирање наставник по предметот Спорт и рекреација.
- Одлуки за преземање на активности со оценување.
- Одлука за комисиско полагање по предметот Електротехника 2

**<u>Дневен ред од седницата на 15.5.2013 година</u>**

- Усвојување на записникот од претходната седница

1. Донесување Одлука за формирање на рецензентска комисија за пријавениот кандидат по Конкурс од 30.4.2013 година.
2. Донесување Одлука за распишување на Конкурс за избор на наставник во звање доцент/вонреден професор од наставно-научното подрачје на техничко-технолошките науки, наставно-научното поле електротехника, наставно-научни области електротехника и електроенергетика.
3. Донесување Одлука за поднесување апликација за донација до ЕЛЕМ – Скопје.
4. Барања за отсуства на вработени.
5. Информации од Ректорска управа.
6. Разно.

**Донесени одлуки:**

- Одлука за формирање Рецензентска комисија за пријавениот кандидат по Конкурс од 30.4.2013 година.
- Одлука за распишување на Конкурс за избор на наставник во звање доцент/вонреден професор од наставно-научното подрачје на техничко-технолошките науки, наставно-научно поле електротехника, наставно-научни области електротехника и електроенергетика.
- Одлука за поднесување апликација за донација до ЕЛЕМ – Скопје.
- Одлука за отсуство на проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска за Благоевград.
- Одлука за отсуство на доц. д-р Василија Шарац за Бугарија.
- Одлука за реализација на практична настава.

<u>**Дневен ред од седницата на 18.6.2013 година**</u>

- Усвојување на записникот од претходната седница

1. Донесување Одлука за формирање на комисии за уписи на студенти на прв циклус студии на локации Радовиш, Штип и Гевгелија.
2. Донесување Одлука за Комисија за проверка на учебници и учебни помагала.
3. Донесување Одлука за покриеност на наставата на прв циклус студии на Електротехнички факултет.
4. Разгледување на Барање за ангажираност на доц.д-р Сашо Гелев на друг универзитет.
5. Донесување Одлука за започнување на постапка за отворање на трет циклус студии на факултетот.
6. Донесување Одлука за доделување на благодарници до компаниите кои помогнаа во изведување на практичната настава за студентите во јуни 2013 година.
7. Барања од вработени.
8. Барања од студенти.
9. Информации од Ректорска управа.
10. Разно.

**Донесени одлуки:**

- Одлука за формирање на комисии за уписи на студенти на прв циклус студии на локации Радовиш, Штип и Гевгелија.
- Одлука за формирање на комисии за уписи на студенти на втор циклус студии.
- Донесување Одлука за Комисија за проверка на учебници и учебни помагала.
- Одлука за покриеност на наставата на прв циклус студии на Електротехнички факултет.
- Одлука за доделување благодарници до компаниите кои помогнаа во изведување на практичната настава за студентите во јуни 2013 година.

- Одлуки за потврдување на рецензентските комисии формирани со Одлука бр.2302-167/6 и 2302-167/7 од 5.12.2012 година.
- Одлуки за студенти Сашо Цветановски и Катерина Цекова.

**<u>Дневен ред од седницата на 9.7.2013 година</u>**

- Усвојување на записникот од претходната седница

1. Донесување Одлука за давање согласност за ангажирање на проф.д-р Татјана Атанасова-Пачемска по Барање бр.07-96/22 од 19.6.2013 година од Воената академија - Скопје, придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Донесување Одлука за давање согласност за ангажирање на доц.д-р Василија Шарац по Барање бр.07-96/25 од 19.6.2013 година од Воената академија - Скопје, придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
3. Донесување Одлука за покриеност на наставата на прв циклус студии на Електротехнички факултет.
4. Разгледување Барање за ангажираност на доц.д-р Сашо Гелев на друг универзитет.
5. Донесување Предлог-одлука по Барање од доц.д-р Сашо Гелев за засметување на времето на избор во наставно-научно звање доцент на друг универзитет.
6. Донесување одлуки за прифаќање на теми за дипломски работи на студенти на Електротехнички факултет.
7. Барање за отсуство за проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска за учество на XI Balcan Conference of Operational Research, Белград – Златибор, 7-12.9.2013 и XL Симпозиум за операциони истражувања во истиот период на Златибор.
8. Барања од вработени.
9. Разно.

**Донесени одлуки:**

- Одлука за давање согласност за ангажирање на проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска по Барање бр.07-96/22 од 19.6.2013 година од Воената академија - Скопје, придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
- Одлука за давање согласност за ангажирање на доц.д-р Василија Шарац по Барање бр.07-96/25 од 19.6.2013 година од Воената академија - Скопје, придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
- Одлука за покриеност на наставата на прв циклус студии на Електротехнички факултет.
- Одлука за ангажираност на доц.д-р Сашо Гелев на друг универзитет.
- Предлог-одлука по Барање од доц.д-р Сашо Гелев за засметување на времето на избор во наставно-научно звање доцент на друг универзитет.
- Одлуки за прифаќање на теми за дипломски работи на студенти на Електротехнички факултет.

- Одлука за отсуство на проф.д-р Татјана Атанасова-Пачемска за учество на XI Balcan Conference of Operational Research, Белград – Златибор.
- Одлука за отсуство на доц.д-р Василија Шарац за Охрид.
- Одлука за отсуство на проф.д-р Влатко Чингоски за Австрија.

**Дневен ред од седницата на 27.8.2013 година**

- Усвојување на записникот од претходната седница

1. Донесување Одлука за верификација на мандат за член на ННС од редот на соработниците.
2. Донесување Одлука за верификација на мандат за член на ННС од редот на студентите.
3. Донесување Одлука за утврдување состав на ННС на факултетот за академската 2013/2014 година.
4. Донесување Одлука за распишување Конкурс за избор на еден наставник во сите звања од наставно-научното подрачје на техничко-технолошките науки, наставно-научното поле регулација и управување со технилошки процеси, наставно-научни области моделирање, симулација и анализа на комплексни контролни системи и техники за контрола и управување на дисконтинуирани и континуирани процеси.
5. Донесување Одлука за распишување Конкурс за избор на еден наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од наставно-научното подрачје на техничко-технолошките науки, наставно-научното поле електроника и автоматика, наставно-научни области интегрирана електроника и електронски компоненти.
6. Предлог за ангажирање на волонтери.
7. Донесување одлуки за прифаќање на теми за дипломски работи на студенти на Електротехнички факултет.
8. Донесување одлуки за ангажирање на хонорарни професори.
9. Барање за отсуство за проф. д-р Стојан Рендевски за реализирање на истражувачки престој при Одделот за фундаментални и применети науки во инженерството, Факултет за индустриско инженерство, Универзитет на Рим, Рим - Италија, 11.09 -10.10.2013 година.
10. Барања од вработени.
11. Барања од студенти.
12. Информации од Ректорска управа.
13. Разно.

**Донесени одлуки:**

- Одлука за верификација на мандат за член на ННС од редот на соработниците.
- Одлука за верификација на мандат за член на ННС од редот на студентите.

- Одлука за утврдување состав на ННС на факултетот за академската 2013/2014 година.
- Одлука за распишување Конкурс за избор на еден наставник во сите звања од наставно-научното подрачје на техничко-технолошките науки, наставно-научното поле регулација и управување со технилошки процеси, наставно-научни области моделирање, симулација и анализа на комплексни контролни системи и техники за контрола и управување на дисконтинуирани и континуирани процеси.
- Одлука за распишување Конкурс за избор на еден наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од наставно-научното подрачје на техничко-технолошките науки, наставно-научното поле електроника и автоматика, наставно-научни области интегрирана електроника и електронски компоненти.
- Предлог за ангажирање на волонтери.
- Одлуки за прифаќање на теми за дипломски работи на студенти на Електротехнички факултет.
- Одлуки за ангажирање на хонорарни професори.
- Одлука за отсуство за проф. д-р Стојан Рендевски за реализирање на истражувачки престој при Одделот за фундаментални и применети науки во инженерството, Факултет за индустриско инженерство, Универзитет на Рим, Рим - Италија.
- Одлуки за ангажирање на проф. д-р Билјана Јолевска-Туневска, доц. д-р Драган Миновски и доц. д-р Александар Туџаров.
- Одлука за усвојување на теми за дипломска/завршна работа.
- Одлуки за студенти Иван Велинов и Ристе Лукаров.

**<u>Дневен ред од седницата на 4.9.2013 година</u>**

- Усвојување на записникот од претходната седница

1. Донесување Одлука за усвојување на План за реализација на пракса.
2. Донесување Одлука за определување на ментори за пракса.
3. Донесување Одлука за покриеност на наставата за втор циклус студии.
4. Разно.

**Донесени одлуки:**

- Одлука за усвојување на План за реализација на пракса.
- Одлука за определување на ментори за пракса.
- Одлука за покриеност на наставата за втор циклус студии.

**<u>Дневен ред од седницата на 19.9.2013 година</u>**

- Усвојување на записникот од претходната седница

1. Донесување Одлука за формирање на рецензензентска комисија по Конкурс од 5.9.2013 година.
2. Донесување Предлог-одлука за ангажирање на доц. д-р Роман Голубовски на ПМФ – Скопје.

3. Донесување Одлука за ангажирање на проф. д-р Томе Џеков.
4. Донесување Одлука за усвојување на теми за дипломска работа/завршен испит.
5. Барања од студенти.
6. Разно.

**Донесени одлуки:**

– Одлука за формирање на рецензензентска комисија по Конкурс од 5.9.2013 година.
– Предлог-одлука за ангажирање на доц. д-р Роман Голубовски на ПМФ – Скопје.
– Одлука за ангажирање на проф. д-р Томе Џеков.
– Одлука за усвојување на теми за дипломска работа/завршен испит.
– Одлуки за студенти Илија Маневски, Никола Стојковски и Душан Хаџи-Василев.

**<u>Дневен ред од седницата на 14.10.2013 година</u>**

– Усвојување на записникот од претходната седница
1. Одлуки по барања од студенти.
2. Разно.

**Донесени одлуки:**

– Одлуки за студенти Ангел Пејев, Игор Палевски, Игор Димов, Ѓорги Ташков, Александар Савевески и Горан Минов.

**Постигнати резултати на студентите по сесии**

**Февруарска прва сесија 2013**

| Вкупно пријавени | О Ц Е Н К А | | | | | | Не се јавиле на испитот | Го положиле испитот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | | |
| 503 | 37 | 181 | 134 | 68 | 49 | 27 | 7 | 459 |
| | 7,36 | 35,98 | 26,64 | 13,52 | 9,74 | 5,37 | 1,39 | 91,25 |

**Февруарска втора сесија 2013**

| Вкупно пријавени | О Ц Е Н К А | | | | | | Не се јавиле на испитот | Го положиле испитот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | | |
| 180 | 27 | 71 | 34 | 14 | 11 | 12 | 11 | 142 |
| | 15 | 39,44 | 28.89 | 7,78 | 6,11 | 6,67 | 6,11 | 48,89 |

**Априлска сесија 2013**

| Вкупно пријавени | О Ц Е Н К А | | | | | | Не се јавиле на испитот | Го положиле испитот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | | |
| 83 | 19 | 41 | 12 | 1 | 2 | 1 | 7 | 459 |
| | 22,89 | 49,4 | 14,46 | 1,2 | 2,41 | 1,2 | 8,43 | 68,67 |

**Јунска прва сесија 2013**

| Вкупно пријавени | О Ц Е Н К А | | | | | | Не се јавиле на испитот | Го положиле испитот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | | |
| 350 | 45 | 119 | 79 | 59 | 20 | 28 | 0 | 305 |
| | 12,86 | 34 | 22,57 | 16,86 | 5,71 | 8 | 0 | 87,14 |

**Јунска втора сесија 2013**

| Вкупно пријавени | О Ц Е Н К А | | | | | | Не се јавиле на испитот | Го положиле испитот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | | |
| 253 | 52 | 106 | 35 | 24 | 20 | 16 | 0 | 201 |
| | 20,55 | 41,9 | 13,83 | 9,49 | 7,91 | 6,32 | 0 | 79,45 |

**Септемвриска сесија 2013**

| Вкупно пријавени | О Ц Е Н К А | | | | | | Не се јавиле на испитот | Го положиле испитот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | | |
| 74 | 31 | 33 | 5 | 2 | 2 | 1 | 7 | 43 |
| | 41,89 | 44,59 | 6,76 | 2,7 | 2,7 | 1,35 | 1,39 | 58,11 |

**Октомвриска сесија 2013**

| Вкупно пријавени | О Ц Е Н К А | | | | | | Не се јавиле на испитот | Го положиле испитот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | | |
| 52 | 17 | 29 | 4 | 1 | 1 | 0 | 7 | 35 |
| | 32,69 | 55,77 | 7,69 | 1,92 | 1,92 | 0 | 1,39 | 67,31 |

## 6. Техничка опременост

Електротехничкиот факултет располага со една компјутерска лабораторија, една лабораторија за мерни инструменти за која опремата е донација од Рудникот „Бучим“ – Радовиш и една лабораторија за електроника и микропроцесорски системи за која опремата е донација од Логин-електроникс, Скопје.

## 1. Име на лабораторија

| Р. бр. | Вид на опрема | Количина |
|---|---|---|
| 1. | Лабораторија за мерни инструменти | 1 |

## 1. Просторни услови

Факултетот располага со три предавални и една компјутерска лабораторија.

Просторните услови на Факултетот се реновирани и санирани.

**Научноистражувачка работа**

Проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска е истражувач во научно-истражувачкиот проект под раководство на д-р Никита Шекутковски, а финансиран од МОН на Р. Македонија.

1. Фондирање на теоријата на облик, 2010-2012 (билатерален проект со Р. Хрватска).

Како експерт од областа на математичкото образование е дел од тимот за реализацијата на проектите:

1. Градење на капацитетите за јазична и математичка писменост за унапредување на резултатите од учењето кај учениците, 2011-2012;
2. Инклузивно образование – изготвување на модули за национална програма и активен учесник во обуките за национални обучувачи за инклузивно образование, 2011 – 2013 г., во организација на Канцеларијата на УНИЦЕФ во Р. Македонија, а во соработка со МОН.

**2. Други активности**

**Учество на научни собири, конференции, семинари, конгреси**

**Трудови од наставници и соработници на Електротехнички факултет**

**Проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска**

1. **Tatjana Atanasova-Pachemska,** Slagana Jakimovik, Sanja Pachemska, *Topological Concepts in Early Childhood and Elementary School Education,* Proceedings of the 6$^{th}$ Balcan Education and Science Congress, Ohrid, Vol. II, p.1015-1021.
2. Sanja Pachemska, Slagana Jakimovik, **Tatjana Atanasova-Pachemska,** *The Efects from Using Program Package Geo Gebra in Thematic Area “Functions, Proportionality” in VII Grade of Eight – Years Elementary School Education,* Proceedings of the 6$^{th}$ Balcan Education and Science Congress, Ohrid, Vol. II, p.1023-1029.

**Проф. д-р Влатко Чингоски**

1. Cvetkovski, Saso, Cingoski, Vlatko and Nikolov, Igor (2013) Развој на хибридна концентрирачка сончева термоелектрана во ТЕ Битола - Дел I. In: 8 Советување - МАКО-СИГРЕ, 22-24 Sept 2013, Ohrid, Macedonia.
2. Cvetkovski, Saso, Cingoski, Vlatko and Nikolov, Igor (2013) Хибридна концентрирачка сончева термоелектрана во ТЕ Битола - Анализа на трошоци и придобивки - Дел II. In: 8 Советување - МАКО-СИГРЕ, 22-24 Sept 2013, Ohrid, Macedonia.

3. Atanasova-Pacemska, Tatjana, Jolevska-Tuneska, Biljana, Cingoski, Vlatko, Lazarova, Limonka, Zlatanovska, Biljana, Miteva, Marija, Kostadinova, Slavica and Vasileva, Liljana (2013) Functional Spaces, Topological and Statistical Aspects and Their Applications in Electrical Engineering. [Project] (In Press).

**Доц. д-р Василија Шарац**

1. V. Sarac, S. Gelev, D. Minovski, G. Stefanov, R. Golubovski " SADA systems in upgrade and Automation of 110/10 kV T.S. Dracevo", Confernece Information Technology, Montenegro, 2013, p.p 53-56.
2. V. Sarac, D. Minovski " Comparative analysis of electricity markets „First international conference for Business, Economics and Finance, Proceeding of ICBEF'12, Stip, R. Macedonia p.p. 315-325.
3. D. Minovski, V. Sarac, G. Bozinovski " Renewable Energy Support in Republic of Macedonia " Proceedings of 4th International Conference Renewable Energy Sources 2013, High Tatras, R. Slovakia, ISBN 978-80-89402-64-9, p.p 1-5 on CD.
4. V. Sarac, T. Atanasova-Pacemska, S. Pacemska, D. Minovski "Impacts of Moodle on Electrical Engineering Courses: Opportunities and Challenges" Proceedings of 5th International Scientific Conference FMNS-2013, Blagoevgrad, R. Bulgaria, p.p. 221-227.
5. V. Sarac, S. Pesic " Application of Matlab/Simulink in Hybrid Stepper Motor Modelling", Proceedings of 5th International Scientific Conference FMNS-2013, Blagoevgrad, R. Bulgaria, p.p. 228-234.
6. V. Sarac, G. Cvetkovski "GA Optimisation and FEM Analysis of PWM Inverter Inductor for LCL Filter", PProceedings of 16th International Symposium on Electromagnetic Fields in Mechatronic, Electrical and Electronic Engineering, Ohrid, 2013, R. Macedonia, on CD p.p. PS2-006-1-7.

**Публикувани трудови на меѓународни списанија**

1. V. Sarac, G. Cvetkovski: "Transient Analysis of Induction Motor using Different Simulation Models", Acta Technica Jaurinensis, ISSN, 1789-6932, Vol.6, No1. 2013.

**Доц. д-р Сашо Гелев**

1. **Sašo Gelev** „UVOĐENJE FAZI LOGIKE U SISTEM UPRAVLJANJA VATROM" 18 naučno stručni skup Informacione tehnologije IT'13 25,02'01.03.2013, Žabljak, Crna Gora.
2. **Sašo Gelev** „ INTELIGENTNA ODEĆA I RAČUNARSKA OPREMA KAO MODNI DETALJ " 18 naučno stručni skup Informacione tehnologije IT'13 25,02'01.03.2013, Žabljak, Crna Gora.

3. Biljana Citkuseva Dimitrovska, **Saso Gelev**, Maja Kukuseva „IMPLEMENTATION OF MODIFIED OSPF PROTOCOL IN NETWORK SIMULATOR“18 naučno stručni skup Informacione tehnologije IT’13 25,02’01.03.2013, Žabljak, Crna Gora.
4. Vasilija Sarac, **Saso Gelev**, Dragan Minovski, Goce Stefanov,Roman Golubovski „SCADA SYSTEMS IN UPGRADE AND AUTOMATISATION OF S.S. 110/10 kV “DRACEVO**”** “18 naučno stručni skup Informacione tehnologije IT’13 25,02’01.03.2013, Žabljak, Crna Gora.
**5.** **Сашо Гелев**, Ристо Христов, Ана Ивановска, „АРХИТЕКТУРА, КОМПОНЕНТИ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА IPTV СЕРВИСОТ“ во зборник на трудови на Третата меѓународна конференција „Промените во глобалното општество“, 6-7 јуни 2013, Скопје.
**6.** **Сашо Гелев**, Ристо Христов, Ана Ивановска, „БЕЗБЕДНОСТ ВО WINDOWS 7“ во зборник на трудови на Третата меѓународна конференција „Промените во глобалното општество“, 6-7 јуни 2013, Скопје
7. Ристо Христов, **Сашо Гелев**, Зорица Каевиќ, „ИНФОРМАЦИСКО-КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ И СПОРТ“ во зборник на трудови на Третата меѓународна конференција „Промените во глобалното општество“, 6-7 јуни 2013, Скопје.
8. Ристо Христов, Зорица Каевиќ, **Сашо Гелев**, Снежана Христова „НОВИ ОБРАЗОВНИ ТЕХНОЛОГИИ ЗА ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ“ во зборник на трудови на Третата меѓународна конференција „Промените во глобалното општество“, 6-7 јуни 2013, Скопје.
9. Елениор Николов, Ивица Цветковски, **Сашо Гелев**, „Моделирање на процесот аа водење евиденција за извршени гаѓања, потрошувачка на муниција и обученост на единиците на АРМ“ во зборник на трудови на XI меѓународна конференција ЕТАИ 2013, 26-28 септември 2013, Охрид, Република Македонија.

**Доц. д-р Роман Голубовски**

1. MULTIPLATFORM DAQ SYNCHRONIZATION TECHNIQUE OF A BIAXIAL SHAKING TABLE FOR STRUCTURAL TESTING. 2. METHODS OF BIOPOTENTIALS SOFTWARE PROCESSING.

**Помлад асс. м-р Биљана Читкушева-Димитровска**

1. Citkuseva Dimitrovska, Biljana and Gelev, Saso and Kukuseva, Maja (2013) *Implementation of modified OSPF protocol in network simulator.* In: Informacione Tehnologije IT ‘13, 25 Feb - 01 March 2013, Zabljak, Crna Gora.
2. Kukuseva, Maja and Citkuseva Dimitrovska, Biljana (2013) *ECDH power consumption in wireless sensor networks*. In: Informacione Tehnologije IT’13, 25 Feb - 01 March 2013, Zabljak, Crna Gora.

**Помлад асс.м-р Маја Кукушева**

1. **Maja Kukuseva**, Biljana Citkuseva Dimitrovska, "ECDH Power Consumption in Wireless Sensor Networks", *Zbornik radova sa XVIII naucno- strucnog skupa Informacione Tehnologije - sadasnost i buducnost, February 2013, Zabjak, Crna Gora*.
2. Biljana Citkuseva Dimitrovska, Saso Gelev, **Maja Kukuseva**, "Implementation of Modified OSPF Protocols in Network Simulator", *Zbornik radova sa XVIII naucno- strucnog skupa Informacione Tehnologije - sadasnost I buducnost, February 2013, Zabjak, Crna Gora*.

## 3. Нови избори на наставнички и соработнички кадар

Избор/реизбор во звања на наставничкот и соработничкиот кадар

| Р. бр. | Име и презиме | Звање | Област | Избор/реизбор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | М-р Билјана Читкушева-Димитровска | Помлад асистент | „Електроте-хника" | избор |
| 2. | М-р Маја Кукушева | Помлад асистент | „Електрон-ски компоне-нти" | избор |

## 4. Награди и признанија

По повод 6 ноември - празникот на Општина Радовиш, на деканката на Електротехнички факултет проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска ѝ е доделена награда - за особен придонес за развојот и унапредувањето на високото образование.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ДЕКАНИТЕ НА ЕДИНИЦИТЕ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

## 1. ВОВЕД

Земјоделскиот факултет како високообразовна установа во состав на државниот Универзитет „Гоце Делчев” од Штип во академската 2012/2013 година наставата за првиот циклус академски студии ја реализира во наставниот центар во Штип во Кампус II за природни, технички и биотехники науки, како и во дисперзираните наставни центри во Струмица, Кавадарци и во Св. Николе. Оваа академска година се запиша шестата генерација студенти на Земјоделскиот факултет.

Студентите од Земјоделскиот факултет, како и од сите други единици, имаат бесплатен пристап до универзитетските изданија на скрипти и учебници публикувани од наставничкиот кадар на е-библиотеката на УГД. Е-библиотеката е достапна за сите корисници во системот на УГД на линкот http://e-biblioteka.ugd.edu.mk. Студентите исто така можат да го користат и богатиот книжен фонд од современа научна и стручна, домашна и странска литература од универзитетската библиотека. Во оваа учебна година Земјоделскиот факултет за своите вработени и студенти обезбеди библиотека со 2.537 наслови од кои повеќето се областа ботаника, но можат да се најдат теми и од ентомологија, фитопатологија, рибарство и анатомија на човекот. Библиотеката е во функција на спомен-соба на проф. Александар Д. Тодоровски од Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола.

За предавањата е обезбедена современа нагледна опрема, која секоја година се подобрува, ЛЦДпроектори и компјутери.Лабораториите се опремени со современа опрема и апаратура за потребните наставни активности и реализирање на практичните лабораториски вежби. Во процесот на студирањето на располагање е најразлична лабораториска опрема: микроскопи, бинокуларни, изолациони комори, дигестори, фитотрони, електронски ваги, комори за ‘ртење на семе, електрофорези, спектрофотометар, соодветен софтвер, хемикалии, стакларија, инструменти, подлоги и др. Современата компјутерска опременост на факултетот овозможува постојан и широк пристап кон потребните информации за студентите и за вработените на факултетот. За поуспешно спроведување на наставниот процес и подобар квалитет при студирањето, факултетот располага и со опитни и производни површини на кои може да се организира теренска настава преку која кандидатите директно на терен можат да се запознаат со одредени процеси и техники кои се предмет на студиските програми.

## 2. ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВАТА ЗА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ

Во академската 2012/2013 година беа запишани вкупно 204 студенти, и тоа распоредени според наставните центри: Штип - 73 студенти, Струмица - 78 студенти, Кавадарци - 32 студенти и Св. Николе - 21 студент.

Земјоделскиот факултет при УГД ја доби целосната доверба кај матурантите, за да го заокружат своето образование и да ја препознаат својата иднина на УГД, за што говори бројот на запишани студенти. За извонредно краток временски период бројот на студенти кои сакаат да го оформат своето образование на Земјоделскиот факултет при УГД значајно расте.

Наставата беше организирана согласно со наставната програма што се одвиваше нормално во сите четири наставни центри, без поголеми тешкотии и проблеми со кои бевме соочени во првите академски години, заради просторни услови и капацитети.

## 3. ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВАТА ЗА ВТОР И ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ

### 3.1. Втор циклус студии

Програмите за вториот циклус, исто така, беа подготвени според принципите на Болоњската декларација и Европскиот кредит-трансфер систем.

На Земјоделскиот факултет во академската 2012/2013 год. на постдипломски студии се запишаа вкупно16студенти на:

**Катедра за заштита на растенијата и животната средина**

Модул: Фитомедицина

4 студенти

**Катедра за преработка и контрола на земјоделските производи**

1 студент

**Катедра за растително производство**

Модул: Пољоделско производство

4 студенти

Модул: Биотехнологија, селекција и семепроизводство

4 студенти

Катедра за прехранбена технологија и преработка на анимални производи

Модул енологија:

2 студенти

**Катедра за лозарство и овоштарство**

Модул: Лозарство

1 студент

Сите постдипломци активно се вклучија во реализацијата на студиските програми по соодветните модули на катедрите на Земјоделскиот факултет.

3.2. **3.2. Трет циклус студии**

Елаборатите за трет циклус студии се концептирани според Законот за високото образование и според принципите на Болоњската декларација и Европскиот кредит-трансфер систем. Траењето на студиите (наведено во елаборатите за акредитација на трет циклус студии) е три години или 180 ЕКТС.

На Земјоделскиот факултет во академската 2012/2013 год. на докторските студии се запишаа вкупно 3 студенти на:

**Катедра за заштита на растенијата и животната средина**

1 студент;

**Катедра за растително производство**

1 студент;

**Катедра за наука на земјиштето и хидрологија**

1 Студент.

4. **СТРУКТУРА (број на вработени - наставници, соработници, административен кадар)**

Во табела 1 се дадени вработените на Земјоделски факултет во редовен работен однос и со договор за ангажирање.

**Табела 1**. Вработени на Земјоделски факултет во редовен работен однос и со договор на ангажирање

| **Презиме и име** | **Звање** | **Во редовен работен однос** | **Со договор за ангажирање** |
|---|---|---|---|
| Каров Илија | редовен професор | да | |
| Митрев Саша | редовен професор | да | |
| Михајлов Љупчо | редовен професор | да | |
| Илиева Верица | редовен професор | да | |
| Колева-Гудева Лилјана | редовен професор | да | |
| Кукутанов Ристе | редовен професор | да | |
| Пресилски Стефче | редовен професор | / | да |

| | | | |
|---|---|---|---|
| СтојановскиМитре | редовен професор | / | да |
| Асенов Мичев Георги | нас. вонреден професор | / | да |
| ТрајчевМетодија | редовен професор | / | да |
| АрсовТошо | доцент | / | да |
| Гулабоски Рубин | вонреден професор | да | |
| Кузелов Ацо | вонреден професор | да | |
| Димитровски Зоран | вонреден професор | да | |
| Димовска Виолета | вонреден професор | да | |
| Спасов Душан | вонреден професор | да | |
| Спасова Драгица | вонреден професор | да | |
| Ѓорѓиевски Милан | вонреден професор | да | |
| Софијанова Еленица | доцент | да | |
| Костадиновиќ-Величковска Сања | доцент | да | |
| Иванова-Петропулос Виолета | доцент | да | |
| Андроников Дарко | доцент | да | |
| Трајкова Фиданка | доцент | да | |
| Илиевски Мите | доцент | да | |
| НасеваДијана | асистент | да | |
| КлетникоскиПетар | асистент | да | |
| Маркова-РуждиќНаталија | асистент | да | |
| ЈовановДалибор | асистент | да | |
| БалабановаБиљана | асистент | да | |
| ИлиеваФиданка | асистент | да | |
| КостадиновскаЕмилија | асистент | да | |
| КовачевиќБилјана | асистент | да | |
| Атанасова Билјана | асистент | да | |
| МомировскиАнтонио | асистент | да | |
| Давитковска-БарбареиваЕлизабета | секретар | да | |
| ЗлатковскиВаско | виш лаборант | да | |
| БиковаАнгела | лаборант | да | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Зајкова-Панова Весна | виш лаборант | да | |
| Тодоровска Елена | лаборант | да | |
| Каракашева Елизабета | виш лаборант | да | |
| Арсова Јулијана | лаборант | да | |
| Боев Иван | референт на студентски прашања | да | |
| Јосифов Иван | референт на студентски прашања | да | |
| Удовалиева Аница | референт на студентски прашања | да | |
| Пенева Емилија | референт на студентски прашања | да | |

5. **КАТЕДРИ**

Според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, организационата структура на Земјоделскиот факултет е поставена со 5 катедри. Од оваа академска година организациони единици – катедри на Земјоделскиот факултет се:

1.1. **1.1 Катедра за заштита на растенијата и животната средина**

Канцеларија за рурален развој

Лабораторија за заштита на растенијата и животната средина:

Во рамките на Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина постојат следниве оддели:

***Оддел за заштита на растенијата***

Одделение за бактериологија и вирологија

Одделение за микологија

Одделение за ентомологија и нематологија

Одделение за хербологија

Одделение за фитофармација

***Оддел за контрола на семе и саден материјал***

***Оддел за животна средина***

Одделение за истражување на животната средина

Одделение за агрохемија и исхрана на растенијата

Одделение за микробиологија на животна средина

1.2. **Катедра за растително производство**

1.3. **Катедра за лозарство и овоштарство**

1.4. **Катедра за прехранбена технологија и контрола на анимални производи**

## 1.5. Катедра за наука на земјиштето и хидрологија

Во склоп на катедрите активно работат горенаведените лаборатории кои се огромна поткрепа за наставниот процес. Преку резултатите од научноистражувачката и апликативната лабораториска работа студентите и наставниот и соработничкиот кадар се во можност да ги проверат, потврдат и докажат своите истражувачки тези.

## 5.1. Катедра за заштита на растенијата и животната средина

Катедрата за заштита на растенијата и животната средина во состав на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип спроведува и има планирано повеќе тековни и идни активности во наведениот период.

Во рамките на првиот циклус студии на Земјоделскиот факултет, на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина се држи настава по предметите дадени во табела 2.

**Табела 2**. Предмети на првиот циклус студии на Земјоделскиот факултет при УГД – Штип

| |
|---|
| Фитопатологија |
| Ентомологија |
| Заштита во градинарството |
| Заштита на виновата лоза |
| Заштита во полјоделството |
| Специјална ентомологија |
| Микологија |
| Бактериологија |
| Вирологија |
| Хербологија |
| Нематологија |
| Фитофармација |
| Анатомија и физиологија на болните растенија |
| Отпорност на растенијата |
| Биолошка заштита |

Покрај тоа, вработените од КЗРЖС се ангажирани и во наставата на вториот циклус студии на Земјоделскиот факултет по следните предмети (табела 3):

**Табела 3.** Предмети на кои вработените од КЗРЖС држат настава на вториот циклус студии на Земјоделскиот факултет при УГД-Штип

| |
|---|
| Фитофармација |
| Анатомија и физиологија на болните растенија |
| Отпорност на растенијата |
| Лабораториска практика 1 |
| Биолошка заштита |
| Лабораториска практика 2 |
| Молекуларна биологија |
| Општа фитопатологија |
| Општа ентомологија |
| Општа херблогија |
| Микологија |
| Вирологија |
| Бактериологија |
| Специјална ентомологија |
| Специјална херблогија |
| Болести и штетници на полјоделските растенија |
| Фитопатологија |
| Заштита на виновата лоза 2 |
| Основи на фитофармацијата |

Освен предвидените програми за редовно одржување на наставниот процес од прв, втор и третциклус студии на Земјоделскиот факултет при УГД - Штип, тековно се спроведуваат и ќе се спроведуваат активностите поврзани со научните и стручно-апликативните проекти, како и други научноистражувачки активности.

**Програма за ангажман на вработените на КЗРЖС во *научноистражувачката работа* на Земјоделскиот факултет**

Во текот на 2012-2013 година наставно-научниот кадар од Катедрата за заштита на растенијата и животната средина, поради активностите кои ги презема во полето на проучувањето на патогените и заштитата на растенијата, ќе има можност за апликација за учество во проекти – како домашни така и меѓународни билатерални проекти.

Преку тековните проектни активности се планира да се направат студиски престои во престижни лаборатории и научноистражувачки центри, со цел да се подигне нивото на обученост на истражувачкиот кадар во лабораторијата.

Исто така, наставничкиот и соработничкиот кадар во наредниот период ќе учествуваат на домашни и меѓународни научни собири од областа на заштитата на растенијата и животната средина, а тоа ќе резултира со објавување на резултатите во домашни или меѓународни списанија.

Научноистражувачкиот интерес на оваа Катедра е насочен кон:

1. Теренски и лабораториски анализи за дијагностика на патогените причинители на болести кај различни земјоделски култури;
2. Воспоставување најсоодветна заштита од истите;
3. Идентификација и детерминација на растителните болести, штетници и плевели;
4. Користење на современи техники и методи за дијагностицирање на присуството на бактерии, габи, вируси и инсекти во растителен материјал и во почва;
5. Изведувањето на соодветни тестови за биолошка и хемиска заштита на растенијата;
6. Научноистражувачки престој на дел од вработените на Катедрата, со цел воведување на нови методи на работа.

Во Катедрата за заштита на растенијата и животната средина наставно-научниот кадар го сочинуваат:

- проф. д-р Саша Митрев - раководител (редовен професор);
- проф. д-р Илија Каров (редовен професор);
- проф. д-р Душан Спасов (вонреден професор);
- м-р Емилија Костадиновска;
- м-р Билјана Ковачевиќ;
- м-р Билјана Атанасова;
- м-р Васко Златковски – лаборант;
- Ангела Бикова – технички секретар.

### 5.1.1. Лабораторија за заштита на растенијата и животната средина

Лабораторија во состав на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина при Земјоделскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во текот на 2013 година продолжи со своите долгогодишни активности – вршење на различни лабораториски испитувања, наменети за подобрување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производството во Република Македонија и зголемување на конкурентноста на домашното земјоделско производство на меѓународно ниво.

За своите долгогодишни клиенти, Лабораторија продолжува со своите анализи:

- агрохемиски анализи на почвата и давање на соодветни препораки за ѓубрење и прихрана на растенијата;
- испитување на присуство макро и микро елементи, тешки метали и

елементи во траги и резидуи од пестициди во различни медиуми, како што се: почвата, водата и растителниот материјал, утврдувањето на активните материи во пестицидите, утврдувањето на застапеноста на хранливите елементи во ѓубривата;
- анализа на квалитетот на семенскиот и садниот материјал, утврдување на генетски модифицирани организми;
- детерминација и идентификација на присуството на болести и штетници кај растенијата и складираните земјоделски производи;
- утврдување на биолошката ефикасност на пестицидите;
- квалитативно и квантитативно определување за присуство на микотоксини во растителните производи.

Во текот на 2013 година, Лабораторијата континуирано ќе продолжи со давање услуги на правни и физички лица за апробација на семенски посеви, различни експертизи, стручни совети, препораки и мислења поврзани со земјоделското производство, преработката и чувањето на земјоделските производи.

**Реализирани активности во 2012-2013 година**

Повеќегодишните перманентни залагања на раководството и вработените во Лабораторијата за унапредување на процесот на работа, преку континуирани вложувања во просторот за работа, опремата, усовршувањето и специјализацијата на персоналот, на почетокот на 2012 година резултираа со акредитација на Лабораторијата од страна на Институтот за акредитација на Република Македонија, според меѓународниот стандард МКС EN ISO/IEC 17025:2006. Со сертификат број ЛТ-028 од 27.1.2012 година Лабораторијата има опсег на акредитација задванаесет методи, и тоа:

**Квалитет на почви**
- Претходна обработка на почвен примерок за физичко-хемиска анализа;
- Метод за растворање на почви и седименти со флуороводородна и перхлорна киселина;
- Одредување pH на почва;
- Одредување на вкупен азот во почва – модифициран метод по Kjeldahl;
- Одредување на леснодостапен фосфор и калиум во почва со ALметодот по Egnér, Riehm, Domingo.

**Квалитет на води**
- Метод за приготвување на природни - површински и подземни и отпадни води за одредување на 33 елементи во води со масена спектрометрија со индуктивно спрегната плазма.

**Квалитет на вода, почва и седименти**

- Одредување на макро, микро и елементи во траги во вода, почва и седименти со масена спектрометрија со индуктивно спрегната плазма.

**Квалитет на семенски материјал**

- Одредување чистота на семе;
- Одредување (детерминација) на други видови семиња во чистото семе;
- Одредување‘ртност на семето;
- Одредување содржина на влага во семето;
- Одредување маса на 1.000 зрна семе.

Притоа, со активностите реализирани во текот на целата година, преку постојаното одржување и подобрување на воспоставениот систем за квалитет,Лабораторијата имаше за цел подобрување на квалитетот и ефикасноста на услугите. Во таа насока раководството продолжи со подобрување на просторните и техничките услови. Со преуредување на просторијата која се користеше само за подготвување на примероците од почва за натамошни испитувања и со преместување на опремата поврзана со тие испитувања се доби функционален простор за комплетно спроведување на испитувањата во истата просторија. Уредена е и посебна просторија каде што физички се издвоени лабораториските хемикалии. Во просторијата за испитување квалитет на семе и саден материјал се вгради нова комора за ‘ртење на семе со неколкукратно поголем капацитет и со можност за посоодветно регулирање на потребните услови. Во поглед на техничкото опремување се набавени и други современи технички средства. Значаен сегмент од активностите на Лабораторијата претставува постојаното усовршување на персоналот преку различни обуки, курсеви и предавања. На планот на усовршувањето на персоналот е и постојаното издвојување и вложување за обезбедување на вработените со соодветна и најсовремена литература.

Како резултат на изнесените определби и заложби лабораторијата ја продолжи соработката со корисниците на услугите. Врз основа на нивни барања се спроведени тестирања за кои навремено е издадена соодветна документација. Обемот на извршените услуги на корисниците е даден во прилог број 1.

Податоците покажуваат намален број испитувани примероци во однос на претходната година. Состојбата е резултат, пред сè, на тоа што корисниците секоја година не вршат анализа на водата што ја користат за наводнување на производните површини и на почвата од истите (особено кај повеќегодишните насади). Земјоделското производство воопшто и производството на семе кај нас и пошироко во регионот во 2012 година се карактеризираше со намалени приноси како резултат на неповолните

климатски услови (мала количина на врнежи и високи температури), што се рефлектира и со намален број на примероци од семе за испитување. Но, намалениот обем на испитувани примероци од семе е резултат и на нееднаквата конкуренција од страна на неакредитирани (овластени) лаборатории кои до крај не се придржуваат на пропишаните правила и прописи, на што реагираа и корисниците на услугите и ресорното министерство.

Во текот на 2013 година ќе продолжи соработката со досегашните корисници, а се планира и проширување на работните активности со други потенцијални корисници во истите и во други области каде што постои можност. Посебен сегмент во работењето ќе претставуваат активностите од областа на испитувањето на ѓубривата, резидуите од пестициди во одделни земјоделски производи, здравствената контрола на истите и земањето на примероци од семе.

**Прилог бр. 1**

**Преглед на извршени тестирања во Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина, во текот на 2012/2013 година**

1. **Вода**

- Определувани параметри: pH, $SO_4^{2-}$, HPK, $Cl^-$, суспендирани материи.

**1 примерок**

Определувани параметри: pH, алкалност, вкупна тврдина, карбонатна тврдина, некарбонатна тврдина, вкупен сув остаток од нефилтрирана вода, вкупен сув остаток од филтрирана вода, суспендирани материи

Al, Sb, As, Cu, Ba, Be, Bi, B, V, Ga, Ge, Fe, Sn, Cd, K, Ca, Co, Li, Mg, Mn, Mo, Na, Ni, Pb, Pd, Ag, Sr, Tl, Ti, Cr, Zn.

- **1 примерок**

Определеувани парамтери: pH, алкалност, $SO_4^{2-}$, $NO_2^-$, $NO_3^-$, $NH_4^+$, вкупна тврдина, вкупен сув остаток од нефилтрирана вода, вкупен сув остаток од филтрирана вода, суспендирани материи,

Sb, As, Cu, Ba, Be, Bi, V, Fe, Cd, K, Ca, Co, Li, Mg, Mn, Mo, Na, Ni, Pb, Ag, Sr, Tl, Ti, Cr, Zn.

- **1 примерок**

Определувани параметри:турбидност, EC, алкалност, pH, $SO_4^{2-}$, $NO_2^-$, $NO_3^-$, $NH_4^+$, вкупна тврдина, карбонатна тврдина, некарбонатна тврдина, вкупен сув остаток од нефилтрирана вода, вкупен сув остаток од филтрирана вода, суспендирани материи, хлориди, ХПК.

- **1 примерок**

Определувани параметри: pH, алкалност, $SO_4^{2-}$, вкупна тврдина, вкупен сув остаток од нефилтрирана вода, вкупен сув остаток од филтрирана вода, суспендирани материи, ХПК, хлориди,

Al, Cu, B, Fe, Cd, K, Ca, Mg, Mn, Mo, Na, Zn, P.

- **1 примерок**

Определувани параметри: $SO_4^{2}NO_3^{-}$, $NO_2^{-}$, $NH_4^{+}$, P, K, Ca, Mg.

- **8 примероци**

Определувани параметри: pH, Ec, $NO_3^{-}$, $NO_2^{-}$, $NH_4^{+}$.

- **2 примероци**

Определувани параметри: pH, суспендирани материи, вкупен сув остаток, видлива боја, ХПК.

- **1 примерок**

Определувани параметри: pH, EC, $SO_4^{2-}$, $NO_3^{-}$, $NO_2^{-}$, $NH_4^{+}$, P, K, Ca, Mg

- **6 примероци**

Определувани параметри: видлива боја, pH, EC, алкалност, $SO_4^{2-}$, $NO_3^{-}$, $NO_2$, $NH_4^{+}$, вкупна тврдина, карбонатна тврдина, некарбонатна тврдина, суспендирани материи, вкупен сув остаток нефилтрирана вода, хлориди, K, Ca, Mg, Na.

- **1 примерок**

Определувани параметри: pH, EC, $SO_4^{2-}$, $NO_3^{-}$, $NO_2^{-}$, $NH_4^{+}$, P, K, Ca, Mg, Mn, Mo, Zn, Cu, B.

- **2 примероци**

Определувани параметри: турбидност, pH, EC, $SO_4^{2-}$, $NO_3^{-}$, $NO_2^{-}$, $NH_4^{+}$, ХПК, хлориди, видлива боја, алкалност, вкупна тврдина, карбонатна тврдина, некарбонатна тврдина, суспендирани материи, вкупен сув остаток нефилтрирана вода,

Al, Sb, As, Cu, Ba, Be, Bi, B, V, Ga, Ge, Fe, Sn, Cd, K, P, Ca, Co, Li, Mg, Mn, Mo, Na, Ni, Pb, Pd, Ag, Sr, Tl, Ti, Cr, Zn.

- **1 примерок**

Определувани параметри: турбидност, pH, EC, $SO_4^{2-}$, $NO_3^{-}$, $NO_2^{-}$, $NH_4^{+}$, ХПК, хлориди, видлива боја, алкалност, вкупна тврдина, карбонатна тврдина, некарбонатна тврдина, суспендирани материи, вкупен сув остаток нефилтрирана вода, Al, Mn, Fe.

- **1 примерок**

Определувани параметри: Флуоресцеин и Na.

- **29 примероци**

Определувани параметри: турбидност, pH, EC, $SO_4^{2-}$, $NO_3^-$, $NO_2^-$, $NH_4^+$, ХПК, хлориди, видлива боја, алкалност, вкупна тврдина, карбонатна тврдина, некарбонатна тврдина, суспендирани материи, вкупен сув остаток нефилтрирана вода, Al, Mn, Fe.

- **2 примероци**

**Вкупно анализирани примероци од вода: 58**

2. **Почви и седименти**

- Определување на вкупна содржина на елементи од пакет со метода на ИСПМС, по растворање на почвата со $HNO_3$+HF+$HClO_4$

Al, Fe, Ca, Mg, Na, K, Ti, Mn, Sr, Ba, Zn, Pb, Cr, Co, Ni, Cd, Cu, As, Li, Rb, Cs, Be, U, Th, V, Mo, Sb, Bi, Ge, Ag, Tl, Sn.

**27 примероци**

- Определување на вкупна содржина на елементи од пакет со метода на ИСПМС, по растворање на почвата со $HNO_3$+HF+$HClO_4$

Al, Fe, Ca, Mg, Na, K, Ti, Mn,P.

**2 примероци**

- Определување на вкупна содржина на елементи од пакет со метода на ИСПМС, по растворање на почвата со HNO3+HF+HClO4

Mg, Fe, Mn, Zn, Pb, Ni, Cd, Cu.

**1 примерок**

- Определување на вкупна содржина на елементи од пакет со метода на ИСПМС, по растворање на почвата со $HNO_3$+HF+$HClO_4$

Al, Fe, Ca, Mg, Na, K, Ti, Mn, Sr, Ba, Zn, Pb, Cr, Co, Ni, Cd, Cu, As, Li, Rb, Cs, U, Th.

**10 примероци**

- Определување на вкупна содржина на елементи од пакет со метода на ИСПМС, по растворање на почвата со $HNO_3$+HF+$HClO_4$

Fe, Zn, Pb, Cr, Cd, As, Bi.

**1 примерок**

- Определување на вкупна содржина на елементи од пакет со метода на ИСПМС, по растворање на почвата со $HNO_3$+HF+$HClO_4$

Fe, Mn, Zn, Pb, Cd, Cu, As.

**6 примероци**

**Вкупно анализирани примероци од почви и седименти: 47**

**3. Растенија**

**-** Определување на вкупна содржина на елементи од пакет со метод на ИСПМС, по растворање на примерокот со $HNO_3$+$H_2O_2$.

**Вкупно анализирани примероци од растенија: 8**

**4. Агрохемиска анализа на почва**

**Вкупно анализирани примероци за агрохемиска анализа на почва: 690**

**5. Квалитет на семенски материјал**

| Р. бр. | Култура | Латинско име | Број на примероци | Килограми/бр. на семиња |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Пченица | *Triticum aestivum* | 132 | 2.650.950 kg |
| 2 | Јачмен | *Hordeum vulgare* | 35 | 612.975 kg |
| 3 | Пролетен јачмен | *Hordeum vulgare* | 3 | 42.200 kg |
| 4 | Тритикале | *Triticosecale* | 3 | 45.000 kg |
| 5 | Пченка | *Zea mays* | 7 | 5.716 kg |
| 6 | Хибридна пченка | *Zea mays* | 7 | 16.359,5 kg |
| 7 | Сончоглед | *Helianthus annuus* | 2 | 27.250 kg |
| 8 | Соја | *Glycine max* | 4 | 15.900 kg |
| 9 | Пиперка | *Capsicum spp.* | 5 | 745 kg |
| 10 | Домат | *Lycopersicon esculentum* | 1 | 409.000 семки |
| 11 | Тиква | *Cucurbita pepo* | 1 | 4900 кг |
| 12 | Лицерка | *Medicago sativa* | 2 | 2.600 kg |
| 13 | Краставица | *Cucumis sativus* | 1 | 158.250 семки |
| 14 | Диња | *Cucumis melo* | 1 | 100 kg |
| 15 | Морков | *Daucus carota* | 1 | 58 kg |
| 16 | Зелка | *Brassica oleracea var. capitata* | 10 | |
| 17 | Кромид | *Allium cepa* | 1 | |
| | | **Вкупно:** | **216** | |

**Извештај за работата на Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина-Одделение за бактериологија и вирологија**

Во изминатата 2012/2013 година стручниот тим од Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина – Одделение за бактериологија

и вирологија, континуирано ја следеше состојбата на терен како кај култивираните растенија - градинарските култури, овошните насади и виновата лоза, така и кај дивата популација на растенија.

Теренските истражувања направени на целата територијата на Република Македонија ја потврдија појавата на патогени причинители на болести кај различни култури, застапени со различен интензитет.

По секоја теренска анализа во лабораторијата беа донесени примероци за анализа, за да се докаже присуството / отсуството на патогени кај испитуваните култури и да се изврши нивна соодветна детерминација.

Теренските анализи на здравствената состојба на виновата лоза беа следени на ниво на целата држава, со посебен осврт на Тиквешкото виногорје, но и на другите поголеми и помали локалитети под лозов насад.

Беше континуирано следено присуство на фитоплазматски и вирусните промени кај различни сорти на винова лоза, но најинтензивно беа следени винските сорти *вранец, црн бургундец, шардоне* и *смедеревка*, кај кои симптомите и економските штети беа најмногу изразени.

Лабораториските техники на изолација и идентификација на фитоплазматски причинители на болести го потврдија присуството на 16SrXII група на фитоплазми – *Bois noir* – столбур (црно дрво), фитоплазма која по својата природа не е карантинска, но тоа не значи дека неможе да предизвика економски штети.

Присуството на вирусите кај новиот саден материјал, како и за прв пат, подетално е испитувано во Одделението за вирологија при Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина. Лабораториски беше потврдено присуство на вирусот на свиткување на листовите кај виновата лоза – *Grapevine leaffroll virus* кој во литература се јавува со досега потврдени 9 соеви, од кои кај нас ги има GLRaV1 и GLRaV3, GVA и GFkV.

Исто така, во Одделението за бактериологија и вирологија, беше следена состојбата со насадите под слива, каде беше потврдено присуство на вирусот на шарка на сливата (*Plum pox viruses*). Овој вирус беше потврден со универзална група на серуми за детекција на вирус на шарка кај сливата (со користење на универзални китови на BIOREBA). Присуството на овој вирус беше забележано кај повеќегодишни насади од слива со следење на состојбата на вирусот почнувајќи од мај до септември. За да се одреди концентрацијата на вирусот за време на латентниот период, во декември од маркирани позитивни овошки на вирусот на шарка на сливата беа собирани заспани пупки и кај нив беше потврдено присуството на вирусот со иста концентација.

Од овошните култури, исто така, беше следена здравствената состојба на крушите и дуњите, и беше забележано присуство на бактериската пламеница кај крушата *Erwinia amylovora*, една од најштетните и економски најзначајни бактериози кај овошките. Од особено значење за одгледување на овошните култури – круша, јаболка, дуња е почетокот во

нашето истражување за појавата на бактериската пламеница и кај дивата популација – дивата круша – *Pyrus pyraster*, која се сметала како отпорна спрема *Erwinia amylovora*.

**Извештај за работата на Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина -Одделение за микологија**

Во периодот 2012 – 2013 година стручниот тим од Одделението за микологија активно ја следеше појавата на микозни заболувања кај земјоделските култури. И оваа година повторно е потврдено присуството на *Macrophomina faseolina*иPhomopsis spp. кај сончогледот, а забележано е присусво и на фитопатогената габа *Rhizopus* spp.

Здравствената состојба на житните култури во околината на Скопје, Куманово, Кочани, Штип, Пробиштип, Свети Николе, Прилеп, Битола и Струмица е следена континуирано во текот на вегетацијата, при што е забележано присуство на веќе утврдени патогени како што се: *Micospherella graminicolla* со анаморфниот стадиум *Septoria tritici*,*Tapesia yallundae*,*Pyrenophora graminea*,*Rhynchosporium secalis*,*Blumeria graminis* и*Pucinia graminis*.

Кај оризотзабележано е присуството на *Giberella fujikuroi* и*Magnaporthae grisea*(анаморф: *Pyricularia grisea* (Cooke) Sacc.), а кај крушата присуството на ‘рѓапредизвикана од фитопатогената габа *Gumnosporangium sabine*.

Исто така, испитувана е здравствената состојба на семенскиот материјал од житни и индустриски култури, како и здравствената состојба на садници од винова лоза и овошни култури од присуство на фитопатогени габи.

**Извештај за работата на Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина - Одделение за фитофармација**

Во Одделението за фитофармација се испитувани резидуи од пестициди во земјоделски производи и водата за наводнување во Струмичкиот регион и тоа во селата:Бориево, Куклиш, Робово, Дабиле, Пиперово, Просениково, Сачево, Добрејци, Струмица, Баница, Моноспитово, Иловица, Еднокуќево, Банско, Муртино и Зубово. Направена е анкета на земјоделските производители за да се добијат информации за најчесто употребуваните пестициди во регионот. Квалитативно и квантитативо се испитувани следниве пестициди: Propiconazole, Pirimicarb, Metribuzine, ʎ-Cyhalothrin, Bifenthrin, Pyrimethanyl, Fenithrotion, Ethofumesate, Penconazole, Tolylfluanid, Triadimenol, Indoxacarb, Bromopropylate, Captan, Chlorpyrifos, Diazinon, Malathion, Terbufos, Pirimiphos-methyl, како и вкупен Lindan.

**Извештај за работата на Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина - Одделение за ентомологија**

Одделението за ентомологија е во состав на Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина. Лабораторија е во два дела, едниот за изведување на наставата (вежби) за студентите од Земјоделскиот факултет. Во другиот дел е сместена опремата за научни истражувања. Во Лабораторијата за ентомологија наменета за научни истражувања се работи на проучување насимптомите предизвикани од штетниците кај културните растенија и нивно распознавање, детерминација на штетниците кои се јавуваат кај различни култури, а пред сè кај градинарските, житните, овошките и виновата лоза. Во лабораториските услови се врши тријажа на материјалот уловен од терен, кој потоа се подготвува за детерминација и за чување во ентомолошки кутии.

Во составот на одделението се проучуваат и основните карактеристики на нематодите. Оваа група на паразити предизвикуваат штети кај земјоделските култури со сличен интензитет како и патогените бактерии и габи, па токму поради тоа проучувањето на оваа група е многу значајна за заокружување на истражувањата во полето на заштитата на растенијата.

**Оддел за контрола на квалитет на храната**

Одделот за контрола на квалитет на храната располага со еден потенциостат Autolab 128 N, еден Palmsense микропотенциостат, микробранова печка, Ранцимат Methrom-инструмент за мерење на стабилноста на маслата, а во постапка е и набавка на дополнителна опрема за анализа на вино, како и автоматски потенциометриски титратор. Главните цели на Одделот за контрола на квалитетот на храната се испитување на квалитативниот и квантитативниот состав на масло и производи од масло, релевантни параметри за квалитетот на виното (содржина на алкохол, содржина на шеќери, содржина на слободни киселини содржина на тешки метали, содржина на атниоксиданти...). Покрај тоа, со помош на електрохемиските инструменти се испитуваат хемиските својства на голем број токсични материи присутни во храната (афлатоксини, гиберилинска киселина), потоа својствата на голем број антиоксиданти (полифеноли, деривати на Coenzyme Q). Притоа, главен акцент се става на идентификација на механизмот на влијание на испитуваните компоненти присутни во храната во човечкиот организам. Многу скоро во рамките на овој оддел ќе биде набавен и високопритисочен течен хроматограф и дополнителна инструментација за анализа на млеко и млечни производи. Овој оддел располага и со микробранова печка, која е во функција на минерализација на органски и неоргански примероци и нивно преведување во раствори, чиј елементарен состав потоа се испитува со помош на атомска спектроскопија. Целата палета на инструментални

методи во Одделот за контрола на квалитетот на храната е во функција на обезбедување на предуслови за проценка на квалитетот на храната.

Во делот за анализа на масла за јадење, активностите беа фокусирани на анализа на следниве параметри:

1. Определување на оксидативна активност на прехранбени масла;
2. Определување на густина на прехранбени масла;
3. Определување на киселински број на прехранбени масла;
4. Определување на јоден број на прехранбени масла;
5. Определување на пероксиден број на прехранбени масла;
6. Определување на алкалност на прехранбени масла.

Во овој оддел, исто така, се изведуваат анализи и контрола на квалитет на вина. Во текот на 2013 година, во Одделот за контрола на квалитет на вина се разработени и воведени следните методи за анализа на вино:

1. Определување на вкупен $SO_2$;
2. Определување на слободен $SO_2$;
3. Определување на вкупни киселини;
4. Определување на редуцирачки шеќери;
5. Определување на вкупни полифеноли;
6. Определување на вкупни антоцијани;
7. Определување на интензитет на боја;
8. Определување на нијанса;
9. pH;
10. Микробиолошка анализа на вино.

Методите 1-5 се оптимизирани со определување на точност, повторливост и мерна неодреденост.

Планирани активности за следната година:

1. Разработка и воведување на метода за определување на алкохол;
2. Разработка и воведување на метода за определување на сув екстракт
3. Разработка и воведување на метода за определување на специфична тежина;
4. Разработка и воведување на метода за определување на испарливи киселини.

Вработените во Одделот за контрола на квалитетот на храната во 2012-2013 година реализираа повеќе престои во странски научни институции од Германија, Романија, Унгарија, Србија, Шпанија, Турција и Бугарија.

## 1.2. Катедра за растително производство

Катедрата за растително производство како организациона единица постои во склоп на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. На оваа катедра во редовен работен однос се вработени тројца редовни професори, двајца вонредни професори, двајца доценти и еден асистент, сите од областа на растителното производство.

Во текот на 2012/2013 година активноста на професорите и асистентите кои припаѓаат во оваа катедра се одвиваа во рамките на предвидените програми за редовно одржување на наставниот процес од прв, втор и трет циклус студии во сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД - Штип.

Освен овие активности, вработените од Катедрата за растително производство се вклучени и во голем број прокети и научноистражувачки активности. Дел од вработените, освен работните обврски кои ги извршуваат во рамките на катедрата, исто така учествуваат и во работата на останатите организациони единици (катедри,лаборатории), како и во органите на управување и одлучување на Земјоделскиот факултет и Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Наставничкиот и соработничкиот кадар од Катедрата зарастително производство во текот на извештајниот период имаше поголем број презентации на домашни и интернационални манифестации и конгреси од областа на растителното производство и биотехнологијата. Од стручната дејност, вработените од Катедрата за растително производство во учебната 2012/2013 година имаат издадено поголем број интерни скрипти за студентите од земјоделските науки. Во поединечните годишни извештаи на професорите и соработничкиот кадар, за извештајниот период, може да се видат нивните активности од областите на издавачката дејност, учество и раководење со проекти, објавени трудови, учество на симпозиуми, конгреси, семинари, работилници, студиски патувања и сл.

Од 2 до 4.12.2012 година, раководителот на катедрата проф. д-р Љупчо Михајлов, воедно и како проект-координатор од Македонија, со асс. м-р Наталија Маркова и м-р Васко Златковски (членови на проектниот тим), во Хисар- Бугарија, учествуваа на завршна работна средба по проект SEE-ERA.NET. Одржан е завршен состанок по проектот SEE-ERA.NET (Plus Joint CallRef. Nr ERA 117/01). Претставени се резултатите од двегодишните истражувања и активностите поврзани со проектот „Влијание на употребата на земјоделските површини врз биодиверизитетот и дистрибуцијата на сините китки (Orobanchaceae) на Балканот“. Партнерите од сите земји-учеснички во проектот предложија да се достави предлог до донаторот за можност од продолжување на проектните активности, бидејќи во досегашното времетраење на проектот се создаде огромна база на корисни податоци за продолжување на истражувањата.Покрај работната активност по однос на овој проект се

одржа и средба со претставници од Институтот по земјоделие во Карнобат. Истите побараа да ја пренесеме нивната заинтересираност за соработка и размена на искуства помеѓу нашите две институции. Како резултат на веќе воспоставената соработка епотпишан договор за заемна соработка меѓу УГД – Земјоделски факултет – Штип и Институтот по земјоделие во Карнобат, кој беше претставуван од нивниот директор д-р Драгомир Волчев од чија страна добивме предлог за воспоставување соработка во размена на искуства, семенски материјал од јачмен и изработка на заеднички научноистражувачки проекти. Во периодот на престој во Хисар се оствarија бројни контакти и предлог-иницијативи за меѓусебна соработка и со останатите присутни, претставници на институции, учесници во овој проект од Србија и од Бугарија.Во периодот од 4.12 до 14.12.2012 г. асс. м-р Наталија Маркова реализираше студиски престој на Катедрата за физиологија на растенијата и молекуларна биологија, Факултет за биологија наПловдискиот универзитет „Паисиј Хилендарски“ воР. Бугарија. Во текот на студискиот престој беше помината обука на тема ISSR методи во молекуларната биологија.

На 29.1.2013 година, во просториите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија во Скопје,проф. д-р Љупчо Михајлов учествуваше на настанот Јавна дискусија за ажурирање на националната стратегија за органско земјоделство за периодот 2013-2020 година.Во оваа пригода тој ги презентирашетекстот, SWOT анализата иакциониот план во делот на образованието и науката, истражувањата и растителното органско производство. Исто така, ги образложи и своите ставови, мислења и предлози од областа на органското земјоделско производство, преку одговори на поставените прашања од страна на присутните. На овој настан присуствуваа заменик-министерот за земјоделство на Република Македонија, висок претставник од ФАО, како и околу педесетина претставници од организации, здруженија на органски фармери и други институции кои на каков било начин се инволвирани во оваа област.

Во периодот од 22 до 24.5.2013 година, проф. д-р Љупчо Михајлов и доц. д-р Фиданка Трајкова учествуваа на работилницата со наслов „Како да се комерцијализираат истражувачките резултати од Западен Балкан”, организирана за сите партнери учесници во проекти по ЕУ програмата SEE.ERA-NET plus. На работилницата учествуваа околу 30 претставници од повеќе земји кои учествувале во проекти од ваков вид.Овој настан го организираа и раководеа претставници од:SEE-ERA.NET PLUS - JERPs (Joint European Research Projects) in the field of AgroFood. Во периодот на престој во Нови Сад беше искористена можноста и за посета на 80. Интернационален земјоделски саем за земјоделство, кој се одржуваше во тие денови.

Во периодот 3-4.6.2013година, во домот на АРМ во Скопје, проф. д-р Љупчо Михајлов и доц. д-р Фиданка Трајкова учествуваа на Информативни денови, во организација на НАТО – Програмата: Наука за мир и безбедност на НАТО. За време на првиот ден се одржа работилница на која присуствуваа претставници на надлежните министерства, институции и универзитетски професори кои имавме проекти во оваа сфера. Притоа, свои излагања имаадиректорот на програмата и уште еден претставник на истата, како и претставниците на националните релевантни тела, кои ги презентирааамакедонските искуства на ова поле. Остварените активности и резултати од веќе спроведениот проект од оваа област „Building of capacity for control of pathogenic outbreaks in Western Balkans" на кој национален координатор од земја-партнер беше проф. д-р Љупчо Михајлов, ги презентираше доц. д-р Фиданка Трајкова.

На Катедрата за растително производство во учебната 2012 – 2013 година на вторциклус студии на модулот Полјоделско производство се запишани 4 кандидати, а на модулот Биотехнологија, генетика и селекција, исто така,имазапишано 4 студенти, кои редовно ги спроведуваат предвидените активности поврзани со студиите од вторциклус. Двајца од нив имаат започнато со полски опити. На 27.12.2013 година кандидатот Тони Митев, од вторциклус студии на Катедрата за растително производство – модул Зрнести и мешункасти култури, под менторство на проф. д-р Љупчо Михајлов, јавно го одбрани магистерскиот труд под наслов „Варирање на компонентите на приносот во зависност од густината на склопот и нивното влијание врз приносот на сојата како втора култура" и се стекна со звање магистер на земјоделски науки – растително производство.

На третциклус студии на модулот Биотехнологија, генетика и селекција 2012-2013 година се запиша еден кандидат. Запишаните кандидати од третциклус од претходните години успешно ги спроведуваат планираните предвидени активности. Кандидатката асс. м-р Наталија Маркова-Руждиќ постави полски опити на два локалитета (Овче Поле и Струмица), заради компаративни полифакторијални испитувања на 37 сорти есенски јачмен. Опитот во 2012-2013 вегетациска година успешно е реализиран и во овој период се работи на статистичка и лабораториска анализа на остварените резултати. Во производната 2013 – 2014 година опитот е повторно поставен (втора година на испитување). Кандидатката на третциклус Оливера Бичиклиски во текот на мај – јуни 2013 година постави полски опит на локалитетот Камник кај Скопје на органски сертифицирана земјоделска обработлива површина. Исто така, и овој полски опит каде што компаративно (органски и конвенционално) се испитуваат шест домашни и странски автохтони сорти пиперка успешно е реализиран и во тек е статистичка и лабораториска обработката на добиените резултати.

Земјоделскиот факултет во чиишто рамки е и Катедрата за растително производство, во текот на септември 2013 година заврши со изготвувањето нанов проект за трет циклус академски универзитетски студии од групата Растително производство, со 2 модула: Полјоделско производство и Биотехнологија, селекција и семепроизводство. Како предложени кандидати за ментори на третциклус студии, за Студиска програма Полјоделско производство се следните професори:

проф. д-р Љупчо Михајлов, редовен професор;

проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, редовен професор;

проф. д-р Верица Илиева, редовен професор;

проф. д-р Драгица Спасова, вонреден професор;

проф. д-р Милан Ѓорѓиевски, вонреден професор;

проф. д-р Душан Спасов, вонреден професор.

За студиската програма Биотехнологија, селекција и семепроизводство:

проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, редовен професор;

проф. д-р Верица Илиева, редовен професор;

проф. д-р Драгица Спасова, вонреден професор;

проф. д-р Илија Каров, редовен професор.

Во тек е постапката за акредитација на овие програми, како од Катедрата за растително производство, така и за програмите од останатите катедри.

Проф. д-р Љупчо Михајлов и во текот на 2013 година учествуваше во спроведување на стручна контрола на семенски посеви. Стручната контрола се изведуваше преку теренски активности со два контролни прегледа во текот на вегетацијата на семенските посеви на пријавените површини во околу 17 земјоделски фирми на територијата на целата држава,регистрирани за семепроизводство. Паралелно со стручните прегледи во овие активности беше вклучен и деканот проф. д-р Илија Каров, кој е одговорен за здравствените прегледи при апробацијата на семенските посеви.

Проф.д-р Верица Илиева и асс. м-р Наталија Маркова-Руждиќ од Катедрата за растително производство активно се вклучени во работата на Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина во рамките на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина – Оддел за квалитет на семе и саден материјал.

Во текот на извештајниот период имаше избор во повисоки звања, од вонреден во редовен професор:проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, од доценти во вонредни професори:проф. д-р Драгица Спасова и проф. д-р Милан Ѓеоргиевски и избор од асистент во доцент на доц. д-р Фиданка Трајкова, сите од Катедрата за растително производство.

Во склоп на наставниот центар во Св. Николе постои просторија во која се монтирани микроскопи, кои се користат за практична работа по повеќе предмети. Во истата оваа просторија се наоѓа и лабораториска опрема (гел електрофореза, микроцентрифуга, PCR апарат и придружна опрема за нив, со потребни реагенси и китови за молекуларни таксономски истражувања) која е добиена од проектот: SEE-ERA.NET PLUS - JERPs (Joint European Research Projects). Во склоп на оваа просторија се наоѓаат и колекции од хербариумски збирки.

Во периодот што следува, активностите на Катедрата за растително производство ќе бидат насочени кон продолжување на предвидените програми за редовно одржување на наставниот процес од прв, втор и трет циклус студии во сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД - Штип. Апликациите со предлог-проекти, по повод различни повици од домашни и странски донатори исто така ќе бидат предмет на редовни активности на вработените во катедрата за растително производство. Значајно е да се нагласи дека од страна на вработените на оваа Катедра, во изминатиот период беше даден посебен акцент и посветено поголемо внимание на спроведувањето на студентската пракса и теренската настава. Овие активности со зголемен интензитет и континуитет, ќе бидат една од редовните обврски на професорите и соработничкиот кадар од катедрата за растително производство, и во периодот што претстои. Ќе продолжат и редовните активности за спроведување на полски и лабораториски истражувања од областа на одржување на сортите земјоделски растенија, како и активностите од областа на селекционирање и хибридизација на растенијата во правец на создавање на нови сорти. Посебен акцент на активностите и истражувањата во следните години ќе биде даден на истражувањата и проектите од областа на органското растително производство и семепроизводство. Во плановите на идните активности на вработените на оваа Катедра е зацртана посета на повеќе меѓународни конференции, симпозиуми и други манифестации, со пријавување и презентирање на трудови од сопствени научни истражувања. Секако дека предизвик на сите професори и соработници ќе биде и објавувањето на нивни трудови во престижни научни списанија.

Во склоп на Катедрата за растително производство функционира Лабораторијата за биотехнологија. Лабораторијата за биотехнологија заедно со Лабораторијата за култура на растителни ткива, главно, е фокусирана на новите техники за оплеменување и молекуларна селекција на земјоделски култури. Лабораторијата претежно работи на техниките на ин витро манипулација или микропропагација, што значи размножување и клонирање на растителен материјал во лабораториски услови. Во рамките на оваа Лабораторија постои *Ген банка*, којапоради големото значење на месните сорти и популации, како и на интродуцираните сорти

во генетиката и селекцијата на земјоделските растенија, неопходно е да се изврши нивно колекционирање, зачувување и одржување. Банката на гени кај земјоделските растенија е од непроценливо значење за земјоделското производство со тоа што семенскиот материјал соодветно се колекционира, проучува, одржува, умножува и чува во соодветните комори на банката на гени.

### 1.1. Катедра за лозарство и овоштарство

Во учебната 2012/2013 година, вработените од Катедрата за лозарство и овоштарство беа ангажирани во редовните активности во наставно-образовниотпроцес на сите четири дисперзирани центри, во составот на Земјоделскиот факултет при УГД - Штип во првиот и вториот циклус студии. Притоа, наставничкиот кадар од Катедрата за лозарство и овоштарство имаше неколку презентации на интернационални манифестации и конгреси од областа на лозарството. Проф.д-р Виолета Димовска учествуваше со свои презентации на неколку симпозиуми и конгреси во Бугарија,Србија, Хрватска и Босна и Херцеговина.

Покрај овие активности, вработените од Катедрата за лозарство и овоштарство беа активно вклучени и во реализацијата на практичната работа на студентите од модулот Лозарство од првиот циклус студии.

Од научноистражувачката работа, вработените на Катедрата за лозарство и овоштарство при Земјоделскиот факултет публикуваа значаен број публикации, од кои еден труд е публикуван во списанија со импакт фактор, еден во меѓунардони списанија и четири труда во зборници од меѓународни научни собири (конгреси, симпозиуми).

### 1.2. Катедра за прехранбена технологија и преработка на анимални производи

Во учебната 2012/2013 година вработените од Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи, покрај редовните активности во наставно-образовниот процес на сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД - Штип во првиот, вториот и третиот циклус студии, беа активно вклучени и во голем број проекти и научноистражувачки активности. Наставничкиот и соработничкиот кадар од Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи имаше поголем број презентации на интернационални манифестации и конгреси од областа на прехранбената технологија и преработката на анимални производи. Доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос учествуваше со свои презентации на неколку конгреси и симпозиуми во Романија, Босна и Херцеговина, Унгарија, Србија и Македонија, проф. д-р Ацо Кузелов учествуваше на меѓународни конгреси и симпозиуми од областа на преработката на

анимални производи кои се одржаа во Бугарија, како и еднонеделен престој на Универзитетот за прехранбени технологии на Катедрата за технологија на месото и рибата во Пловдив, Р. Бугарија, по програмата Еразмус од 25.3.2013 до 30.3.2013 година, каде што одржа пет часа предавање на студентите од четврта година (околу 70 студенти) кои го слушаат предметот Месо и преработки од месо. Доц. д-р Дарко Андроников и асс. м-р Дијана Насева учествуваа на Меѓународен симпозиум во Србија, доц. д-р Сања Костадиновиќ-Величковска учествуваше на научни конгреси и семинари во Македонија и во Романија. Асс. м-р Фиданка Илиева учествуваше на два конгреса во Бугарија и еден во Хрватска. Доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос реализираше повеќе студиски престои во странство, на реномирани универзитети во Германија, Словачка, Австрија и во Унгарија. Доц. д-р Сања Костадиновиќ-Величковска имаше два студиски престоја на реномирани универзитети во Романија и во Германија, а асс. м-р Фиданка Илиева имаше еден студиски престој на Универзитетот за хранителни технологии во Пловдив, Р. Бугарија. Вработените од Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи беа активно вклучени и во реализацијата на практичната работа на студентите од првиот и вториот циклус студии. Освен тоа, проф. Ацо Кузелов и доц. д-р Дарко Андроников изведуваше настава и на Факултетот за туризам и бизнис логистика, доц. д-р Виолета Иванова Петропулос на Факултетот за природни и технички науки, Технолошко-технички факултет и Факултетот за медицински науки. Доц. д-р Сања Костадиновска Величковска изведуваше настава и на Факултетот за медицински науки.

На катедрата во текот на оваа година за доценти се избрани Дарко Андроников (технологија на анимални производи) и Сања Костадиновиќ Величковска(прехранбено инженерство) и насловен вонреден професор Ѓорѓи Мичев (прехранбена технологија).

Од научноистражувачката работа, вработените на Катедрата за прехранбена технлогија и преработка на анимални производи при Земјоделскиот факултет публикуваа значаен број публикации, од кои 9 трудови се публикувани во списанија со импакт фактор, а поголем број трудови се публикувани во влијателни домашни и меѓународни списанија.

### 1.3. Катедра за наука за земјиштето и хидрологија

Во учебната 2012/2013 година, вработените од Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија покрај редовните активности во наставно-образовниот процес на сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип во првиот, вториот и третиот циклус студии беа активно вклучени и во голем број научноистражувачки активности. Притоа, наставничкиот и соработничкиот кадар од Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија

имаше поголем број на презентации на интернационални манифестации и конгреси од областа на агроекономијата, земјоделската механизација, хемијата и биохемијата. Проф. д-р Еленица Софијанова учествуваше со свои презентации на неколку конгреси во Бугарија, Србија, Словенија и Босна и Херцеговина, проф. д-р Зоран Димитровски зеде учество со свои трудови на конгреси во Бугарија и во Србија, додека проф. д-р Ристе Кукутанов присуствуваше на Саемот за земјоделска механизација во Нови Сад, Р. Србија.

Од соработничкиот кадар, асс. м-р Биљана Балабанова, асс. м-р Далибор Јованов и асс. м-р Петар Клетникоски учествуваа со свои трудови на меѓународна научна конференција за наука за храна, техника и технологија во Пловдив, Р. Бугарија. Покрај овие активности, вработените од Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија беа активно вклучени и во реализацијата на практичната работа на студентите од првиот и вториот циклус студии. Освен тоа, проф. д-р Рубин Гулабоски, доц. д-р Еленица Софијанова и асс. м-р Биљана Балабанова изведуваа настава и на Факултетот за медицински науки и на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ -Штип. Вработените од Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија се активни учесници и во Акредитираната лабораторија за заштита на растенијата и околината, при што проф. д-р Рубин Гулабоски и асс. м-р Биљана Балабанова директно се вклучени во почвените анализи, агрохемиските анализи и анализите на водите.

Од стручната дејност, вработените од Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија во учебната 2012/2013 година имаат издадено поголем број скрипти, учебници и монографии: Агрохемија и исхрана на растенија (учебник – УГД, Штип) од проф. Д-р Рубин Гулабоски; in Electrochemical Dictionary (Springer) od проф. Д-р Рубин Гулабоски; Машини и опрема во земјоделското производство (рецензирана скрипта – УГД - Штип) од проф. д-р Зоран Димитровски; Characteristics of Vertisols From Štip, Probištip and O. Pole Valleys (монографија – Lambert Academic Publishing) од асс. м-р Далибор Јованов.

Од научноистражувачката работа, вработените на Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија при Земјоделскиот факултет публикуваа значаен број публикации, од кои три труда се публикувани во списанија со импакт фактор, а поголем број трудови се публикувани во влијателни домашни или меѓународни списанија.

## 5. ИЗВЕШТАИ ОД ОДРЖАНИТЕ СЕДНИЦИ НА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ СОВЕТИ

Во академската 2012/2013 година на Земјоделски факултет се одржани вкупно **20 седници** на Наставно-научениот совет (од 71-та седница од 8.10 2012 год. до 90-та седница одржана на 13.9.2013 год.).

Активностите на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет (ННС) се приложени како точки од дневниот ред и донесени одлуки на сите одржани седници во следните потточки од оваа поглавје на извештајот.

## 5.1. Одржани седници со дневен ред

***Дневен ред на 71. седница на ННС одржана на 8.10.2012год.:***

- Усвојување на записник од 70. седница на Наставно-научен совет

1. Донесување Одлука за избор во звање вонреден професор за наставно-научната област ентомологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
2. Донесување Одлука за одобрување на Барање за формирање на Рецензентска комисија за учебникот „Производство, обработка и преработка на месо“ од проф. д-р Ацо Кузелов, со дел. бр. 1505-6/48 од 5.10.2012 г.;
3. Донесување Одлука за спроведување на испити по предметите Производство на вино и Практична работа во производство на вино, кои се слушаат на студиската програма Енологија во Кавадарци;
4. Барања од студенти.

***Дневен ред на 72. седница на ННС одржана на 16.10.2012год.***

1. Донесување Одлука за започнување на постапка за избор на визитинг професор за предметот Педологија и почвен менаџмент на Земјоделски факултет;
2. Донесување Одлука за формирање Рецензентска комисија за избор на визитинг професор по предметот Педологија и почвен менаџмент во состав: проф. д-р Блажо Боев - претседател, проф. д-р Рубин Гулабоски - член и проф. д-р Илија Каров - член;
3. Донесување Одлука за одобрување на Барање за активирање на студии со дел.бр. 1505-20/8 од 10.10.2012 г. од студент Ристе Станојски.

***Дневен ред на 73. седница на ННС одржана на 22.10.2012год.:***

- Усвојување на записник од 72. седница на Наставно-научен совет

1. Разгледување на годишен извештај и донесување Одлука за усвојување на годишен извештај за работата на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, во академската 2011/2012 година;
2. Донесување Одлука за утврдување на кандидати јавени по Конкурс за избор на еден асистент за научната област фитопатологија на Земјоделски факултет, објавен на 5.10.2012 година во дневниот

весник „Дневник“ и „Лајм“;
3. Донесување Одлука за формирање на Рецензентска комисија за изготвување на извештај за кандидати јавени по Конкурс за избор на еден асистент за научната област фитопатологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, објавен на 5.10.2012 година во дневниот весник „Дневник“ и „Лајм“;
4. Донесување Одлука за одобрување на Барање за формирање на Комисија за оценка на магистерски труд од кандидатката Билјана Радевска-Митевска;
5. Донесување Одлука за одобрување на Барање за формирање на Комисија за оценка на магистерски труд од кандидатот Ѓеорѓе Дедејски;
6. Донесување Одлука за усвојување на Рецензија на ракописот за скрипта „Селекција и семепроизводство“ од авторот доц. д-р Драгица Сапасова, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, излезена во „Универзитетски билтен“ број 90;
7. Донесување Одлука за одобрување на Барање за избор на рецензенти за Рецензија на скрипта по предметот „Сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос со дел. број. 1505-6/50 од 19.10.2012 г.;
8. Донесување Одлука за одобрување на Барање за избор на рецензенти за Рецензија на практикум по предметот Сензорна и аналитичка евалуација на вино од доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос со дел. број. 1505-6/51 од 19.10.2012 г.;
9. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство со дел. број. 1505-6/49 од 19.10.2012 г.;
10. Донесување Одлука за одобрување на Барање отсуство со дел. број. 1505-6/52 од 19.10.2012 г.
11. Донесување Одлука за одобрување на Барање отсуство со дел. број. 1505-6/53 од 22.10.2012 г.
12. Донесување Одлука за одобрување на Барање отсуство со дел. број. 1505-6/54 од 22.10.2012 г.
13. Донесување Одлука за усвојување на годишен план и програма за издавачка дејност на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
14. Донесување Одлука за формирање на Комисија за проверка на познавањето на македонски јазик на странски студенти запишани на Земјоделски факултет;
15. Разгледување на Барања од студенти.

***Дневен ред на 74. седница на ННС одржана на 12.11.2012год.:***

1. Донесување на Одлука за прием на кандидати на втор циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

***Дневен ред на 75. седница на ННС одржана на 15.11.2012год.:***

- Усвојување на записници од 73. и 74. седница на Наставно-научен совет

1. Донесување Предлог-одлука за ангажирање на визитинг професор д-р Јовица Васин на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
2. Донесување Одлука за одобрување на Барање за формирање на Комисија за оценка на магистерски труд од Тони Митев;
3. Донесување Одлука за усвојување на Планот за набавка за потребите на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип за 2012-2013 година;
4. Донесување Одлука за формирање Комисија за спроведување на испит по предметот Производство на вино, кој се слуша на студиските програми Енологија и Лозарство во Квадарци, а за кој е ангажиран проф. д-р Георги Мичев;
5. Донесување Одлука за одобрување на пријава за наслов на тема за магистерски труд од кандидат Аља Асановска;
6. Донесување Одлука за одобрување на Барање за префрлување од редовен во вонреден студент на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, со дел. бр. 1505-17/35 од 1.11.2012 г. (Лазов Златко);
7. Донесување Одлука за одобрување на Барање за префрлување од Факултет за медицински науки, насока Оптометрија и очна оптика на Земјоделски факултет, насока енологија во Кавадарци при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, со дел. бр. 1505-14/8 од 22.10.2012 г. (Ѓорги Ташулов);
8. Донесување Одлука за одобрување на Барање за префрлување од Факултет за медицински науки, насока Оптометрија и очна оптика, на Земјоделски факултет, насока енологија во Кавадарци, при Универзитет „Гоце Делчев” Штип, со дел. бр. 1505-14/8 од 22.10.2012 г.; (Благица Ташулова);
9. Донесување Одлука за одобрување на Барање за признавање на испити, со дел. бр. 1505-17/34 од 26.10.2012 г.; (Даниел Петрушевски);
10. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство, со дел. бр. 1505-6/56 од 07.11.2012 г.; (асс. д-р Сања Костадиновиќ-Величковска);
11. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство, со дел. бр. 1505-6/58 од 08.11.2012 г.; (асс. м-р Билјана Ковачевиќ);
12. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство, со дел. бр. 1505-6/59 од 08.11.2012 г.; (проф. д-р Љупчо Михајлов, м-р Васко Златковскии, асс. м-р Наталија Маркова);
13. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство, со дел. бр. 1505-6/60 од12.11.2012 г.; (проф. д-р Лилјана Колева-Гудева);
14. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство,

со дел. бр. 1505-6/61 од 12.11.2012 г.; (асс. м-р Наталија Маркова);

15. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство, со дел. бр. 1505-6/62 од 13.11.2012 г.; (доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос);

16. Утврдување на еден претставник на студентите на Земјоделски факултет за член на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет предложен од Студентскиот парламент при Универзитет „Годе Делчев” - Штип;

17. Донесување Одлука за усвојување на Рецензија од Комисија за оценка на магистерскиот труд од Ѓорѓе Дедејски;

18. Донесување Одлука за фомирање на Комисија за одбрана на магистерски труд на Ѓорѓе Дедејски;

19. Донесување Одлука за одржување на вежби по предметот Агроекологија, кој се слуша во прв семестар (зимски семестар) наместо асс. м-р Фиданка Трајкова во вторник да ги покрива асс. м-р Петар Клетникоски во градовите Штип и Св. Николе;

20. Донесување Одлука за одржување на вежби по предметот Ѓубриња и плодност на почвите кој се слуша во петти семестар (зимски семестар) наместо асс. м-р Фиданка Трајкова во среда да ги покрива асс. м-р Дијана Насева во градовите Штип и Св. Николе;

21. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство, со дел. бр. 1505-6/63 од 15.11.2012 г.; (проф. д-р Илија Каров и асс. м-р Билјана Ковечевиќ);

22. Донесување Одлука за одобрување на Барање за префрлување од редовен во вонреден студент на Земјоделски факултет - Струмица при Универзитет „Гоце Делчев” Штип; (Сања Манева).

23. Донесување Одлука за Усвојување на годишен извештај по проект „Дијагностицирање, контрола и заштита од фитоплазмите – причинители на болести кај виновата лоза и околната вегетација”, под раководство на проф. д-р Саша Митрев.

***Дневен ред на 76. седница на ННС одржана на 16.12.2012 год.:***

- Усвојување на записник од 75. седница на Наставно-научен совет

1. Донесување Одлука за покриеност на настава на прв циклус студии за летен (парен) семестар за учебната 2012/2013 година;
2. Донесување Одлука за покриеност на настава на втор циклус студии за летен (парен) семестар за учебната 2012/2013 година;
3. Донесување Одлука за усвојување на Рецензија на ракописот за учебникот „Агрохемија и исхрана на растенијата“ од авторот Рубин Гулабовски, вонреден професор на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делечев“ - Штип;
4. Донесување Одлука за утврдување на кандидати по Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научното поле/област: преработка на анимални производи – (1 извршител);

5. Донесување Одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научното поле/област: преработка на анимални производи – (1 извршител);

6. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство, со дел. бр. 1505-6/64 од 3.12.2012 г.; (проф. д-р Рубин Гулабоски);

7. Донесување Одлука за усвојување на Барање за префрлување од една на друга студиска програма (Никола Ајтарски);

8. Донесување Одлука за усвојување на Програма за работа на катедри при Земјоделски факултет за 2012 – 2013 година;

9. Донесување Одлука за одобрување на Барање за признавање на испити, со дел. бр. 1505-17/37 од 23.11.2012 г. (Трајче Црвенов);

10. Донесување Одлука за усвојување на Пријава на наслов на тема за магистерски труд од Ѓоко Ѓорчески;

11. Донесување Одлука за формирање Комисија за одбрана на магистерски труд - Тони Митев;

12. Донесување Одлука за усвојување на Извештај од Комисија за оценка и одбрана на магистерски труд - Тони Митев;

13. Донесување Одлука за активирање на студии - Емилија Ѓуровска;

14. Донесување Предлог - одлука за издавање и одредување на редакциски тела на меѓународно списание на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;

15. Донесување Одлука за формирање на заедничка студиска програма Рурален туризам за прв циклус на универзитетски академски студии на Земјоделски факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика.

***Дневен ред на 77. седница на ННС одржана на 25.12.2012 год.:***

- Усвојување на записник од 76. седница на Наставно-научен совет

1. Донесување Одлука за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научното поле/област преработка на анимални производи на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;

2. Донесување Одлука за избор на еден соработник во звање асистент за научната област фитопатологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;

3. Донесување Одлука за избор на помлад асистент/асистент за научната област микробиологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;

4. Донесување Одлука за усвојување на Рецензија на ракописот со наслов „Сензорна и аналитичка евалуација на вино" од авторот доц. д-р Виолета Иванова – Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип (барање со дел. број 1505-6/68 од 18.12.2012 г.);

5. Донесување Одлука за усвојување на Предлог - распоред за парни

(летни) семестри за учебната 2012-2013 година на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип;

6. Донесување Одлука за усвојување на конкретните активности на ФРВ за 2012 година на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип;

7. Донесување Одлука за усвојување на Рецензија на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино” од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип (Барање со дел. број 1505-6/68 од 18.12.2012 г.);

8. Донесување Одлука за усвојување на Рецензија на ракописот „Производство, преработка и обработка на месо” од проф. д-р Ацо Кузелов, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” Штип (Барање со дел. број 1505-6/69 од 18.12.2012 г.);

9. Донесување Одлука за одобрување на Барање за признавање на испити, со дел. бр. 1505-17/38 од 17.12.2012 г. (Васе Анакиев);

10. Донесување Одлука за одобрување на Барање за признавање на испити, со дел. бр. 1505-17/39 од 17.12.2012 г. (Дејан Анакиев);

11. Разгледување на Известување од Комисијата за оценка на магистерски труд од Билјана Радеска-Митевска;

12. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство со дел. број 1505-6/70 од 19.12.2012 г. (асс. м-р Билјана Ковачевиќ);

13. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство со дел. број 1505-6/71 од 21.12.2012 г. (асс. м-р Сања Костадиновиќ-Величковска);

14. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство со дел. број 1505-6/72 од 21.12.2012 г. (проф. д-р Верица Илиева);

15. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство со дел. број 1505-6/73 од 24.12.2012 г. (асс. м-р Биљана Балабанова);

16. Донесување Одлука за изменување и дополнување на Одлука за покриеност на наставата и ангажираност на наставничкиот и соработничкиот кадар за прв циклус универзитетски академски студии за летен семестар во учебната 2012/2013 година на Земјоделски факултет.

***Дневен ред на 78. седница на ННС одржана на 24.1.2013 год.:***

- Усвојување на записник од 77. седница на Наставно-научен совет

1. Донесување Предлог - одлука за ископување на бунар и за длабочината на бунарот за обезбедување вода за факултетот во наставен центар Амзабегово – Свети Николе;

2. Донесување Одлука за префрлување од една на друга студиска програма во рамки на единицата - Евгенија Петковска.

***Дневен ред на 79. седница на ННС одржана на 5.2.2013год.:***

- Усвојување на записник од 78. седница на Наставно-научен совет

1. Донесување на Одлука за ангажирање на наставник за потребите на Земјоделски факултет за прв и втор циклус универзитетски академски студии за летен семестар во учебната 2012/2013 година од Факултет за биотехнички науки при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола (проф. д-р Стефче Пресилски);
2. Донесување на Одлука за ангажирање на наставник за потребите на Земјоделски факултет за прв и втор циклус универзитетски академски студии за летен семестар во учебната 2012/2013 година од Факултет за биотехнички науки при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола (проф. д-р Митре Стојановски);
3. Донесување Одлука за ангажирање на наставник за потребите на Земјоделски факултет за прв циклус универзитетски академски студии за летен семестар во учебната 2012/2013 година од Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје (проф. д-р Методија Трајчев);
4. Донесување Одлука за ангажирање на наставник за потребите на Земјоделски факултет за прв и втор циклус универзитетски академски студии за летен семестар во учебната 2012/2013 година како стручњак од практиката (д-р Георги Мичев);
5. Донесување Одлука за определување на бројот на членови на Наставно - научен совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
6. Донесување Одлука за одобрување на Барање бр. 1505-2/2 од 1.2.2013 година за отсуство за патување (асс. м-р Билјана Атанасова).

***Дневен ред на 80. седница на ННС одржана на 14.2.2013 год.:***

- Усвојување на записник од 79. седница на Наставно-научен совет

1. Донесување Одлука за утврдување на кандидати јавени по Конкурс за избор на Наставник во сите звања за наставно - научната област растителна екологија и фитоценологија на Земјоделски факултет, објавен на 11.1.2013 година во дневниот весник „Дневник” ;
2. Донесување Одлука за формирање на Рецензентска комисија за изготвување на извештај за кандидати јавени по Конкурс за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област растителна екологија и фитоценологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, објавен на 11.1.2013 година во дневниот весник „Дневник”;
3. Донесување Одлука за ангажираност на наставници по предметот Спорт и рекреација за зимски семестар во учебната 2012/2013 година на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип (Сашко Калеов во Кавадарци и Виктор Буџаков во Струмица);
4. Донесување Одлука за определување на бројот на студенти кои

ќе се запишуваат на прв, втор и трет циклус универзитетски академски студии во учебната 2013/2014 година на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;

5. Донесување Одлука за усвојување на Извештај од Рецензентска комисија за магистерски труд за кандидат Билјана Радеска - Митевска, студент на втор циклус студии на Земјоделски факултет приУниверзитет „Гоце Делчев” - Штип;

6. Донесување Одлука за одбивање на Барање бр. 1505-20/9 од 27.12.2012 година за прекин на студиите (Елена Милошева);

7. Донесување Одлука за одобрување на Барање бр. 1505-14/1 од 29.1.2013 година за префрлување од Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип (Емил Димитров);

8. Донесување Одлука за одобрување на Барање за признавање на испити (Емил Димитров);

9. Донесување Одлука за одбивање на Барање бр. 1505-16/1 од 4.2.2013 година за префрлување од Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип (Анѓел Стојчевски);

10. Донесување Одлука за одобрување на Барање бр. 1505-23/1 од 24.1.2013 година за промена на статус од редовен во вонреден (Панде Бошкова);

11. Донесување Одлука за одобрување на Барање бр. 1505-23/2 од 24.1.2013 година за промена на статус од редовен во вонреден (Александар Шалев);

12. Донесување Одлука за одбивање на Барање бр. 1505-22/1 од 24.1.2013 година за ставање на студиите во мирување (Дијана Коцева);

13. Донесување Одлука за одобрување на Барање бр. 1505-17/3 од 6.2.2013 година за признавање на испити (Дејан Паунов);

14. Донесување Одлука за усвојување на Иницијатива бр. 1505-2/1 од 23.1.2013 година за поднесување на предлог - проект за прекугранична соработка за опремување на објект на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;

15. Донесување Одлука за одобрување на Барање бр. 1505-2/3 од 13.2.2013 година за финансирање на научноистражуваки проект (проф. д-р Саша Митрев);

16. Донесување Одлука за одобрување на Барање бр. 1505-2/4 од 14.2.2013 година за мобилност во Еразмус програмата за времетраење од еден семестар во академската 2012/2013 година (асс. м-р Емилија Костадиновска);

17. Донесување Одлука за одобрување на Барање бр. 1505-2/5 од 14.2.2013 година за мобилност во Еразмус програмата за времетраење од една седмица во академската 2012/2013 година (доц. д-р Ацо Кузелов);

18. Донесување Одлука за ангажирање на професори од Земјоделски факултет на Воена академија „Генерал Михајло Апостолски”

- Скопје.

19. Донесување Одлука за одобрување на Барање бр. 1505-2/6 од 14.2.2013 година (проф. д-р Илија Каров);
20. Донесување Одлука за одобрување на Барање бр. 1505-2/7 од 14.2.2013 година (доц. д-р Еленица Софијанова);
21. Донесување Одлука за ангажирање на професори од Земјоделски факултет на Факултетот за мадицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип;
22. Донесување Одлука за одобрување на Барање бр. 1505-2/8 од 14.2.2013 година за научноистражуваки проект (проф. д-р проф. д-р Лилјана Колева-Гудева);
23. Донесување Одлука за одобрување на Барање бр. 1505-2/9 од 14.2.2013 година за мобилност во Еразмус програмата за време траење од еден семестар во академската 2012/2013 година (асс. м-р Наталија Маркова);
24. Донесување Одлука за одобрување на Барање бр. 1505-17/1 од 1.2.2013 година за признавање на испити (Елизабета Бојаџиска);
25. Донесување Одлука за одобрување на Барање бр. 1505-14/2 од 05.02.2013 година за префрлување (Миле Панов);
26. Донесување Одлука за одобрување на Барање бр. 1505-17/2 од 5.2.2013 година за признавање на испити (Миле Панов);
27. Донесување Одлука за одобрување на Барање бр. 1505-2/10 од 14.2.2013 година за финансирање на научноистражуваки проект (проф. д-р Рубин Гулабоски);
28. Донесување Одлука за одобрување на Барање бр. 1505-2/11 од 14.2.2013 година за финансирање на научноистражувачки проект (Доц. д-р Виолета Иванова - Петропулос);
29. Донесување Одлука за формирање на Комисија за спроведување на постапка за одземање на диплома на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
30. Донесување Одлука за одобрување на преноќевање на визитинг професор - д-р Јовица Васин.

***Дневен ред на 81. седница на ННС одржана на 22.2.2013 год.:***

16. ДонесувањеПредлог-одлуказаодземањенадипломазазавршен втор циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

***Дневен ред на 82. седница на ННС одржана на 22.3.2013 год.:***

- Усвојување на записник од 81. седница на Наставно - научен совет

1. Донесување Одлука за распишување Конкурс за избор на еден соработник во звање асистент за научната област фитопатологија;
2. Донесување Одлука за распишување Конкурс за избор на еден

соработник во звање асистент за научната област ентомологија;

3. Донесување Одлука за распишување Конкурс за избор на наставник во сите звања за наставно - научната област прехранбено инженерство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип;

4. Донесување Одлука за распишување Конкурс за избор на наставник во насловно звање за наставно - научната област прехранбено инженерство, за предметите: Производство на вино и Практична работа во винарска визба, на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип;

5. Донесување Одлука за ангажирање на м-р Менсур како асистент - стручњак од практиката од областа ветеринарна медицина на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип;

6. Донесување Одлука за прифаќање на Рецензија на ракописот за скриптата „Интегрално производство на индустриски и фуражни култури” од авторот доц. д-р Мите Илиевски, објавена во Универзитетски билтен број 96 од 15 февруари 2013 година;

7. Донесување Одлука за одобрување на Барање за признавање на испити бр. 1505-17/4 од 6.3.2013 година (Живка Николова);

8. Донесување Одлука за одобрување на Барање за признавање на испити бр. 1505-17/5 од 21.03.2013 година (Зоран Севдински);

9. Донесување Одлука за одобрување на Барање за издавање на скрипта и формирање на рецензентска комисија за оценка на скриптата бр. 1505-2/14 од 21.3.2013 година (доц. д-р Зоран Димитровски);

10. Донесување Одлука за формирање на работна група за реализација на практична работа на студентите од Земјоделски факултет;

11. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство бр. 1505-2/17 од 21.3.2013 година (доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос);

12. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство бр. 1505-2/14 од 20.3.2013 година (проф. д-р Рубин Гулабоски);

13. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство бр. 1505-2/12 од 4.3.2013 година (лаборант Елена Тодоровска);

14. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство бр. 1505-2/18 од 22.3.2013 година (проф. д-р Илија Каров, асс. Фиданка Илиева);

15. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство бр. 1505-2/19 од 22.3.2013 година (проф. д-р Верица Илиева, лаборант Елена Тодоровска).

***Дневен ред на 83. седница на ННС одржана на 23.4.2013 год.:***

- Усвојување на записник од 82. седница на Наставно - научен совет

1. Донесување Одлука за промена на бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус студии на Земјоделски факултет во академската 2013/2014 година, објавена во Службен весник на Република Македонија бр.58 од 19 април 2013 г.

2. Донесување Одлука за одобрување на отсуство по Барање бр. 1505-2/22 од 23.4.2013 г. од асс.м-р Петар Клетникоски.

***Дневен ред на 84. седница на ННС одржана на 13.5.2013 год.:***

- Усвојување на записник од 83. седница на Наставно - научен совет

1. Донесување Одлука за утврдување на пријавени кандидати за избор на еден наставник во сите звања за наставно - научната област прехранбено инженерство по Конкурс објавен во дневниот весник „Дневник“ и „Лајм“ на 30.4.2013 година;
2. Донесување Одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно - научната област прехранбено инженерство;
